# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПш ТИНА РАДОВИш

| Службен гласник на опШтина РадовиШ Излегува по потреба | Понеделник Ноември 2025 година Број 25/2025 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
| --- | --- | --- |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за давање на согласност за оттуѓување на отпадни предмети, дадени на користење на ООУ "Крсте Петков Мисирков" Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање на согласност за оттуѓување на отпадни предмети, дадени на користење на ООУ "Крсте Петков Мисирков" Радовиш, бр.08-1557/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број09-1557/2 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност за оттуѓување на отпадни предмети, дадени на користење на ООУ "Крсте Петков Мисирков" Радовиш**

**член 1**

Се давање на согласност за оттуѓување на отпадни предмети, дадени на користење на ООУ "Крсте Петков Мисирков" Радовиш, согласно Барање бр. 08-40/53 од 29.09.2025 година и Решение за изрекување на Опомена од Сектор за инспекциски надзор во општина Радовиш бр. 03-73/2 од 24.09.2025 година,

Барањето се составен дел од одлуката.

**член 2**

Се задолжува училиштето да ангажира овластен проценител за движни ствари, доколку вредноста на отпадните предмети надминуваат вредност 0 (нула).

**член 3**

Одлуката влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1557/1Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш ГоцеРединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за давање согласност на Одлука за промена на работно време во ОНБ „Браќа Миладиновци" Радовиш од времен карактер за грејна сезона 2025/2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање согласност на Одлука за промена на работно време во ОНБ „Браќа Миладиновци" Радовиш од времен карактер за грејна сезона 2025/2026 година , бр.08-1558/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1558/2 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за давање согласност на Одлука за промена на работно време во ОНБ „Браќа Миладиновци" Радовиш од времен карактер за грејна сезона 2025/2026 година

I. Се дава согласност на одлуката за промена на работно време во ОНБ „Браќа Миладиновци" Радовиш од времен карактер за грејна сезона 2025/2026 година донесена од Управен одбор на ОНБ „Браќа Миладиновци" Радовиш бр.02-123/6 од 03.12.2025 година.

II. Одлуката влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1558/1Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на Програма за работата на ОНБ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" РАДОВИШ за 2026 година и Програма за работата на ОНБ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" РАДОВИШ за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Програма за работата на ОНБ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" РАДОВИШ за 2026 година бр.08-1559/1 и Програма за работата на ОНБ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" РАДОВИШ за 2026 година , бр.08-1559/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1559/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 14 од Закон за библиотекарите („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**
**ЗА 2026 ГОДИНА НА**
**ОНБ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ"**
**РАДОВИШ**

## Вовед

Начинот на организациската поставеност на денешните библиотеки во глобалниот свет на информации е дел од големата слика на развојот на човековата мисла и потреба од акумулација на достапните знаења. Во тоа светло современите библиотеки не се пасивен отпечаток на опкружувањето, тие се живи, динамични институции, производители на новите услуги и вредности. За наполно да одговорат кон потребите на т.н. „пазар на знаења", потребно е, со целосна компетенција на библиотечната струка, јасно дефинирање на начините и методите за унапредување на библиотечните услуги кои ќе ги предвидат новите ситуации во развојот на општеството на знаење. Имајќи ја во предвид општествената мисија на библиотеките која се менуваше сообразно со потребите на времето, произлегува дека освен грижата за чување на културната наследство, библиотеките имаат важна улога во општествениот развој и промовирање на етички и морални вредности. Не случајно развој на публика (audience development) е една од клучните области на интерес во областа на култура и централна тема во програмот на Европската унија за поддршка на проектите од областа на култура.

**Општинска народна библиотека „Браќа Миладиновци" Радовиш - мултифункционален граѓанско - информативен центар**

Основната цел на Општинска народна библиотека „Браќа Миладиновци" – Радовиш како мултифункционална културна установа е задоволување на индивидуалните и колективни потреби на граѓаните на Општините Радовиш и Конче во сферата на нивната образовно-културна надградба и активности. Просторно флексибилна и иновативна во понудените програми, библиотеката е поставена пред предизвикот на организација и складирање на огромен број библиотечната граѓа, на се позахтевни репозиториуми, навики и хобија на населението. Во рамките на своите можности, на заинтересираните корисници им отвора пат до информациски ресурси како основ за стекнување на новите знаења, формирање на сопствено мислење и оспособување за активна партиципација во општеството. Граѓаните од најразлични возрасти, а пред се членовите на библиотеката, своите културни и духовни потреби поврзани со книгата, и во 2026 година ќе ги остваруваат преку користењето на најразлични услуги на библиотеката и информирањето почнувајќи од користење на бројниот и разновиден книжен фонд,

промоциите на книги и непосредните средби со автори на книги, традиционалниот продажен саем на книги од повеќе познати издавачки куќи, разните трибини, работилници, предавања, користење на електронските извори за комуникација и слично.

Во поглед на услугите и можностите кои библиотеката ги нуди на најразличние категории на услуги секако не треба да се изоставаат и можностите што им се нудат на корисниците преку постоечката информатичка технологија со која располага библиотеката како што се можностите за користење на: интернет, печатење, скенирање, копирање и слично, со што се зголемуваат можностите на корисниците за доаѓање до најразлични информации, а посебно преку можностите за електронско поврзување низ светот, пристапот до фондовите на Европската библиотека, изнаоѓање на потребната литература преку КОБИС системот за обработка на библиотечниот фонд, обезбедување на потребната литература, користењето на посебно уредената читална, можностите за подолг престој во библиотеката и слично.

## МИСИЈА, ВИЗИЈА, ВРЕДНОСТИ

### Мисија

Нашата мисија е спој на традиционалното и модерно библиотечно работење со што на своите членови им овозможуваме поврзување со светот на информации преку креативни програми кои вклучуваат пристап до современо конципиран библиотечен материјал, решавање на информативно-комуникациски проблеми, давање поддршка на процесите на учење како поттик за подобрување на животот и развој на потенцијалите на поединецот и општеството.

### Визија

Мултимедијална библиотека: модерен информативен и едукативен центар, место на знаење, социјална чувствителност, меѓугенерациска солидарност

### Вредности (Што ни е важно?)

- Стручно оспособен, креативен и мотивиран библиотечен кадар кој генерира позитивен и пријателски пристап кон корисникот.
- Кориснички ориентирани програми за сите возрасти со вградување на вредности на билингвизам и мултилингвизам, и градење на релаксирани меѓуетнички односи во заедницата.
- Опремување на Библиотеката со техничко информациски ресурси кои целосно ги задоволуваат потребите на заедницата.
- Воспоставување на квалитетен физички и виртуелен пристап кон библиотечните фондови без оглед на различни категории на нејзините членови.

ОНБ „Браќа Миладиновци“ Радовиш, во своето работење ги почитува принципите и документите на УНЕСКО и ИФЛА, особено Манифестот за јавни библиотеки, според кој, библиотеката е општопознат културен центар на Радовиш, привлечно место за работа, игра и дружење, место за поддржување на образованието на корисниците од сите возрасти, им

овозможува на корисниците информација за фондот во библиотеката но и во другите библиотеки преку електронскиот каталог, поттикнува користење на мрежни извори и услуги, особено обликување и одржување на веб страната на Библиотеката.

*Правни и финансиски рамки*

Одговорност за јавната библиотека имаат локалните и национални власти. Таа мора да биде поддржана со посебни правни прописи и правила и финансирана од локалните и национални власти.

Библиотеката мора да биде суштинска компонента на секоја долгорочна стратегија за развој во областа на културата, обезбедување на информации, описменување и образование.

*Манифестот за јавни библиотеки на ИФЛА И УНЕСКО*

## ПРОГРАМСКО РАЗВОЈНИ АКТИВНОСТИ

### 1. Просторно прашање

Во рамките на повеќе децениското работење на библиотеката, истата од страна на посетителите и соработниците беше препознаена како јавен простор за следење на различни видови културни настани и случувања, што е потврдено и со фактот дека во библиотеката редовно се одржуваат бројни културни и едукативни програми за сите возрасни и образовно-социјални групи на граѓани.

Меѓутоа, треба да се истакне дека библиотеката во изминатите 20 години има рапиден раст на библиотечен фонд, број на членови и посетители, како и воведување на нови услуги, што проблемот со просторното прашање се повеќе го актуелизира. Исто така околу 40% од стариот фонд се наоѓа во поранешните простории на Радио Радовиш (горниот кат над библиотеката).Оттука се наметнува и потребата од посебна сала (или повеќе) за такви програми, поради соодветно сместување на заинтересираните посетители, како и избегнување на нарушувања во работата на Одделот за позајмување и катчето за читање на дневен печат. Особено како круцијален проблем во работата на библиотеката преставува сместувањето на библиотечниот фонд.

### 2. Набавка на книжен фонд

Збогатувањето на книжниот фонд во библиотеката и во 2026 година останува приоритет во остварување на основната функција на библиотеката. При изготувањето на планот за набавка на книги се води сметка за моменталната состојба на книжниот фонд, како и предвидените стандарди за јавните библиотеки во РСМ. Имајќи во предвид дека профилот на корисниците ги детерминира идните планови за набавка библиотечна граѓа, за квалитетно функционирање на сегментите поврзани со набавка ќе се направи:

- соодветна анализа на постојниот библиотечен фонд, како и изготвување на анкетни прашалници за потребите на корисниците во однос на бараната библиотечна граѓа,
- набавка на списанија од земја и странство,
- континуирана евалуација и следење на библиотечниот фонд,
- набавка на библиотечна граѓа наменета за лица со попреченост,
- набавка на книжен фонд на повеќе јазици во зависност од интересот на корисниците.

### 3. Автоматизација на библиотечните процеси

Стручната обработка на книжниот фонд во библиотеката со примена на меѓународните стандарди пропишани за оваа намена веќе е поставена на високо ниво соодветно на современите светски текови во библиотекарството. Библиотеката во процесот на автоматизација на библиотечните процеси се приклучи во 2006 година и учествува во взаемна база на податоци попозната како COBISS.MK.

Платформата COBISS овозможи online достапност на библиотечната граѓа која во библиотеката се обработува во одделот за каталогизација.
Во почетокот на 2024 година во нашата библиотека се активира сегментот COBISS 3 - зајмување кој има особено значење за корисниците на библиотеката и новиот сегмент COBISS 3-Набавка, со што ќе се комплетира процесот на автоматизација во библиотеката. Со оглед дека автоматизација е во постојан подем со развојот на технологијата, во идниот период планираме:

- постојана надоградба и следење за набавка на нов хардвер и софтвер како дел од нови решенија во библиотечното работење,
- замена на стара техничка опрема,
- обуки за вработените како дел од стручно професионално усовршување
- стимулирање за користење на отворени бази на податоци,
- дигитализација на библиотечниот материјал,
- обезбедување на финансиска поддршка на обуки, семинари итн.

Со ова, се очекува зголемување на бројката на автоматско обработени библиотечни едници и воспоставување на постапката за електронско издавање на обработениот книжен фонд во библиотеката, со што ќе се овозможи поедноставна и побрза пристапност на корисниците до потребната литература.

**Во сегментот на ИКТ опрема се планира набавка на:**

- набавка на информатичка опрема ( е-читачи, 1 лаптоп, 1 десктоп компјутер,1 access point, 3 Д принтер (како и надградба со понова верзија на оперативниот систем Windows).

Во рамките на ова, до крајот на 2025 година ќе се заврши и процесот на ревизија на библиотечниот фонд во библиотеката, кој како законска обврска започна во 2018 година.
Потребните финасиски средства за ваквите активности како и досега целосно се покриваат од расположивите средства за тековно работење на библиотеката.

### 4. Популаризација на книгата

За да ја задржи актуелноста на своите програми и активности библиотеката мора внимателно да ги следи барањата на своите корисници, програми во другите средини кои се слични по своите можности, како и најновите трендови во библиотечното работење. Библиотеката во рамките на своите просторни, финансиски и кадровски можности во 2026 година планира да ги унапреди програмите во интерактивни, креативни и мултимедијални промотивни активности. Се повеќе Библиотеката ќе спроведува културни, образовни и анимациски програми и проекти за деца и млади поврзани со промоција и популаризација на книги, читање и писменост на традиционални и нови медиуми. Специфичноста е што овие

програми нема да се случуваат само во зградата на библиотеката, туку и пред библиотеката, на главниот градски плоштад (под чадори во летните месеци) и во Градскиот парк. Библиотеката ќе ја користи предноста на нејзината локација - центарот на градот, а за некои активности ќе се користи и главниот градски плоштад, каде што е највисока зачестеноста на граѓаните. Големо внимание ќе биде посветено на квалитетот на овие програми и соработката со бројни институции и здруженија на граѓани во градот. Програмите ќе бидат класифицирани по возраста, како и по групата каде припаѓаат и тоа:

### 4.1. Програми за деца и тин (teen) генерација

> Секое дете има право целосно да ги развива своите потенцијали, има право на слободен пристап до информации, материјали и програми со подеднакви услови за сите, без оглед на возрастаполот и етничката припадност.
> *Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето*

Соодветно на тоа, оваа програма поддржува рано учење, семејно учење и доживотно учење. Во таа насока ќе се спроведат следните активности:

- промотивни програми за читање во најраната возраст (бебешки програми) и работа со родители,
- бесплатно зачленување и популаризација на сликовници за најраната возраст
- едукативни работилници и предавања (Фестивал на сликовници)
- фамилијарни програми („Да читаме заедно“)
- одбележување на Светскиот ден на книгата на детето (Ноќ со Андрсен)
- воведување на иновативни библиотечни програми и сервиси креирани од самите деца
- организација на креативни и едукативни работилници (изработка на мартинки),
- воведување на т.н. гејмификација во библиотеки (учење по пат на игра)
- изработка на едукативни содржини поставени како апликации на мобилен телефон
- музички манифестации поврзани со литература (средби со писатели, промоција на книги...и др. )
- програми со волонтери и студенти
- програми за цртање
- клуб на читатели
- Формирање на библиотекарска секција со ученици од основните општински училишта
- организација на активности надвор од библиотека (т.н. концепт на библиотека без ѕидови)

### 4.2. Програми за различни категории на возрасни читатели

- воведување на дебатни и клубови на читатели
- мултимедијални промоции на најчитани автори
- едукативни работилници и предавања поврзани со информациска писменост на возрасни

- воведување на нови содржини поврзани со концептот за „хортикултурни е-библиотеки“
- Кариерно образование - работилници поврзани со определени вештини (пишување на CV, уредување, кроење, цртање, режија на кратки филмови, ракотворби, итн.)
- програмите кои популаризираат интерактивен однос на корисникот и библиотекарот.

### 4.3. Културно - анимациска програма

Посебна важност во редовната работа на библиотеката претставуваат културно-анимациските активности кои библиотеката ги обезбедува преку промоција на книгата и пишаниот збор во текот на целата година и со посебен акцент на манифестацијата Месец на книгата кога на ниво на цела Македонија јавните библиотеки во периодот од 15.10 до 15.11 преку разни програми се вклучуваат во одбележувањето на месецот на книгата. Библиотеката традиционално го организира Есенскиот саем на книга со учество на реномирани издавачки куќи во Р.С. Македонија.
Значаен настан на овој план секако ќе биде и традиционалното поетско читање и трибина во рамките на манифестација „Караманови поетски средби” кој се организира во соработка со Центарот за култура „Ацо Караманов” – Радовиш, а под покровителство на Општина Радовиш.
Конкретно пак, популаризацијата на книгата во 2026 година се планира да се реализира преку следниве форми:

- Редовна набавка на атрактивни наслови од белетристика, набавка на лектирни изданија и сликовници со нивна промоција пред соодветната читателска публика,
- промоции на книги и преставување на автори,
- литературни поетски читања,саем на книги,
- трибини,изложби,
- посети на библиотеката од ученици и деца од предшколска возраст и слично.

Како и претходните години, планираме да одбележиме значајни датуми меѓу кои:

- 21 февруари - Меѓународен ден на мајчин јазик,
- 20 март - Светски ден на поезијата,
- 2 април - Меѓународен ден за литература за деца,
- 23 април - Светски ден на книгата и авторските права,
- 9 мај - Ден на Европа,
- 26 септември - Европски ден на јазиците,
- 1-5 октомври - Светски недела на детето (5 Октомври – Светски ден на наставниците),
- 15 октомври – 15 ноември.

## 5. Роднокрајно творештво

Афирмацијата и популаризацијата на роднокрајното творештво, како и досега, заради немањето на посебно вработени лица во овој оддел, и во 2026 година оваа активност во рамките на можностите ќе биде спроведена од страна на моментално вработените лица во библиотеката.

Приоритет во активностите околу роднокрајното творештво ќе биде изготвувањето на Монографија за библиотеката, а по повод 68 години

постоење на истата. Во рамките на ова, се планира да се продолжи со прибирање и чување на пишаните документи кои ќе и бидат понудени на библиотеката.Тука, пред се, спаѓа прибирањето на научни трудови од научни работници по потекло од радовишко, но и прифаќање и чување на раритетни научни трудови од македонско и странско потекло што на библитеката би ги донирале лица кои сметаат дека ОНБ „Браќа Миладиновци" – Радовиш е местото каде истите ќе најдат катче за нивно трајно зачувување за што ќе може да се отпочне и со дигитализација на ваквиот книжен фонд.

Сето ова во многу ќе зависи и од решавањето на проблемот со недостатокот од простор, кој доколку се реши, се планира соодветно и на видно место да се сместат и одредени наслови од битно значење за идентитетот на македонскиот јазик и нација што досега библиотеката ги поседува во своја сопственост.

Во зависност од просторните услови, поврзана е и реализацијата на поранешната идеја за отварање на роднокрајно катче на поетот Ацо Караманов во кое би биле сместени сите негови ракописи, факсимили, фотографии и книги, а реализацијата и финасирањето на потребните трошоци за овој проект би требало да оди во соработка со ЕЛС на Општина Радовиш, МАНУ и Министерството за култура.

## 6.Едукација на библиотечен кадар и вработувања

Бројот, составот и нивото на стручна наобразба на постоечкиот кадар во библиотеката и во 2026 година ќе претставува потреба за негово понатамошно усовршување и едукација. Вработените се планира да учествуваат на професионални семинари, особено во врска со обуката Кобис. Исто така, секоја година оваа база на податоци се ажурира така што е неопходно постојана професионална обука и подобрување на вештините и капацитетите на вработените.

За едукација на високообразованиот кадар во библиотеката, пред се, се планира спроведување на редовно понудените обуки од страна на НУБ „Свети Климент Охридски" од Скопје кои се во насока на обучување на вработените за стручно библиотечно работење како и обуки за работа според програмата КОБИС, а планирани се и обуки за вработените во Одделот за позајмување и услуги каде треба да се воведе систем на електронско издавање и примање на библиотечниот материјал преку Сегмент COBISS 3 позајмица, за што веќе има обезбедено соодветна опрема.

Кога станува збор за обука на библиотечен кадар, и во 2026 година библиотеката стои на располање за овозможување на стручна помош на библиотекарите во училишните библиотеки во Општините Радовиш и Конче.

**Покрај едукацијата на постоечкиот библиотечен кадар, во 2026 година планирани е едно вработувања, на работно место хигиеничар.**

Поради зголемениот број на корисници, оддржување на работилници, предавања кои се доста посетени, посета на деца од основните училишта и децата од ЈОУГД „Ацо Караманов" и зголемен број на вработени, библиотеката има потреба од хигиеничар кој секојдневно ќе се грижи за оддржување на хигиената во просториите.

Исто така библиотеката има потреба и од вработување на правник, за непречено

извршување на правните и законски обврски поврзани со секојденвното работење на институцијата.

Потребните средства не се прикажани како посебни програми туку се во рамките на редовната дејност на библиотеката преку трошоци за службени патувања, семинари и котизација. Предвидените средства ќе им овозможат на нашите вработени присуство на обуки за стручно усовршување, Годишно собрание на БЗМ, состаноци и обуки кои ги организира Здружение за развој и иновации на библиотеки Инова Либ - Радовиш, други конференции и обуки кои се од значење за развој на библиотечната дејност, а средствата за новите вработувања се обезбедени од Министерствата за Култура и за финансии во форма на дотации за 2026 година.

**7.Работа со корисници**

Предлагаме во текот на месец јануари и февруари да се преземат интензивни активности што ќе привлечат што е можно повеќе членови од различни категории. Во однос на зголемување на бројот на корисници предлагаме:

- Организирање на колективно запишување, како и други активности што треба да ги организираат вработените во Одделението за позајмување и услуга. Во таа насока се планираат следните активности:

  - *Бесплатно запишување ќе имаат лица со посебни потреби, социјално загрозена категорија на граѓани, а ние мислиме на болни лица;*
  - *На Меѓународниот ден на книгата, 23 април 2026 година, планираме намалена цена на членарината со програма за одбележување на овој значаен ден;.*
  - *На Меѓународниот ден на семејството, 15.05.2026 година, ќе има промотивна цена за запишување, што ќе има корисен ефект врз буџетот на многу семејства;*
  - *Со бесплатна зачленување и книга, ќе ги наградиме нашите најверни и најистакнати членови на Библиотеката, како и сите истакнати учесници на нашите програми;*

- Следење на трендот (во согласност со нашите можности) обезбедувајќи разновидна и современа содржина за да се привлечат што повеќе тинејџери.
- Зголемување на бројот на наслови при што ќе се води сметка за задоволување на категоријата тинејџери.
- За да се се презентира фондот до корисниците и да циркулира што поголем дел од фондот, потребно ќе се опреми еден агол во кој ќе бидат изложени најновите наслови и кои ќе се ажурираат секојдневно. Критериумите за избор на овие книги може да варираат, од тековните теми до бојата на насловната страница

**8. Одржување и градежно-технички зафати**

**во библиотеката**

Врз основа на укажаните потреби со тековното работење како и видливите технички недостатоци во библиотеката, на планот на градежно-техничките зафати, и во 2026 година се планирани одредени активности.

Како и во претходните неколку години наназад, приоритет ќе биде обезбедувањето на можности и услови за просторно проширување на библиотеката од причина што со постоечкиот простор библиотеката веќе не може нормално да функционира.

Тука ги планираме следните активности:

- Реконструкција и преадаптација на горниот кат над библиотеката за потребите на истата,
- промена на дел од синтелонот во библиотеката,
- вградување на вентилационен систем во санитарните јазли за службените лица во библиотеката,
- Преуредување на подната површина во двете канцеларии.

За овие активности за одржување и градежно-технички зафати пред се во внатрешноста на библиотеката, потребните средства ќе бидат тековно определувани, а ќе се обезбедат од сопствените жиро сметки за сопствени извори, дотации и донации.

Потребните средства за градежно техничките зафати и опремување на ентериерот се планира да се обезбедат од Министерство за култура, општина Радовиш, донаторски средства, и средства од сопствени извори.

**9. Затоплување на објектот**

Врз основа на потребите за затоплување на просториите во библиотеката во текот на грејната сезона и соочувајќи се со голем финансиски проблем за високи сметки за потрошена енергија, библиотеката планира( во консултација со стручни лица) проблемот да го реши на следниот начин:

- Вградување на топлотна пумпа

По консултација со стручни лица се очекува сметките за потрошена електрична енергија да се намалат за околу 40%.

**ФИНАСОВ ПЛАН ЗА БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНСКА НАРОДНА БИБЛИОТЕКА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ"– РАДОВИШ ЗА 2026 ГОДИНА**

Во плановите за 2026 година за библиотечна дејност како и за други планирани активности на Општинска народна библиотека „Браќа Миладиновци" - Радовиш преку приходи од дотации, самофинансирачки активности, донации и остаток на средства од претходна година се планира да бидат остварени средства во висина од околу **8.094.173,00.**

**ПРИХОДИ**

1. **Министерството за култура преку буџетот на Единицата на локална самоуправа на Општина Радовиш дотации во вкупна висина од ................................ 7.194.173,00**

   А). Министерството за култура преку буџетот на Единицата на локална самоуправа на Општина Радовиш дотации за **плати** и надоместоци како и придонеси по разни основи ........................................................ **5.694.173,00**
   Б). Министерството за култура преку буџетот на Единицата на локална самоуправа на Општина Радовиш дотации за
   Наменски потреби ....................................................... **1,500,000,00**

2. **Од сопствени приходи ......................................... 500.000,00**

А). Самофинансирачките приходи се планира да се остварат по следниве основи:

- Од членарина на корисниците и интернет ..........................................................**300.000,00**
- Од фотокопирање и скенирање ..............................................................................**50.000,00**
- Од издавање на простор во библиотеката ........................................................**100.000,00**
- Од издавање на опрема во библиотеката ..........................................................**50.000,00**

**3. Од Буџет на Општина Радовиш .................................................. 400.000,00**

**РАСХОДИ**

**Со предвидените финасиски средства од сметките за дотации, самофинансирање и донации, меѓу другото, планирано е да се финансираат следниве позначајни активности:**

- Патни и дневни расходи .................................................. **140.000,00**
- Комунални услуги, греење, комуникации ............................... **939.500,00**
- Канцел. материјал, списанија, ситен инвентар, сред. за хигиена и др........ **313,000,00**
- Поправки и тековно одржување ................................................................ **178,400,00**
- Договорни услуги ................................................... **274,500,00**
- Други тековни расходи (членарини, семинари и обуки, репрезент. ...............**174.000,00**
- Разни трансфери ....................................................... 30**.600,00**
- Купување на опрема и машини....................................... 1**40.000,00**
- Купување на книги ................................................................ **210.000,00**

**-----------------**

**ВКУПНО: 2,400,000,00**

Надвор од овие средства по точките 1,2,3 и 4, во смисла на дополнителен прилив на средства на сметките на библиотеката ќе има со започнувањето на 2025 година односно со распределбата на вишокот на средства што би останале од работењето во 2024 година како и евентуални грантови на проекти со кои има аплицирано библиотеката за 2025 година до Министерството за култура, кои според предвидените проектни активности ќе бидат соодветно распределени на потребните ставки на сметките за дотации, донации и сопствени финансиски извори и приходи со ребаланс на буџетот.

**Начинот на трошење на планираните финансиски средства за 2025 година по ставки е даден во прилог на финансиските планови за расходи на три сметки на библиотеката и тоа:**

1. Табеларен финасов план за намирување на обврски за 2025 годиназа средства од сметка за дотации број**7580109261 903 11**
2. Табеларен финасов план за намирување на обврски за 2025 година за средства од сметка за самофинансирачки активности број**7580109261 787 17**
3. Табеларен финасов план за намирување на обврски за 2025 година за средства од сметка за донации број **7580109261 603 10**

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1559/2Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 14 од Закон за библиотекарите („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на Програма за работата на
ОНБ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" РАДОВИШ за 2026 година

I. Се усвојува Програма за работата на ОНБ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" РАДОВИШ за 2026 година;

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1559/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на
Годишна Програма за работа на
Општинска Установа Центар за култура„ Ацо Караманов" Радовиш за 2026 година и
Годишна Програма за работа на
Општинска Установа Центар за култура„ Ацо Караманов" Радовиш за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Годишна Програма за работа на Општинска Установа Центар за култура„ Ацо Караманов" Радовиш за 2026 година бр.08-1560/1 и Годишна Програма за работа на Општинска Установа Центар за култура„ Ацо Караманов" Радовиш за 2026 година, бр.08-1560/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1560/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 7 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 22 став 1 т.5 и член 36 од Законот за локална самопурава (Сл.Весник на РМ 5/2002), а во врска со член 15 став 1 точка 5 и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
# За работа на Општинска Установа Центар за култура „ Ацо Караманов ”
# Радовиш за 2026 година

Објектот на Општинската установа Центар за култура „Ацо Караманов” - Радовиш во кој што се одвиваат сите програмски содржини и културно-општествени настани во затворено е единствен соборен објект во општината кој датира од периодот на стара Југославија, изграден во дваесетите години на претходниот век.
Во интерес на сите, истиот е во темелна реконструкција која е предвидена да заврши, крајот на октомври 2026 година.
Од тие причини Годишната програма на Општинската установа Центар за култура „Ацо Караманов” - Радовиш, предвидува настани на отворено, како што се: „Радовишки детски карневал” , „Караманова летна сцена”, Фестивал на строградска и серенадна песна „Саноќ седам”, Чествување на заштитникот на градот „Св.Спасо Радовишки”.

Последните години слободно можеме да кажеме, со оглед на карактерот, визуелните уметности имаат најголем број на посетители како со собрана така и со публика во минување. За таа потреба на нашите граѓани Центарот за култура на отворен простор организира повеќе културни содржини.

После долгогодишната организација на Априлијадата во чест на први април, Меѓународниот ден на шегата , истата во 2019 година прерасна во детски карневал, иако беше организиран за прв пат Радовишкиот детски каревневал имаше рекорден број на учесници, вкупно 1524 дечиња под маски,најмногу од основните училишта, градинките како и од здруженијата на граѓани од областа на културата од Општина Радовиш, а исто така имавме учесници и маски од општините Струмица, Пробиштип, Прилеп и од Општина Конче.

“ДА СЕ ОБЛЕЧЕМЕ ВО БОИТЕ НА РАДОСТА” е мотото под кој се одржува овој карневал.

Карневалот е содржина со повеќе групни и поединечни маски на теми кои се едукативни и праќаат силна порака до јавноста, каков свет сакаат најмладите. На карневалот не се дозволени креации кои се навредливи и исмејувачки. Дефилето низ улиците на градот се со осмислено сценарио со весел и пријатен амбиент.

Нашата установа ќе организира едукативни и креативни работилници и има програми за сите деца од предучилишна и училишна возраст како и за лицата со попреченост од дневниот центар ПОРАКА, на тема” Како да се изработи маска “.

По примерот од претходните години ќе продолжи вклученоста на учениците од Средното Општинско Училиште од Радовиш во изработката на украси кои се поставувани во должина на патеката определена за дефиле на карневалот како и на трите сцени наменети за претставување на маските.

Прviot ден карневалот започнува со изложба на фотографии “Шарена Ретроспектива” која воедно претставува сеќавање на изложените маски од претходните години.

Вториот ден од одржувањето на Радовишкиот детски карневал започнува со традиционално предавање на клучот на градот од страна на градоначалникот во рацете на карневалистите. Со тоа

свечено предавање започнува владеењето на карневалистите претставувани од принцот и принцезата на карневалот кои се претходно одбрани односно, на насмевките, радоста, на младешкиот дух и енергија. Од пред општинските врати во придружба на гратски дувачки оркестар а предводени од градскиот мажоретски состав кој беше формиран токму за оваа намена во 2019 год., дефилето започнува и трае се до портите на Центарот за култура Ацо Караманов.

Последниот ден од детскиот карневал е предвиден за доделување на награди во повеќето категории.
Концерт под маски – Балетски перформанс изведен од страна на учесници на Три балетски школи од Македонија.
Оваа 2026 година Општинската установа Центар за култура „Ацо Караманов" - Радовиш оваа манифестација планира да биде реализирана на крајот од месец мај 2026 година.

- ***КАРАМАНОВА ЛЕТНА СЦЕНА***

  ***Стручниот тим на Центарот за култура од 2019 година отпочна со реализација на културните соддржини опфатени во проектот КАРАМАНОВА ЛЕТНА СЦЕНА.***
  ***Во едномесечен летен период ( Јуни – Јули ) на просторот од платото пред Центарот за култура преку шеталиштето Св.Спасо Радовишки кој го специјално амбиентално уредуваме и украсуваме со цветни и други декоративни аранжмани, секојдневно се застапени културни соддржини :***
- ***Улични артисти ( музичари, акробати, аниматори...)***
- ***Изложби на фотографии***
- ***Кино на отворено***
- ***Концерти***
- ***Во новата 2026 година, вљубениците и консументите на културата повторно ќе уживаат во соддржината на оваа културна манифестација.***

* **Серенадата** е најрепрезентативна форма на староградаската песна и има длабока традиција во градот Радовиш. Таа е причина овој дел од македонската народна лирика да се задржи како традиција во Радовиш до ден денес.
Центарот за култура „Ацо Караманов" – Радовиш за да ја оддржи и негува староградската песна е основач на Меѓународниот фестивал на Староградска песна и серенада **„САНОЌ СЕДАМ"** со традиција на која секоја година над 200 учесници се дел од натпреварувачката програма и **сценариско дефиле низ радовишката чаршија.**

- ***Духовност***

  ***Центарот за култура „Ацо Караманов"- Радовиш уште од почетокот на востанување и чествувањето на Светиот Спасо Радовишки за патрон и за заштитник на општина Радовиш ( На предлог на Македонската православна црква а усвоено од Советот на општина Радовиш) учествува заедно со радовишката парохија на Македонската православна црква во организирање на чествувањето и празнувањето на Св. Спасо Радовишки. Со посебни културни соддржини пригодни за овој настан го одбележува празнувањето. Стручниот тим на Центарот за култура заедно со***

***свештениците на Радовишката парохија и во наредната 2026 година во предвечерието на празникот ќе организираат духовна академија на Св. Спасо Радовишки.***

Најголемата литературна манифестација со својата 50 годишна традиција е манифестацијата посветена на нашиот патрон големиот поет ***АЦО КАРАМАНОВ***

***КАРАМАНОВИТЕ ПОЕТСКИ СРЕДБИ со својата содржина се вбројуваат помеѓу најдобрите меѓународни поетски средби. Тие по својот карактер се меѓународни,од 2019 година по предходно објавен конкурс се доделуваат три награди:***

***- Интернационална награда „КАРАМАНОВ" за најдобро поетско дело и***

***-Национална награда „КАРАМАНОВ" за најдобро поетско дело,***

***Од 2020 година установата распиша конкурс за наградена ДЕТСКА ПОЕТСКА ТВОРБА, чии што дела Центарот за култура „Ацо Караманов" – Радовиш ги издава во тираж од по 200 примерока.***

***Во својата издавачка дејност, последната годинана Установата е издавач на Едицијата КАРАМАНОВ.***

КАРАМАНОВИТЕ ПОЕТСКИ СРЕДБИ се проект со континуитет од програмата на установата и истиот ќе биде реализиран и во 2026 година, кои оваа година ќе бидат 53 - ти по ред.

- ***Други активности***

Центарот за култура како единствена установа од овој тип, по својот карактер има координирачка функција во однос на останатите локални установи и здруженија на граѓани кои се од областа на културата.

Во соработка со воспитно-образовните установи, градинките,основните и средно општинско училиште, во текот на годината организира повеќе културни – едукативни работилници ( креирање и изработка на анимирани филмови, создавање едукативни видео игри, создавање на документарен филм, работилници за фотографија, запознавање на најмладите со необични музички инструменти итн).

Во 2021 година Центарот за култура склучи меморандум за соработка со Дневниот центар за престој на лица со посебни потреби ПОРАКА, со кој ќе реализира еден проект во наредната 2026 година.

Центарот за култура „Ацо Караманов" логистички ги поддржува сите здруженија од областа културата во општина Радовиш со кој има склучено меморандуми за соработка. Од таа партнерска соработка произлегуваат голем број на културни соддржини кои исто така се наоѓаат на репертоарот на Центарот за култура. Таква соработка установата има со следниве здруженија:

- Св. Спасо Радовишки ( заеднички проекти од областа на културата, традицијата и духовноста)
- Фолклорно Друштво Бучим
- Фолклорно Друштво Китка – с.Ораовица
- Фолклорно Друштво Цветови – с.Дедино

- Фолклорно Друштво Подрешани – с.Подареш
- Женска Фолклорна Група – Радовишанки ЕТНО
- Центар за деца со посебни потреби ПОРАКА
- Друштво на ликовни уметници – ДЛУР РАДА – Радовиш
- Драмско студио Театар ПИ
- Студио за модерен балет ГАЗЕЛИ - Радовиш

- ***Меѓународна културна соработка***

**Во делот на меѓународната соработка со општините збратимени на општина Радовиш: општина Белишче Р.Хрватска, општина Велика Плана Р.Србија, општина Али Ага Р.Турција, општина Тетевен Р.Бугарија, покрај меѓусебните гостувања и презентација на сопствениот културен продукт, изработуваме и заеднички, партнерски меѓународни културни проекти.**
**На 15 ноември 2025 година беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Центарот за култура „Ацо Караманов“ – Радовиш и Центарот за култура „Масука“ – Велика Плана**

**Со овој документ уште еднаш се потврдува и продлабочува долгогодишното братство меѓу двата града, започнато во далечната 1956 година, кое во 2026 ќе одбележи јубилеј – 70 години збратимени градови.**

**Меморандумот, кој го потпишаа директорите Никола Миовски и Бојан Маринковиќ, претставува важен протоколарен чекор пред јубилејната година. Во неговата основа е создавање богата, динамична и современа културна размена што ќе ја обележи 2026 година.**

**Во фокусот на соработката се:**

**• размена на уметнички програми, меѓу кои театарски претстави, фолклорни концерти, филмски проекции и други сценски содржини,**

**• развој и реализација на заеднички мултимедијален проект, составен од театарски сегменти и музичко-сценски перформанс, што ќе биде изведен и во Радовиш и во Велика Плана,**

**• образовни и креативни работилници за младите, со цел развивање мешовити ансамбли и заеднички сценски, музички и ликовни остварувања,**

**• размена на искуства во културниот менаџмент и промоција.**

**Потпишувањето на Меморандумот беше во присуство на: Крсте Тарабунов, претседател на Управниот одбор на Центарот за култура „Ацо Караманов“, и Горан Марјановиќ, директор на Туристичката организација Велика Плана.**

**Овој документ е поставен како основа врз која во 2026 година – годината на големиот јубилеј – ќе се реализираат значајни, современи и заеднички културни содржини што ќе ја прославаат долгогодишната врска меѓу Радовиш и Велика Плана.**

***По завршувањето на реконструкцијата на Центарот за култура покрај оддржување на традиционалните манифестации КАРАМАНОВИ ПОЕТСКИ СРЕДБИ И ПРАЗНУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ОПШТИНАТА 6-ТИ НОЕМВРИ Стручниот тим на Центар за култура „Ацо Караманов” - Радовиш ќе предложи дополнување и проширување на Годишната програма за работа за 2026 година, за задоволување на потребите на радост и задоволство на радовишката публика која со нетрпение очекува квалитетна програма во новиот амбиент на Центарот за култура „Ацо Караманов” - Радовиш***

- ***Завршен дел***

***Согласно приложеното, Установата претставува дека е единствена по својот карактер која има координирачка***

*функција во однос на локални установи и со својата програмска активност остварува врвни културни дострели, потврдени со признанија, награди и позитивна критика. Установата е комплексна, извршува активности од повеќе дејности, остварува програмски соддржини кон заедниците, реализира меѓународни програмски активности, а со своето дејствување во збратимените општини создава и партнерски меѓународни проекти.*

- ***Најзначајни културни соддржини креирани и организирани од Центарот за култура „Ацо Караманов" – Радовиш***

1. ***БОЖИЌЕН КОНЦЕРТ ( КАМЕРНИТЕ СОСТАВИ И ОРКЕСТАРОТ НА ДМУЦ „СЕРГЕЈ МИХАЈЛОВ)***
2. ***БЛУЗ ВЕЧЕР –Афирмација на блуз музиката***
3. ***РАДОВИШКИ ДЕТСКИ КАРНЕВАЛ***
4. ***ВЕЛИГДЕНСКИ КОНЦЕРТ ( КАМЕРНИТЕ СОСТАВИ И ОРКЕСТАРОТ НА ДМУЦ „СЕРГЕЈ МИХАЈЛОВ)***
5. ***МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ „РАДОВИШКИ СОБОР"***
6. ***УЛИЦА НА КУЛТУРАТА***
7. ***КАРАМАНОВА ЛЕТНА СЦЕНА***
8. ***РАДОВИШ ТАНЦУВА „ КОНЦЕРТ НА СТУДИО ЗА МОДЕРЕН БАЛЕТ ГАЗЕЛИ"***
9. ***„БЛИЗНАЦИ СМЕ, ПОСЕБНИ СМЕ"***
10. ***ФЕСТИВАЛ НА СТАРОГРАДСКА И СЕРЕНАДНА ПЕСНА „САНОЌ СЕДАМ"***
11. ***Св. СПАСО РАДОВИШКИ „ КОНЦЕРТ НА ДУХОВНА МУЗИКА"***
12. ***ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „КАРАМАНОВ"***
13. ***КАРАМАНОВИ ПОЕТСКИ СРЕДБИ***
14. ***ГОДИШЕН КОНЦЕРТ НА ФА „АЦО КАРАМАНОВ"- НИЕ И ПРИЈАТЕЛИТЕ***
15. ***ГОДИШЕН КОНЦЕРТ НА „РАСПЕАНИ РАДОВИШАНИ"***
16. ***ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА „ВОЛШЕБНИКОТ И ПРИЈАТЕЛИТЕ"***
17. ***ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА „СЦЕНАТА НАШ ПРОЗОРЕЦ КОН СВЕТОТ"***
18. ***ГОСТУВАЊА НА НАЦИОНАЛНИ ТЕАТРИ***
19. ***СТРИП РАБОТИЛНИЦА***
20. ***НОВОГОДИШНА ПРАЗНИЧНА МАНИФЕСТАЦИЈА „СВЕТОЛ ГРАД"***

Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1560/2Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 7 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 22 став 1 т.5 и член 36 од Законот за локална самопурава (Сл.Весник на РМ 5/2002), а во врска со член 15 став 1 точка 5 и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на VII седница одржана на 23.12.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за донесување на Годишна Програма за работа на Општинска Установа Центар за култура,, Ацо Караманов" Радовиш за 2026 година

I. Се донесува Годишна Програма за работата на Општинска Установа Центар за култура,, Ацо Караманов" Радовиш за 2026 година.

II. Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1560/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,
Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Програма за работата на ЈПССО Радовиш 2014 за 2026 година и Програма за работата на ЈПССО Радовиш 2014 за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Програма за работата на ЈПССО Радовиш 2014 за 2026 година бр.08-1561/1 и Програма за работата на ЈПССО Радовиш 2014 за 2026 година бр.08-1561/2
што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1561/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ 5/02), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш
Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈПССО РАДОВИШ 2014-РАДОВИШ**

**ЗА 2026 ГОДИНА**

I. **ВОВЕД**

Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Закон, Статут на ЈПССО Радовиш 2014 и другите општи акти. Во правниот промет со трети лица настапува по свое име и за своја сметка, со неограничени овластувања, и за своите обврски одговара со целиот имот и средства,со целосна одговорност.
ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш е основано со одлука бр. 07-256/1 од 31.01.2014 година, усвоена од Советот на Општина Радовиш , со генерална цел остварување на дејности од јавен интерес.

ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш се финансира од Општина Радовиш, од приходите што ги остварува преку сервисирање на услуги за спортските клубови и екипи, групи граѓани и други заинтересирани субјекти од областа на спортот, културата, физичката култура и издавање под закуп на дело вен простор кој не е на менет за спорт и физичка култура,и стопанисување со јавното осветлување во Општина Радовиш.

ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш, стопанисува со:

-Спортски рекреативен центар "25 Мај"
-Градски стадион
-Двоен тениски терен

Управувањето на ЈПССО е засновано на законската регулатива и Статутот на ЈПССО. Претпријатиeто е застапувано и претставувано од Директор а е управувано од Управен одбор составен од 3 члена, именувани од Советот на Општина Радовиш, додека контролата врэ материјално — финансиското работење е од страна на Надзорен одбор составен од 5 члена, именувани од Советот на Општина Радовиш.

Годишната програма за работа иа ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш се темели пред се на условите и можностите кои ги нудат спортските објекти со кои стопанисува ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш, а во кои ќе се одвиваат планираните програмски активности во текот на 2026 година.

## II. МИСИЈА И ВИЗИЈА

- МИСИЈА

Основната мисија иа ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш, е зајакнувањето на сопствената деловна промоција заради конкурентност на пазарот.Нашата насока е цврста и јасна за ревитилизација и надградување на постојните спортски капацитети со кои располага ЈП, за заштита и унапредуванње на интересите на спортот, спортистите и спортските клубови.

Мисијата јасно се отсликува во заложбите за остварување на професионалните императиви - воведување на нови форми и содржини на активности, развивање и изработка на нови иницијативи и проекти за поефикасно и одржливо искористување на сите постоечки капацитети и потенцијали со кои располагаме за да го подобриме спортско-рекреативниот живот на граѓаните и овозможување подобри услови во спортските објекти за спорт во Оштина Радовиш.

- ВИЗИЈА

Нашата визија е јасна, едноставна и реално определена, визија за унапредување на менаџирањето на постоечките спортски капацитети прифаќајќи го моделот за партнерство и соработка, со сите чинители на спортскиот живот, културата и иницијативи за унапредување на условите за квалитетен спорт и развој на културно — уметнички перформанси, пред се кај младите. Затоа, ние се посветуваме на заеднички напори со основачот на ЈП, Советот,ЕЛС и Градоначалникот на Општина Радовиш, Југоисточниот плански регион, приватниот сектор, здруженијата на граѓани и фондации, да се развиваат капацитетите и подобри услови на спортските објекти за поквалитетен спорт.

Ќе работиме одговорно и посветено, нашата обврска е да ги следиме потребите на граѓаните на Општина Радовиш од областа на спортот, физичката култура и рекреацијата,како и сите културни настани од голем и мал карактер. На тој начин можеме да обезбедиме доволно

финансиски средства за самоодржлив развој, преку кој директно ќе ја зајакнеме сопствената деловна позиција на пазарот.

Иднината на ЈПССО ”Радовиш-2014” Радовиш, ја гледаме во препознатлив атрактивен и конкурентен спортско-рекреативен центар, со создадени квалитетни услови и услуги за остварување и реализација на планираните програмски активности на спорските друштва и клубовите, здруженија на граѓани, групи на граѓани , поединци и др.

## IV. ОСНОВНИ ЦЕЛИ

11. Обезбедување на услови за масовна физичка култура во Општината, преку ставање на сите спортски терени на располагање на сите организирани спортски друштва, клубови, здруженија на граѓани, спортски сојузи, групи на граѓани и слично за реализација на планирани програмски содржини.
12. Обезбедување на услови за остварување и реализација на програмските активности на спортските друштва и кпубовите кои се натпреваруваат во лига систем на натпревари и кои преставуваат приоритетни спортови во Општина Радовиш.
13. Целосно ангажирање на сите потенцијали на ЈП од просторни, технички и човечки ресурси за реализација на програмските содржини од области на спортот, рекреацијата и физичката култура, планирани од страна на основачот на ЈП, Општина Радовиш.
14. Унапредување и надградување на работата на ЈП, преку воведување на нови форми на спортски и рекреативни програмски содржини и активности како и изработка на проекти за енергетска ефикасност и други проекти од обласата на спортот и културата.
15. Обезбедување на услови за пасивна рекреација за сите заинтересирани граѓани во делот на следењето на спортските и рекреативните настани од локален, државен, европски и светски карактер.
16. Тековно орджување на спортските објекти и терени со единствена цел во секое време да одговарат на с војата основна функција за спортот и физичката култура.
17. ЈП ќе се стреми кон санирање на одредени состојби во објектите од инвестиционен кaактер.Се планира во 2026 год. да се изработи техничка документација за енергетска ефикасност за целата сала.
18. Ќе се настојува секој слободен простор е за извршување на спортско сала Пинг Понг—рекреативните активности, да се ефектуира и да остварува дополнителни финансиски средства кои ќе бидат во функција на подобрување на условите за спортот и физичката култура.
19. Издавање на просторија за едукативен развој на децата.
20. Организирање на културно—забавни и спортски манифестации и турнири,продажни саеми со единствена цел објектите со кои стопанисува ЈП да претставуваат собиралиште за граѓаните на општина Радовиш.
21. *Во* соработка и партнерство со основачот Општина Радовиш ќе продолжи да развива и реализира проекти за енергетска ефикасност и искористување на потенцијалите на обновливите извори на енергија фото волтаици и топлотни пумпи.

## V.ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

За остварување на напред наведените цели, ЈПССО во текот на 2026 година,

планира да ги реализира следните активности:

## 5. АКТИВНОСТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

### 5.1 СРЦ “25 МАЈ”

- Во 2026 година се планира да се овозможат услови за реализација на програмските активности на спортските клубови кои се натпреваруваат во организирана лига систем на натпревари. Во овој период во СРЦ “25 Мај” планирано е да се реализираат 300 - 350 тренинзи на РК Радовиш во траење од 90 минути тренинзите се планира да се одвиваат секојдневно под рефлектори во траење од два часа додека помладите категории да тренираат трипати неделно во денски термини и околу 30-40 пријателски и првенствени натпревари како на сениорскиот тим така и на помладите категории на РК Радовиш.Се планира да се постави водомер во гардеробериte .Согласно тарифникот донесен од Советот на Општина Радовиш 09-919/1 од 10.03.2022год. а стапи на сила од 29.03.2022 год. при што се планира да се продолжи со месечно фактурирање.
- На корисниците на услуги на располагање ќе им бидат дадени уредна и чиста игрaчка површина, спортски реквизити, семафор, осветлување според стандардите, трибински простор, санитарии, како и три гардеробери со туш кабини и топла вода на располагање ќе им бидат и вработени кои ќе им помагаат во извршување на програмските содржини.
- Во посебна просторија тренинзи ќе одржуват и членовите на ПИНГ-ПОНГ клубот кој во градот секогаш имал традиција. За овој спорт планирано е обезбедување на друга просторија за рекреативно користење од страна на сите заинтересирани граѓани.
- Во просториите на малата сала во склоп на СРЦ 25 Мај своите активности ќе продолжи да ги обавува боречкиот клуб “Бучим” Радовиш и истата е целосно подредена на нивните потреби за тренинзи и одржување на натпревари на пионерските и сениорските категории.Се планира да се реализираат 120 тренинзи во текот на 2026 година. Се планира да се постави водомер во гардеробериte и потрошената електрична енергија и вода ќе ја плаќаат секој месец фактурирано од страна на ЈППСО Радовиш-2014. Согласно тарифникот донесен од Советот на Општина Радовиш 09-919/1 од 10.03.2022год. а стапи на сила од 29.03.2022 год. при што се планира да се продолжи со месечно фактурирање.
- Во посебна просторија своите тренизи ќе ги обавува и новоотворениот клуб во Муаи таи “Адреналин” со што се овозможува развивање на Муаи таи-то како олимписки спорт.Се планира да се одржуваат натпревари од меѓународен карактер.
- Соработката ќе биде продолжена и со карате клубот “Феникс Бучим” кој функционира во посебна просторија за таа намена.
- Во просториите на СРЦ 25 Мај овозможено е на теренот во големата сала да се одвиваат и тренинзите и натпреварите на одбојкарскиот клуб Коста Рацин-Подареш со што е зголемена понудата на спортови во СРЦ 25 Мај.Од издвоените средства од Општина Радовиш кој ги додели на претпријатието по самото барање за финансиски сретства .самото претпријатие со јавна набавка обезбеди нова професионална мрежаи прачки,професионални два стубови и топки .Тренинзите ќе се оддржуваат двапати неделно во траење од еден час во кој ќе учествуваат триесет пионери.Се планираат натпревари зонски и регионални на ниво на државата. Согласно тарифникот донесен од

Советот на Општина Радовиш 09-919/1 од 10.03.2022год. а стапи на сила од 29.03.2022 год. при што се планира да се продолжи со месечно фактурирање.

- Покрај давањето на услуги на спортските екипи кои се натпреваруваат во лига систем на натпревари, во текот на годината услуги ќе им бидат дадени и на спортските екипи кои се натпреваруваат турнирски и на спортските екипи од другите општини како и на екипите кои се натпреваруваат во училишните лиги.
- Ќе се продолжи со организација на популарниот Шестоноемвриски турнир во мал фудбал на кој учество ќе земат и екипи од територијата на цела Република Македонија.
- Организација на сите манифестации ,програми и проекти предвидени во програмите на основните училишта и градинките од Општина Радовиш. Согласно тарифникот донесен од Советот на Општина Радовиш 09-919/1 од 10.03.2022год. а стапи на сила од 29.03.2022 год. при што се планира да се продолжи со фактурирање.
- Постапно и систематско реновирање на постоечките помошни простории и соблекувалните.
- Се предвидува организација на мали приредби како:магионичари,детски фестивали,концерти,фолклорни манифестации,продажни саеми,маифестации и сл.
- Се предвидува одржување на Куп на одбојка на Република Македонија за 2026 година да се одржи во СРЦ 25 Мај Радовиш како и други купови , натпревар на ниво на Македонија како и поголеми меѓународни натпревари.

### 5.2 Тениски игралишта

- Почитување на правилникот за одржување и користење на двојните тениски терени и нивно максимално искористување од страна на актуелните тениски клубови и граѓани поединци.
- Тениските терени ќе продолжат редовно да се издаваат на тениски клубови и тенисери поединци согласно тарифникот донесен од Советот на Општина Радовиш 09-919/1 од 10.03.2022год. а стапи на сила од 29.03.2022 год.

Одржување на тениски турнир на кој учество ќе земат тенисери од нашата Општина но и од цела Република Македонија.

### 5.3 Градски Стадион

На Градскиот стадион ќе се овозможат оптимални услови за непречена реализација на планираните програмски активности и одржување на тренинзи и натпревари на ФК Детонит Плачковица, ЖФК Плачковица како и на други фудбалски академии и школи од нашиот град.На сите корисници на градскиот стадион на располагање ќе им бидат ставени сите расположливи придружни капацитети за непречено одвивање на спортските активности. Согласно правилникот за користење на површините за играње и пропратните простории на Градскиот стадион во Радовиш начин и постапка за користење на останатите простории со бр. 02-20/1 од 20.04.2022 год. како и договорот бр.03-77/1 од 22.07.2022 год. при што се планира месечно фактурирање.

### 6.ИЗДАВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ПОД ЗАКУП

Согласно донесениот тарифник од страна на Советот на Општина Радовиш за користење на просторот и пропратните простории во склоп на СРЦ “25 Мај” во Радовиш кои се во функција на спортот, како и за просториите кои не се во функција на спортот ЈП ќе продолжи со давање под закуп на сите

слободни простории по цени утврдени со тарифникот.Согласно законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Советот на Општина Радовиш и донесената одлука дел од слободните простории да бидат дадени на користење со склучување на непосредна спогодба.И двете постапки беа спроведени од страна на ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш во 2022 год. .Со сите корисници на просториите под закуп беа склучени договори во кои се утврди вистинската намена на просторијата, времетраењето, износот на закупот и сите други права и обврски.Потрошената електрична енергија по поставувањето на контролни саати со склопки ќе продолжи да се наплаќа согласно потрошените измерени KW месечно.

За просториите кои не беа издадени ќе биде распишана нова јавна објава со цел истите да се стават на располагање на заинтересираните страни.

Целта на издавање под закуп на сите простории е остварување на дополнителни финансиски средства и подобрување на финансиската сосотојба на самото ЈП за плаќање на струјата ,водата и други тековни трошкови на ЈП.

**7. ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ**

Спортските објекти со кои стопанисува ЈП не се во најдобра кондиција. Во текот на 2022 год., 2023 год. и 2024 и 2025 година делумно се работеше на санација но останува проблемот околу дотраеноста и лошата состојба на санитарните чворови со плочки и соблекувални,електрична исталација како и одводот канализационите цевки кој се оштетени надворешно ке треба да бидат заменети во 2026 година. Во изминатите години делумно се санираа санитарните чворови, соблекувалните лед рефлектори со заштеда на струја замена на столарија исто така во 2024 се направи техничка документација за смена на подот според Ехф стандарди реконструкција на двете трибини како и поставување на нови столчиња оваа документација беше одобрена од Министерството за спорт на Република Македонија од каде се и обезбедени и финансиските средства,а благодарејки на Владата на Република Македонија истата реконструкција беше завршена и пуштена во употреба за тренинзи СРЦ 25 Мај на 27.12.2024година, и со одобрените финансиски средтства од Општина Радовиш јавното претпријатие спроведе јавна набака и обезбеди:две мрежи заштитни позади головите,пинг понг маси,машина за професионално чистење на подот ходниците,два професионални стубови за одбојка ф100 како и нова професионална мрежа и прачки сето ова е снабдено и е поставено изработено во салата на самото пуштање кое беше на 27.12.2024 година. Бидејки во овој објект не беше направено ништо од кога е изграден, во 2026 година во план е исто така претпријатието да изврши замена на надворешните дотрајани канализациони цевки и одводи во сите делови како внатрешно така и надворешно за да заштедиме на санации и лепења и сл.

За таа цел важна е континуираната соработка со Општина Радовиш и МИнистерството за спорт.

**7. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во согласност со финасиската состојба ќе биде планирано 1 вработување и постепено доекипирање неопходен за непречено остварување на програмските цели и реализација на годишните планови на ЈПССОРадовиш 2014 Радовиш.

**8. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш се реализира од приходите што ги остварува преку

сервисирање на услуги за спортските клубови и екипи, поединци, групи на граѓани и други заинтересирани субјекти од областа на спортот, културата, физичката култура како и издавање под закуп на деловен простор кој не е наменет за спорт и физичката култура како и дел од ЕЛС Општина Радовиш.

**Финансиски план за работата на ЈПССО Радовиш 2014 за 2026 година**

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ОД ЕЛС РАДОВИШ ЗА 2026 ГОД**

| Ре бр. | Вид на приход | Планиран средства за 2026 | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи од ЕЛС Општина Радовиш** | | **1.450.000,00** | | **Бруто плати за вработени** |
| **ВКУПНО** | | **1.450.000,00** | | |

## ПОСЕБНИ СУБВЕНЦИОНИРАНИ СРЕДСТВА ОД ЕЛС РАДОВИШ

| Вид на приход | Планиран средства за 2026 | | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **Приходи од ЕЛС Општина Радовиш** | **400.000,00** | | **Планирани приходи за 6-ти Ноевриски турнир** |
| **ВКУПНО** | **400.000,00** | | |

**ПЛАНИРАНИ СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ЗА 2026 ГОД.**

| Ред.бр. | Вид на приход | Планиран приход 2026 |
|---|---|---|
| . | **Сопствени приходи** | |
| | Приходи од закуп на простории | 583.000,00 ден. |
| | Приходи од термини за тренинзи на клубови | 252.000,00 ден. |
| | | |
| | Други приходи од рекреативно издадени термини за фудбал ,пинг понг,одбојка | 50.000,00 ден. |
| | | . |
| | Приходи од турнири,концерти,продажни саеми и други манифестации | 100.000,00 ден. |
| | Користење на термини од компании | 10.000,00 ден. |
| | Приходи од користење на двојни тениски терени | 20.000 ,00ден. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | **Вкупно приходи :** | **1.015.000.00** |

| | | Планирани расходи за 2026 г. | | | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2026 ГОДИНА** | | | | |
| **1** | **Бруто плата на вработени** | Бруто плата на вработени | | | |
| | -Директор | 840.000,00 | | | |
| | -Управен одбор | 130.000,00 | | | |
| | -Хигеничар за одржување на хигиена | 480.000,00 | | | |
| **2** | Услуга за јавни набавки | 30.000,00 | | | |
| **3** | Ел.енергија | 480.000,00 | | | |
| **4** | Вода и комунални услуги | 383.000,00 | | | |
| **5** | Интернет,телефон | 13.000,00 | | | |
| **6** | Средства за хигиена амортизација, бензин, масло,пестицид за трева,цвекиња и сл. | 60.000,00 | | | |
| **7** | Канцелариски материјали и одржување на фискалниот апарат | 60.000,00 | | | |
| **8** | Улично осветлување-Дистрибуција на ел.енергија | | | | |
| **9** | Одржување на под со посебни средства | 160.000.00 | | | |
| **10** | Книговодствени и друг услуги | 60.000,00 | | | |
| **11** | Турнир:доктор,пехари, медали,топки,одбор,обезбедување,награди и благодарници,судии , друговор на дело | | | | |
| **12** | Тајфуни за греење 1 на струја | | | | |
| **13** | Одржување тековно на салата санитарија.браварија,железарија,метли,џогери и сл. | 55.000,00ден | | | |
| **14** | Двојно тениско игралиште:мрежа зелена заштитна, | 10.000,00 | | | |
| **15** | Банкарски провизии и Министерство за финансии (данок на добивка ,даночни аконтации ) | 150.000,00 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **16** | Спортски реквизити,мебели сл | 50.000,00 | | | |
| **17** | Награден фонд за 6-ти Ноемвриски турнир - Манифестација | | | | |
| **18** | Реновирање (белење,бојадисување ) на спортските објекти. две камери ,цевки одвод довод.Бојадисување на железата во салат, како и бојадисување надворешен и внатрешниот дел на салата .Лепење на плочки во соблекувална 1,2,3 во туш кабините,Поправка на машинска дувалка и за лисја која се користи во дворот и тенискот игралиште. | 200.000,00 | | | |
| | Други непредвидени трошоци | | | | |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **3.161.000,00** | | | |
| | **ВКУПНО:** | **3.161.000.00** | | | |

Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Радовиш".

Број 08-1561/2
Дата 24.12.2025 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ 5/02), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на Програма за работата на ЈПССО Радовиш 2014 за 2026 година

I. Се усвојува Програмата за работата на ЈПССО Радовиш 2014 за 2026 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1561/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Периодичен извештај за остварени приходи и расходи за период од 01.07.2025 до 30.09.2025 година од ЈПССО Радовиш 2014

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Периодичен извештај за остварени приходи и расходи за период од 01.07.2025 до 30.09.2025 година од ЈПССО Радовиш 2014, бр.08-1562/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1562/2 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Периодичен извештај за остварени приходи и расходи за период од 01.07.2025 до 30.09.2025 година од ЈПССО Радовиш 2014

I. Се усвојува Периодичен извештај за остварени приходи и расходи за период од 01.07.2025 до 30.09.2025 година од ЈПССО Радовиш 2014, бр.03-93/1 од 03.12.2025 година, наш бр.12-35/47 од 05.12.2025 година.

II. Заклучокот влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Радовиш.

Број 08-1562/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Одлука за давање Согласност на Изменување на Годишен план за вработување за 2025 година во СОУ „Коста Сусинов" Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање Согласност на Изменување на Годишен план за вработување за 2025 година во СОУ „Коста Сусинов" Радовиш, бр.08-1563/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1563/2 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш" бр.5/02),

Советот на општина Радовиш на VII седница одржана на 23.12.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
за давање Согласност на Изменување на Годишен план за вработување за 2025 година во СОУ „Коста Сусинов" Радовиш

Член 1

Се дава Согласност на изменување на Годишен план за вработување за 2025 година во СОУ „Коста Сусинов" Радовиш бр.01-814/6 од 26.11.2025 година, наш бр.08-45/80 од 09.12.2025 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1563/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2026 година
на ООУ„Крсте Петков Мисирков" , Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ„Крсте Петков Мисирков" , Радовиш , бр.08-1564/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1564/2 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2026 година
на ООУ„Крсте Петков Мисирков” , Радовиш

Член 1

Се дава Согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ„Крсте Петков Мисирков”, Радовиш бр.01-223/1 од 10.12.2025 година, наш бр.08-40/72 од 12.12.2025 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ а ќе почне да се применува по добивање на Согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

Број 08-1564/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2026 година во ООУ„Никола Карев” Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2026 година во ООУ„Никола Карев” Радовиш, бр.08-1565/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1565/2 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на VII седница одржана на 23.12.2025 година, донесе

ОДЛУКА
за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2026 година во ООУ„Никола Карев” Радовиш

Член 1

Се дава Согласност на Годишен план за вработување за 2026 година во ООУ„Никола Карев” Радовиш бр.04-562/1 од 11.12.2025 година, наш бр.08-127/93 од 12.12.2025 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ а ќе почне да се применува по добивање на Согласност од Министерство за информатичко општество.

Број 08-1565/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на Програма
за работата со Финансов план на ЈПКД
Плаваја Радовиш за 2026 година и Програма
за работата со Финансов план на ЈПКД
Плаваја Радовиш за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Програма за работата со Финансов план на ЈПКД Плаваја Радовиш за 2026 година бр.08-1566/1 и Програма за работата со Финансов план на ЈПКД Плаваја Радовиш за 2026 година, бр.08-1566/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1566/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на Програма за
работата со Финансов план на ЈПКД Плаваја
Радовиш за 2026 година

I. Се усвојува Програма за работата со Финансов план на ЈПКД Плаваја Радовиш за 2026 година.

II. Оваа Одлука стапува на сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1566/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на VII седница одржана на 23.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО ФИНАНСОВ ПЛАН**

**НА ЈПКД ПЛАВАЈА Радовиш**

**за 2026 година.**

**<u>ОПШТ ДЕЛ - ВОВЕД</u>**

**МИСИЈА**

ЈП „Плаваја“ Радовиш има мисија да обезбеди квалитетно, навремено и континуирано извршување на доделените комунални дејности, со целосно задоволување на потребите на граѓаните на општина Радовиш.

За да ја оствари својата мисија во целост, претпријатието, односно сите вработени се залагаат да:

- Постојано ги следат барањата, мислењата, потребите и желбите на корисниците на услугите.

- Навремено, економично, ефикасно и квалитетно се трудат да ги одстранат појавените дефекти на инсталациите и одговараат на барањата на корисниците на услугите се со цел постојано опслужување со потребните комунални услуги.

- Јавното претпријатије Плаваја инвестира во доусовршување на вработените за остварување на нивните работни задачи, а исто така и во нова технологија и опрема се со цел зголемување на квалитетот и континуитетот на услугите на корисниците и зголемување на економичноста и ефикасноста во работењето.

**СТРУКТУРА**

Со ЈП„Плаваја“ Радовиш управува Управен Одбор кој е избран од Советот на општина Радовиш.

Претпријатието го раководи Директор кој се избира на јавен оглас од страна на Градоначалникот на општина Радовиш.

Во претпријатието постојат следните сектори:

1. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси

2. Сектор за финансии, сметководство и комерција

3. Сектор за контрола на корисници

4. Сектор за инвестиции

5. Сектор за водовод и канализација

6. Сектор за комунална хигиена,паркови и зеленило и гробишта

7. Сектор за технички работи

8. Сектор за прочистување на урбани отпадни води

**ИСТОРИЈА**

ЈП „Плаваја“ Радовиш е формирана со Одлука на Советот на општина Радовиш во Февруари 2008 година со спојување на дотогашните јавни претпријатија ЈП„Прогрес“ Радовиш и ЈП„Плаваја“ с.Подареш. ЈП„Прогрес“ Радовиш било основано во 1965 година, а ЈП„Плаваја„ с.Подареш било основано во 1996 година.

Основна дејност на претпријатието е да извршува комунални услуги за потребите на граѓаните на општина Радовиш.

**ДЕЈНОСТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО**

**ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА**

- Редовно одржување на водоводниот и канализациониот систем
- Навремено отстранување на настанатите дефекти на водоснабдителниот и канализациониот систем
- Надградба и реконструкција на водоводниот и канализациониот систем

**КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**

- Подигање на комуналниот отпад и негово транспортирање до депонија по претходно утврден распоред и динамика како и одржување и планирање на депонијата.
- Одржување на градската чистота според програмата за Јавна чистота донесена од Советот на општина Радовиш

**ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**

- Одржување на постоечките и изградба на нови зелени површини според програмата за Паркови и зеленило донесена од Советот на општина Радовиш

**ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ**

- Одржување на гробиштата кои се доделени на ЈП„Плаваја“ Радовиш врз основ на донесена од Советот на општина Радовиш програма за одржување на гробиштата.

**ПРОЧИСТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ**

- Прочистување на фекалните урбани отпадни води во пречистителна станица и нивно испуштање во реципиентот Радовишка река
- Собирање и депонирање на мил која се појавува како остаток од процесот на пречистување на урбаните отпадни води
- Одржување на системот(опремата и процесот) за прочистување на отпадни води функционален.

**ПАРКИНГ УСЛУГИ**

- Одржување на јавно прометни паркиралишта кои се доделени на ЈП„Плаваја“ Радовиш
- Вршење на организација на паркинг услуги.

➢ <u>**Планирани активности за 2026 година во секторот Водовод и Канализација**</u>

**Водоснабдување**

ЈПКД Плаваја Радовиш го снабдува со вода за пиење населението во градот Радовиш и населените места Раклиш, Ињево, Воиславци и Сулдурци преку поврзан хидраулички водоснабдителен систем. Покрај овој водоснабдителен систем,ЈП Плаваја го управува и водоснабдителниот систем на селата Јаргулица, Покрајчево и Злеово кој имаат заеднички систем за водоснабдување, потоа Коџалија и Аликоч кој исто така имаат заеднички систем на водоснабдување, селата Подареш, Ораовица и Калуѓерица кој имаат самостојни системи за водоснабдување.

**Извори на вода**

| Назив | Апстракција | Испорака |
|---|---|---|
| Зафат **Амбари** | 20 - 22 l /sec | гравитациска |
| Зафат **Градски водовод** | 22 - 24 l /sec | гравитациска |
| Зафат **Трска со станица за третман на вода** | 40 - 60 l /sec | гравитациска |
| Бунари **„Индустриски водовод“** | 110 l /sec | Пумпна |
| **Вкупен производен капацитет** | **82-216 l /sec** | комбинирано |

Со капацитет од 82 – 216 l/sec, првите три извори и дополнителните количини на вода кои се зафаќаат од бунарското поле „Индустриски водовод“ со вкупен капацитет од 110 l/sec во текот на летниот период, овој хидраулички систем има капацитет да произведе питка вода од минимум 418 литри/жител/ден (само гравитациски) до максимум 1102 литри/жител/ден (дополнително со пумпа) . Ова количина на питка вода е доволна за да се задоволи потребата на питка вода на корисниците на услугата.

Хидрауличките системи на другите населени места се снабдуваат со пумпни станици кои водата ја црпат од бунари. Така е во пумпните станици Подареш, Јаргулица, Ораовица и Калуѓерица - секој со капацитет од 10 до 15 l/sec. Најголемиот поврзан систем е пумпна станица Јаргулица кој ги напојува населените места Јаргулица, Покрајчево и Злеово со 1.630 жители према податоците од пописот во 2021 година, и има капацитет да произведе минимум 530 литри/жител/ден. Ова количина на питка вода е од доволна за да се задоволи потребата со питка вода од страна на корисниците во овие населени места.

**Вкупно производство на вода во ЈПКД ''Плаваја'' Радовиш на годишно ниво:**

| Производство и снабдување | количина |
|---|---|
| Влез во системот од сопствено производство | 2.500,000-3.300,000 м$^3$/год. |
| Набавена сурова вода | 0 м$^3$/год. |
| **Вкупно произведена вода** | **2.500,000-3.300,000 м$^3$/год.** |

Комуналното претпријатие работи со мала филтер станица за пречистување на водата која се зафаќа од Радовишка Река, како и од зафатот Амбари и Трска. Станицата е пуштена во употреба во 2004 година и има работен просечен капацитет од околу 40-60 l/sec. Третманот се состои од четири линиски поставени песочни филтри. По филтрирањето, се врши дезинфекција со употреба на хлор и третираната вода се пренесува гравитациски во интерконекцискиот систем (градот и четирите населени места и тоа:Раклиш,Војславци,Сулдурци и Ињево).Водата од сите други зафати се хлорира на местото на влез.

Дистрибутивната мрежа има четири главни резервоари со капацитет од 3.300 $m^3$. Резервоарот ''Коџа Баир'' со капацитет од 1200 $m^3$ и истиот е во добра состојба, а резервоарот ''Џам Баир'' со капацитет од 600 $m^3$ е во состојба пред рехабилитација. Третиот резервоар ''Индустрија'' со капацитет од 900 m3 е во добра состојба, но моментално овој резервоар не се користи. Во 2020 година се пушти во употреба и новиот резервоар ''Куклевица'' со капацитет од 600 $m^3$ и со овој резервоар како и со новите потисни и дистрибутивни цевоводи значително се подобри водоснабдувањето во Радовиш.

Вкупната побарувачка на питка вода од страна на населенито на годишно ниво се движи од 1.000.000 $m^3$ -1.300.000 $m^3$ што ЈКП ќе успее да ја обезбеди во 2026 година.

**Одржување на водоводен систем**

Секторот Водовод и Канализација како дел од ЈПКД Плаваја-Радовиш се состои од:

- Одделение за Водовод
- Одделение за Канализација
- Одделение за Санитарна контрола

Одделенито за Водовод ќе ги интензивира своите активности во првата половина на 2026 година со цел да се подготви за летниот период кога има зголемена побарувачка на питка вода.

Планирани се следниве активностите :

- Рехабилитација на сите видливи дефекти во водоводната мрежа;
- Замена на поединечни елементи на опрема во дистрибутивниот систем;
- Замена на одредени водоводни линии на дистрибутивната мрежа кај кого се зачестени дефеците;
- Постојано следење на квалитетот на водата;
- Спроведување на планска потрошувачка на вода и рестрикција во одредени зони доколку биде потребно;
- Демонтажа и поправка или замена на неисправни водомери
- Приклучување на нови корисници на водоводната мрежа
- Низа на други обврски од доменот на нашата надлежност.

Секторот за Водовод и Канализација ке ги реализира своите активности во зависност од приоритетот и достапноста на финансиски седства.

Како што претходно беше споменато, во првата половина од годината ќе се спроведуваат активности со кој ке се подготови системот за работа во летните услови. За таа цел ке се изврши преглед на сите постројки, на мрежата и шахтите и ке се направат неопходни поправки и санација на местата каде ќе се детектираат недостатоци.

Во 2026 година планирани се следните работи:

- Рехабилитација на објекти за водоснабдување ;
- Рехабилитација на резервоар за питка вода ''Џам Баир''.
- Рехабилитација на резервоар за питка вода во село Подареш.

- Набавка,монтажа и пуштање во работа на фреквентни регулатори на вертикалните пумпи на “Индустрискиот водовод”
- Редовно годишно одржување и сервисирање на опремата од SKADA системот.
- Редовно годишно одржување и сервисирање на опремата за гасно хлорирање.
- Санација на проблематични водоводни линии
- Замена на водоводни линии и куќни приклучоци на улици кој ке бидат рехабилитирани од страна на општина Радовиш.
- Откривање и евиденција на диви приклучоци
- Замена на вентили и поставување на нови со што ке направиме реонизација при што ке се избегнат големи загуби на вода при настанување на дефекти на водоводните линии и исклучување на помали зони од напојниот систем при појава на дефекти или по планирани работни активности.
- Одржување на постоечки фонтани во централното подрачје каде има најголема фреквенција на движење.
- Замена на водомери со нови.
- Сервисирање и пуштање во работа на хлоринатори за вода на бунарски пумпи во населените места Ораовица, Подареш, Јаргулица и Калугерица.
- Ракување со пумпните агрегати како и следење на нивната експлоатација
- Следење на нивото на водата во резервоарите.
- 24 часовно контролирање и евидентирање на резидуалниот хлор во водата.
- Хиперхлорирање на резервоарите согласно обврската од ХАСАП системот (втора половина од месец Јуни)
- Спроведување на акци: Пломбирање на броила, проверка на корисници со месечна потрошувачка на вода 0(нула) м$^3$ , контола на корисници со мала просечна потрошувачка на вода 1 до 5 м$^3$, контрола на корисници со голема потрошувачка над 30 м$^3$, делење на едукативен материјал заштедење на водата, елиминација на нефункционален водомер.
- Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите водоснабдителни објекти
- Работи кој ке бидат извршени врз основ на програмата за уредување на градежно земјиште донесена од советот на општина Радовиш за 2026 година.

Со посточкиот SCADA систем се овозможува севкупен мониторинг на водоводниот систем, но се јавува потреба да се инвестира во нејзино одржување и замена на дотраените делови за да ја врши работата за која е наменета. За таа цел се планира сервисирање и тековно одржување на постоечките мерно регулациони места.

**Одржување на канализација**

Задачата на одделенито за канализација е да го одржува канализациониот систем за собирање и одведување на отпадните и атмосферски води.

Одделението канализација своите работни задачи и обврски ќе ги извршува согласно пријавените потреби на терен во склад со своите надлежности. Покрај редовните работни

задачи и обврски ќе извршуваат и работни задачи за претпријатието кога за истите ке појави потреба.

Во текот на годината одделението за канализација треба да обезбеди постојана функционалност на канализациониот систем. За таа цел, тие ќе вршат работи на:

- Контроли за функционирање на канализациониот систем со придружни објекти
- Секојдневна проверка и чистење на канализационата мрежа ,колектори и шахти
- Замена на делови и опрема на канализациони објекти кои недостасуваат;
- Чистење на канализационата мрежа со посебно возило и опрема;
- Чистење на шахтите од тињата со утовар во камионот и одвезување на место за таа намена.
- Чистење на улични сливници од нанос на материјал со утовар и транспорт на материјалот на место за таа намена.
- Замена на скршените решетки на сливниците
- Санација на оштетените делови од канализацијата
- Откривање и евиденција на диви приклучоци
- Санација на канализациони шахти
- Сите останати мерки за подобро функционирање и унапредување на постоечкиот канализационен систем.
- Замена на оштетени канализациони линии
- Изведба на нови канализациони приклучоци на физички и правни лица.
- Работи кој ке бидат извршени врз основ на програмата за уредување на градежно земјиште донесена од советот на општина Радовиш за 2026 година.

**Анализа и контрола на квалитетот на водата**

Одделенито за санитарна контрола ќе се грижи за исправноста на водата за пиење т.е. нејзиниот квалитет ќе се контролира постојано со бактериолошка, физичко-хемиска , радиолошка и биолошка анализа.

Бактериолошкиот преглед се врши во зависност од бројот на жители т.е.корисници на вода од јавниот водовод еквивалентни жители(ЕЖ),еден примерок месочно до 5000 Е.Ж т.е.по четири примероци секој месец.

Хемискиот преглед на водата ги содржи следните параметри: матност, вкус, ПХ-вредност, нитрати, амоњак, хлориди, железо, манган и водоспроводливост.

Во акредитирана лабораторија за испитување на храна и пијалоци ќе се прават редовните анализи на примероци од вода од одредени мерни места.

Двапати годишно ќе се земат примероци од сирова вода од зафатите и ќе се испитува физичко-хемискиот состав како и количината на радиоктивни материјали во Институтот за Јавно Здравје -Скопје .

## ➢ Планирани активности за 2026 година во секторот за комунална хигиена

Секторот комунална хигиена ги обавува следните активности:

1. Собирање, селектирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад
2. Чистење на улици, тротоари и други јавни површини
3. Одржување на паркови и зеленило на јавни површини
4. Одржување на гробишта
5. Одржување на хигиена на пазари (градски пазар и сточен пазар)
6. Одржување на депонија
7. Чистење на диви депонии

Покрај редовните планирани активности кој ги обавуваат вработените во Секторот за комунална хигиена, истите работат и по програми кој се усвоени од советот на општина Радовиш и Градоначалникот на општина Радовиш.

Планираните активности се следните:

### 1. Собирање, селектирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад

Средината во која што човекот живее, работи, се движи, треба да биде чиста и хигиенско-санитарна.Оваа се однесува во и околу домот, во и околу работните простории,парковите и други јавно прометни површини.

Комуналниот отпад кој се создава од домаќинствата и од дворно место, треба да биде навремено одстранет и транспортиран до соодветна депонија на општина Радовиш.

Во зависност од стандардот на населението треба да се обезбеди соодветна и квалитетна услуга за селектирање и собирање на сметот од домовите и работните простории.

Локалната самоуправа, Градоначалникот на општина Радовиш и ЈКП Плаваја Радовиш треба да организираат селектирање, собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпадо како што се врши во повеке европски држави.

Со Законот за управување со отпад и со Одлуката за комунален ред се регулираат правата и обврските на корисниците како и правата и должностите на давателот на услугите т.е. ЈКП Плаваја Радовиш.

Тоа зборува дека селектирањето, собирањето и депонирањето на отпадот се организира во рамките на законската регулатива односно врз основа на Одлуката за комунален ред и мерките за нејзино спроведување, па врз основа на овие одлуки непречено ке се одстранува отпадот кој директно влијае на животната средина, на поквалитетно чистење на просториите каде човекот живее, работи, се релаксира или се движи по јавно прометните површини.

## ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА ПРОГРАМАТА ЗА СЕЛЕКТИРАЊЕ, СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ И ИНДУСТРИСКИОТ НЕОПАСЕН ОТПАД ОД ЦЕЛАТА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2026 ГОДИНА

Оаа програма има за цел со нејзиното реализирање да се овозможи целосно селектирање, собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот и индустриски неопасен отпад од целата територија на општина Радовиш, и истото да биде навремено, поекономично и поквалитетно извршено. Со оваа програма се прикажуваат планираните

работи и работните задачи по реони и временски интервали, како и временската динамика на извршување, а целото тоа во склад со Одлуката за комунален ред.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2026 ГОДИНА

Динамиката на изнесување на сметот содржан во соодветни садови, се врши согласно овој план, заради обезбедување на организиран пристап во селектирањето, собирањето, транспотрирањето и депонирањето до соодветната депонија или собирни пунктови на комуналниот и индустриски неопасен отпад, како и обезбедување на целосна контрола врз работата во извршувањето на задачите по квалитет и одредената динамика според планот на активности.

Во овој документ се опфатени дневни задачи кој по обем ги определуваат границите на еден реон. Реонот е основна организациона и оперативна единица во која се карактеризирани обемот, динамиката и времето на дејствување.

Во планот за собирање, транспортирање и депонирање на отпадот на подрачјето на општина Радовиш направен е во 4 (четири) реони и посебен план за правните субјекти и државните и општински институции.

Собирање, транспортирање и депонирање на отпадот ќе се врши во согласност со Одлуката за комунален ред еднаш неделно, а по потреба и двапати и повеке пати на позиции каде ке се утврди дека има потреба особено во централното градско подрачје и поголемите населени места.

За да се исполни оваа програма во однос на потребни возила во следната табела прикажано е со колкав број на возила располага ЈКП „Плаваја“ Радовиш и потребата од нови возила во периодот од 2026 година за непречено да се изврши оваа програма.

| **Р.бр.** | **Опис на возилото** | **Постоечки возила** | **Потребни возила** |
|---|---|---|---|
| 1. | Смекарка за контејнери 1,1m3 | 2 | 4 |
| 2. | Трактори | 4 | 6 |
| 3. | Градежна машина на депонија булдожер | 0 | 1 |
| 4. | Цистерна за вода | 1 | 2 |
| 5. | | | |
| | **Вкупно** | **7** | **13** |

За да се врши селектирање на комуналниот отпад во следната табела прикажано е со колкав број на канти и контењери располага ЈКП „Плаваја“ Радовиш и потребата од набавка на нови канти и контењери во периодот од 2026 година..

| Р.бр. | **Опис на садови за собирање на смет** | **Постоечки бр. На садови** | **Потребен бр. На садови** |
|---|---|---|---|
| 1. | **контејнери од 1,1m3** | **480** | **600** |
| 2. | **Канти за селекција на отпад од 120 л** | **600** | **2000** |

## НЕДЕЛЕН РАСПОРЕД ЗА ПОДИГАЊЕ НА СМЕТ

За **реон** број **1**-Возило специјален камион со 3 работника

**ПОНЕДЕЛНИК И ПЕТОК**

1. "Св.Спасо Радовишки" од хотел ПАНОРАМА до Паркот на Младите
2. Ул. Илинденска од Плоштад св.Спасо Радовишки до спој со ул. 8ми Септември
3. ул. 22 Октомври од Плоштад св.Спасо Радовишки до кружен тек во спој со ул. Партизанска
4. Ул.Партизанска од ул.Св.Спасо радовишки до ул. 8 ми Септември
5. ул. Плоштад Слобода и Градско пазариште
6. Десна страна од Ќеј 8-ми Септември
7. Сите згради на улица Самоилова и Булевар Александар Македонски
8.Сите контејнери од лева и десна страна на градот.
9.Генерално перење на возилото.

**ВТОРНИК**

1 . Рудник Бучим
2. Детонит
3. Трафостаница МЕПСО
4. Рудник Боров Дол
5. Село Бучим
6.Село Тополница
7.Село Ињево
8.Генерално перење на возилото

**СРЕДА**

1.Ул.22-ри Октомври (Стоковна куќа)
2.Ул.Коста Сусинов (стар Градски пазар)
3.Ул. Плоштад Слобода (Пошта)
4.Ул.Кеј 8ми Септември ОУ Никола Карев до ул.Илинденска
5.Ул.Маршал Тито
6.Ул.Чедо Филиповски Даме
7.Ул.Самоилова до бул.А.Македонски (контењери кај Слога)
8.ул.22ри Октомври до Стопанска банка, по ул.Партизанска до ул.Кеј 8ми Септември
9.ул.Самоилова (контењери ресторан Вртешка)
10.Ињево
11.Војславци
12.Сулдурци
13.Калугерица
14. Генерално перење на возилото

**ВТОРНИК И ЧЕТВРТОК**

1. Целиот Индустриски реон
2.Ул. Самоилова
3. Ул.Ленинова
4.Ул. 1-ви Мај
5. Ул.22 Октомври од кружен тек во спој со ул.Партизанска до Булевар Александар Македонски
6.Генерално перење на возилото

**ПЕТОК**

1 . Рудник Бучим
2. Детонит
3. Трафостаница МЕПСО
4. Рудник Боров Дол
5. Село Бучим
6.Село Тополница
7.Село Ињево

8.Генерално перење на возилото

**САБОТА**
1. Ул.Св.Спасо Радовишки од Хотел Панорама до Парк на млади
2. Ул.22 Октомври од Ул.Партизанска до Плоштад св.Спасо Радовишки
3. Ул.Илинденска од Плоштад св.Спасо Радовишки до спој со ул. 8 Ми Септември
4. Ул.Пере Тошев
5. Ул.Партизанска
6.Ул. Ацо Караманов
8. Ул.Благој Туфанов
9. УЛ.Самоилова
10. Ул.22 ри Октомври
11. Ул. Плоштад Слобода и Гратски Пазар
12. контејнери по Кеј 8 ми Септември
13. Булевар Александар Македонски
14.Генерално перење на возилото

**НЕДЕЛЕН РАСПОРЕД ЗА ПОДИГАЊЕ НА СМЕТ**
За **реон** број **2**-камион со 3 работника

**ПОНЕДЕЛНИК**
1.Ул:Кеј 8-ми Септември лева страна од ул:М.Апостолски до ул.Илинденска
2.Ул:Дане Трајков
3.Ул:Таско Андонов
4.Ул.Михајло Апостолски
5.Ул.Плачковички Одреди
6.Ул:Славчо Стојменов
7.Ул:Плачковица од почетокот до ул:Илинденска
8.Ул:11-ти Октомври
9.Ул:Обрад Цицмил
10.Ул:Илинденска од ул.Плачковица до ул 8 Ми Септември
11.Ул:Васил Дуганџиски
12. Сите контејнери од лева страна на градот
13.Генерално перење на возилото

**ВТОРНИК**
1.Ул:Кеј 8-ми Септември од спорска сала до ул:Илинденска
2.Ул:Плачковица од ул:Илинденска до ул:Партизанска
3.Ул:Шаин Маало
4.Ул:Калаузлиска
5.Ул:Партизанска од ул. 8 ми Септември до ул:Плачковица
6.Комплекс Д Клуб
7.ОУ К.П.Мисирков
8.ОУ Никола карев
9.Сите контејнери од лева страна на градот
10. Селата Ораовица,Подареш,Јаргулица,Покрајчево,Злеово,Калугерица,Сулдурци и Војславци.
11.Генерално перење на возилото

**СРЕДА**
1.Ул:И.Алексов од почетокот до Бул.Александар Македонски
2. Бул.Александар Македонски од И.Алексов до ул:Горче Петров
3.Ул:Вардарска до Бул.Александар Македонски
4.Ул:Мето Хаџивасилев

5.Ул:Плачковица од ул:Партизанска до Бул.Александар Македонски
6.Ул:Браќа Миладинови до ул:Горче Петров
7.Ул:Горче Петров до Бул.Александар Македонски
8.Ул:Кирил и Методиј до ул: Горче Петров
9.Сите контејнери од лева и десна страна на градот
10.Генерално перење на возилото

**ЧЕТВРТОК**

1.Ул:Горче Петров од Бул.Александар Македонски до ул:Плачковица
2.Ул:4-ти Јули
3.Ул:Вардарска од 4-ти Јули до Бул.Александар Македонски
4.Ул:Плачковица од Бул.Александар Македонски до ул:Плана
5.Ул:Плана
6.Ул:Вапцарова
7.Ул:Вапцарова од 4-ти Јули до ул:Плана
8.Генерално перење на возилото

**ПЕТОК**

1.Ул.22-ри Октомври (Стоковна куќа)
2.Ул.Коста Сусинов (стар Градски пазар)
3.Ул. Плоштад Слобода (Пошта)
4.Ул.Кеј 8ми Септември ОУ Никола Карев до ул.Илинденска
5.Ул.Маршал Тито
6.Ул.Чедо Филиповски Даме
7.Ул.Самоилова до бул.А.Македонски (контењери кај Слога)
8.ул.22ри Октомври до Стопанска банка, по ул.Партизанска до ул.Кеј 8ми Септември
9.ул.Самоилова (контењери ресторан Вртешка)
10.с.Раклиш
11.с.Ораовица
12.с.Подареш
13.с.Јаргулица
14.с.Покрајчево
15.с.Злеово
16. Генерално перење на возилото

**САБОТА**

1.Ул:Илија Алексов од Бул.Александар Македонски до река Марлада
2.Ул:Драмска
3.Ул:Питу Гули
4.Ул:Панче Пешев
5.Ул:Герас Цунев од ул: Егејска до крај
6.Ул:Ѓорче Петров од ул:Плачковица до крај
7.Дел од улица Благој Мучето
8.Ул: В.С.Бато дел
9.Ресторант Шампион
10.ОУ Никола Карев и ОУ Крсте П. Мисирков
11.Гимназија Коста Сусинов
12.Црква Св.Тројца
13.Сите контејнери од лева и десна страна на градот
14.Селата Ораовица, Подареш, Јаргулица, Покрајчево, Злеово, Калугерица, Сулдурци и Којславци.

15.Генерално перење на возилото

**НЕДЕЛЕН РАСПОРЕД ЗА ПОДИГАЊЕ НА СМЕТ**

За **реон** број **3**- Возило трактор со 2 работника

**ПОНЕДЕЛНИК**

1.Ул.Чеде Филиповски Даме
2.Сокак на Ул. Н.Н. Борче
3.Сокак на ул:Ленинова
4.Ул.Марксова
5.Ул.Дојранска
6.Ул.Даме Груев
7.Ул.Јане Сандански
8.Ул.6-ти Ноември
9.Сокак помеѓу Ул.Плоштад Слобода и Ул. Партизанска
10.Ул.Ѓорги Сугарев
11.Ул.Јавор
12.Генерално перење на возилото

**ВТОРНИК**

1.Ул.Готен
2.Ул.Мирче Ацев
3.Сите сокаци помеѓу Ул.Мирче Ацев и ул.Партизанска
4.Ул.Серта
5.Ул.Партизанска-електродистрибуција
6.Генерално перење на возилото

**СРЕДА**

1.Ул.Шаин маало
2.Ул.Корчо маало дел
3.Бараките под полигонот(корчо маало)
4.Сокаците на Кеј 8-ми Септември лева страна од Римскиот мост до крај
5.Ул.Обрад Цицмил сокак
6.Сокак на Ул.Таско Андонов
7.Сокак на ул.Дане Трајков
8.Сокак на ул.Плачковица
9.Сокак на ул.Плачковички одреди
10.Генерално перење на возилото

**ЧЕТВРТОК**

1.Ул.Плачковица(Габрешко мааало)
2.Сокак на ул.Плачковица
3.Ул.Плачковица дел
4.Ул.Коџа Баир под резервоарот за вода
5.Ул: Коџа Баир над турските гробишта
6.Генерално перење на возилото

**ПЕТОК**

1.Сокаците и високите делови на ул.Бел Камен и Ул.Ана Поцкова
2.У.:Шаин Маале над џамијата
3.Генерално перење на возилото

**НЕДЕЛЕН РАСПОРЕД ЗА ПОДИГАЊЕ НА СМЕТ**

За **реон** број **4**-Возило трактор со 2 работника

**ПОНЕДЕЛНИК**
1.Ул.Гоце Делчев
2.Ул.Исаро
3.Ул.Бел Камен
4.Сокак на Ул:8-ми Септември
5. Ул:15-ти Корпус
6.Генерално перење на возилото

**ВТОРНИК**
1.Ул.Стојмен Трајков
2.Ул.Лисец со сокаците
3.Ул.Ана Поцкова
4.Село Раклиш
5.Генерално перење на возилото

**СРЕДА**
1.Ул:Шаин Маало
2.Дел од ул.Стив Наумов
3.Ул. М.М. Брицо
4.Сокак на ул.Партизанска
5.Сокак на ул. Илија Алексов
6.Ул.Страшо Пинџур
7.Ул.Пиринска
8.Генерално перење на возилото

**ЧЕТВРТОК**
1.Ул.Герас Цунев до ул.Питу Гули со сокакот
2.Ул.Егејска со сокакот
3.Ул.Чазманска
4.Ул.Видое Подгорец
5.Дел од ул.Вардарска (крајот на улицата)
6.Сокаците на дел од ул.Вардарска
7.Дел од ул.Кирил и Методиј, В.С.Бато до ул.Браќа Миладиновци
8.Ул. Браќа Миладиновци
9.Генерално перење на возилото

**ПЕТОК**
1.Ул:1-ви Мај
2.Дел од ул.Коста Сусинов
3.Ул.15-ти Корпус
4.Сокак на ул:Плачковица
5.Сокак на Калаузлиска
6.Дел од ул.Корчо Маало
7.Генерално перење на возилото

**ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ**

| Р.бр | **Опис на работни места** | **Потребен број на извршители** | **Пополнет број на извршители** |
|---|---|---|---|
| 1. | Раководител на Сектор | 1 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Работоводител | 1 | 1 |
| 3. | Возачи на специјални возила | 4 | 4 |
| 4. | Возачи на трактори | 3 | 2 |
| 5. | КВ и ПКВ работници | 15 | 10 |
| 6. | Стражари на депонија | 4 | 1 |
| 7. | АОП | 2 | 2 |
| 8. | Инкасатори | 4 | 4 |
| 9. | Административци | 6 | 6 |
| | **Вкупно** | **40** | **32** |

**ПРЕГЛЕД НА РАБОТНА РАКА ВО МЕХАНИЧКА РАБОТИЛНИЦА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ВОЗИЛАТА**

| Р.бр. | **Опис на работни места** | **Потребен број на извршители** | **Пополнет број на извршители** |
|---|---|---|---|
| 1. | Раководител | 1 | 1 |
| 2. | Механичар | 2 | 0 |
| 3. | Бравар | 1 | 0 |
| 4. | Електричар | 1 | 1 |
| | **Вкупно** | **5** | **2** |

**ПОТРЕБНИ ИНВИСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА ВО 2026 ГОДИНА**

| Р.бр. | **Опис на возила** | **Количина** | **Потребна инвестиција** |
|---|---|---|---|
| 1. | Смекарка за садови од 1,1 m3 | 2 | 16.000 000 ден. |
| 2. | Трактори | 2 | 1.600 000 ден. |
| 3. | Цистерна за вода | 1 | 10.000.000 ден. |
| 4. | Надградба Мулчер | 1 | 1.200 000 ден. |
| 5. | Булдужер | 1 | 9.000 000 ден. |
| 6. | Камион со телескопска корпа | 1 | 8.000 000 ден. |
| | **Вкупно:** | **8** | **45.800 000 ден.** |

**ПЛАНИРАНА ВКУПНАТА КОЛИЧИНА ВО m$^3$ НА СМЕТ СОБРАНИ ТРАНСПОРТИРАНИ И ДЕПОНИРАНИ ВО 2026 ГОДИНА**

| **Месеци** | **Отпад м$^3$ - месеци** | **Отпад м$^3$-дневно** |
|---|---|---|
| Јануари | 2094 м$^3$/месец | 67,55 м$^3$/ден |
| Февруари | 1903 м$^3$/месец | 65,62 м$^3$/ден |
| Март | 2076 м$^3$/месец | 66,97 м$^3$/ден |
| Април | 1942 м$^3$/месец | 64,73 м$^3$/ден |
| Мај | 2166 м$^3$/месец | 69,87 м$^3$/ден |
| Јуни | 1930 м$^3$/месец | 64,33 м$^3$/ден |
| Јули | 2104 м$^3$/месец | 67,87 м$^3$/ден |
| Август | 2057 м$^3$/месец | 66,35 м$^3$/ден |
| Септември | 1977 м$^3$/месец | 65,90 м$^3$/ден |
| Октомври | 2402 м$^3$/месец | 77,48 м$^3$/ден |
| Ноември | 2065 м$^3$/месец | 68,83 м$^3$/ден |
| Декември | 2065 м$^3$/месец | 66,61 м$^3$/ден |
| **Вкупно за 2025 година** | **24.781м3/година** | |

Вкупниот комунален отпад во Општина Радовиш за 2026 година се планира да изнесува 24.781 $m^3$ односно 9.912,4 t/годишно.

ЈП „Плаваја " Радовиш планира да изгради собирни места со контејнери на планината Плачковица кој ке бидат соодветно направени и одбележани каде граѓаните кои ја посетуваат планината ќе можат да го одложат коминалниот одпад .

Оваа инвестиција се планирана да изнесува некаде околу 1.200 000,00 денари

ЈП Плаваја има организирано и селекција на отпад од стакло за кој што има склучено договор со ПАКОМАК Скопје, а во периодот што доага планираме бројот на собирни места за собирање на отпад од стакло да го зголемиме.

За селекција на електронски и електричен отпад кој што се собира и се депонира во специјален бокс за електричен и електронски отпад сместен во стопанскиот круг на ЈП Плаваја и така собераниот електричен и електронски отпад се предава на фирмата ЕЛКОЛЕКТ Скопје со која што општина Радовиш и ЈП Плаваја имат склучено договор.Во 2023 година од страна на општина Радовиш и ЈП Плаваја беше склучен договор со постапувач на електричен и електронски отпад ЕКОЕЛЕКТРОН кој во моментот имат поставено 4(четири) собирни места во централното подрачје во Радовиш , овој тренд на поставување на дополнителен број на специјални садови за собирање на електричен и електронски отпад ке продолжи и во 2026 година.Во врска со селекцијата на отпад ЈП Плаваја во 2023 година изврши обележување на дел од поставените садови за собирање на отпад од хартија и пластика , а исто така се планира да се набави и дополнителни контејнери за селектиран отпад за пластика и хартија.

Покрај редовните тековни активности на собирање на смет, во 2026 година се планира да се изврши и чистење на повеќе диви депонии како на територијата на град Радовиш така и на територијата на населените места каде што се извршува организирано собирање на комунален отпад.

2. **Чистење на улици, тротоари и други јавни површини на општина Радовиш за 2026 година**

Програмата за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Радовиш за 2026 год. ги дефинира обемот, динамиката, начинот на вршење на потребните активности, потребниот број вработени и начинот на нивно финансирање. Одржување на јавна чистота подразбира чистење ( метење и миење ) на јавните сообраќајни површини и е во зависност од :

- Густината на населението
- Фрекфенција на луѓе и моторни возила
- Степен на нечистотија
- Степен на пречки ( паркирани возила, објекти и друго )
- Инфрастуктурните сообраќајни услови
- Делување на градежната оператива, која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини.

**Одржување на јавна чистота**

Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од:

- Рачно метење и машинско метење и миење на улиците, булеварите, како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени со законот за јавна чистота.
- Празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени во поширокото централно градско подрачје.
- 
- Одржување на јавни површини во зимски услови .

- Расчистување на диви депонии.
- Отстранување на атмосферски наноси.

Периодот на одржување е поделен на летен период од 01.04 до 31.10 со времетраење од 7 месеци и зимски период од 01.11 до 31.03 со време од 5 месеци .

Динамиката на чистењето ќе биде организирана според донесената програма за јавна чистота од страна на советот на општина Радовиш за 2026 година.

**Миење на улиците**

За перење на улиците во општина радовиш на претпријатието му е потребна нова авто цистерна со капацитет од 6 м$^3$ за перење и дезинфекција на коловозите со што многу ќе се подобри чистотата на улиците особено во летниот период.Перењето на улиците ке биде спроведено според донесената програма од советот на општина Радовиш за 2026 година.

**Повремени работи**

Повремените работни активности се извршуваат по налог на ЕЛС за вонредно чистење на одредени улици поради верски празници, јавни манифестации и други настани кои не се составен дел од програмата за јавна чистота.

**Одвоз на сметот при метењето**

За одвозот на сметот од улиците по оваа основа што се опфатени со програмата за одржување на јавна чистота ќе се користат специјалните комунални возила (ѓубрарки и трактори) кои исто така се користат редовно за истовар на смет од домаќинствата. Во работни денови за потребите на јавна чистота и по пријава на совесни граѓани за фрлање на кабаст отпад се интервенира со трактор со приколица со еден или два работника.

**Одржување и управување со јавни тоалети**

Како новитет во 2025 година е услугата на одржување и управување со јавни тоалети поставени на две локации во Радовиш и тоа на паркинг кај здравен дом Радовиш и дворот од поранешен електротехнички факултет. Потребните ресурси, средства и ангажирани лица ќе бидат дефинирани во програмата за јавна чистота донесена од страна на советот на општина Радовиш за 2026 година.

**Зимско одржување на улиците и тротоарите**

Подрачјето на општина Радовиш е под влијание на изменета континентална клима со влијание на медитеранска клима, што овозможува релативни благи зими и со мали врнежи од снег, а сето тоа трае два месеци во годината.

Согласно одлуката за Јавна чистота во општина Радовиш донесена од страна на Советот на општина Радовиш, правните и физичките лица се должни да го исчистат снегот и мразот од тротоарите.

Контролата на реализацијата на овие должности ќе го врши комуналната инспекција при локалната самоуправа.

Во случај на поголеми врнежи од снег одржувањето на улиците и тротоарите ЈП Плаваја и локалната самоуправа го регулираат со посебен договор.

Превентивни мерки на заштита

Со цел да се намалат опасностите од евентуални незгоди во зимскиот период ЈП Плаваја ги превзема сладните превентивни мерки и заштита:

- Потребна работна сила и механизација за расчистување на тротоарите и улиците
- Ја утврдува потребната количина на сол и песок за посипување
- Го утврдува начинот на ангажирањето на работната сила и активирањето на механизацијата
- Го утврдува приоритетот на чистење на улиците во заедничка соработка со МВР и ЕЛС.

I . Времетраење и степен на приправност

Времетраењето на приправноста е од 15.11.2025 до 01.03.2026 год.

Во овој период ќе бидат дежурни :

1. Двајца возачи на трактор .
2. Двајца општи работници.
3. Двајца возачи на универзална машина скип.

Продолжувањето на времетраењето на приправноста ќе се врши по потреба во зависност од временските услови, а сето тоа усогласено со надлежните служби при ЕЛС и МВР.

II. Преглед на улици и места за интервенција по приоритет

1. Ул.Булевар Александар Македонски се до преминот со улица Ѓорче Петров.
2. Ул.8 ми Септември
3. Ул. 22 Октомври
4. Ул. Св Спасо Радовишки
5. Ул. Коста Сусинов
6. Ул. 15ти Корпус
7. Ул. Чедо Филиповски Даме
8. Ул. Самуилова
9. Влезовите пред следните институции:
   - Детски градинки
   - Здравен дом
   - Основен суд
   - Управа на ЕЛС
   - Стопанска Банка
   - Пристап до МВР
10. Сите угорници што ги има град Радовиш

III. Планирано ангажирање на работна рака и механизација

Планирана механизација:

- Универзална машина Скип 2 броја.
- Мерцедес кипер 1 број.
- Трактор за машинско растурање на сол со плуг 1 број.
- Трактор за машинско растурање на сол 1 број.

Чистењето на тротоарите од снег ќе го вршат работниците кои работат на програмата за одржување на јавната чистота и одржувањето на зеленилото.

Списоците на возачи и работници се изготвени од страна на Стручните служби во ЈП Плаваја и се доставуват до ЕЛС по укажана потреба.

IV. Планирани количини на сол и ризла

Според досегашни искуства потребна количина на сол за расфрлање во една сезона е околу 20 тона, а сепариран песок ризла (гранулат 2˝) е околу 30 $м^3$

Финансиска конструкција на оперативниот план

Финансирањето на извршувањето на работите од овој оперативен план ќе се регулира со посебен договор помеѓу ЈП Плаваја и Градоначалникот на општина Радовиш.

Следењето и контролата на извршувањето на работите ќе го вршат службите при ЕЛС Радовиш, а фактурирањето ќе биде по ценовник кој ќе биде предмет на договор.

Реалната вредност на програмата ќе се дефинира по завршувањето на зимската сезона согласно потрошените материјали и обемот на ангажиранаата работна сила и механизација.

## 3. Одржување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2026 год.

Согласно на Законот за урбано зеленило Сл.весник 11/2018 како и согласно Правилникот за планирање, проектирање, подигање и одржување на зеленилото Сл.весник 205/2019 а со цел квалитетно и стручно одржување на градското зеленило и цветните површини, оделениеото Паркови и Зеленило при ЈП Плаваја Радовиш изготви Предлог годишна програма за подигање,обновување и користење на зеленилото за 2026 година на подрачјето на општина Радовиш.

Со оваа годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленилото се дефинираат следните податоци:

**1.** Површини под јавно зеленило, според намената ,функцијата и степенот на одржување утврден од страна на Јавното претпријатие за управување со зеленилото или правното лице регистрирано за таа намена ;

**2.** Преглед за потребите за одржување и тоа :

1) Одржување на зелени површини : Рачно косење, гребулање на трева пред машинско косење, машинско косење, собирање трева, чистење и изнесување на

зелен отпад (лист, искосена трева, искастрени гранки итн.) полевање на зелени површини;

2) Одржување на дрвенасти и грмушасти растенија: окопување дрвја, грмушки и жива ограда, кроење на грмушки, дрвја во дрвореди и жива ограда, фито заштита и полевање на дрвореди и зелени површини со цистерна како и одвоз на отпад со трактор;

3) Одржување на цвеќе: одржување на жардињери, одржување на цветни површини: плевење, прашење, садење и расадување окопување и прашење, како и производство на цветни расади;

4) Потребен број на извршители и опремување со ХТЗ опрема, алати и материјали како и финансиски средства согласно интензитетот и видот на одржување за секоја јавна зелена површина.

**3.** Подигање на зеленило, коешто опфаќа отстранување на старото и оштетено зеленило, како и подигнување и озеленување на нови површини при изградба на комунални инфраструктурни објекти.

Врз основа на планираните дејствија во врска со одржување и подигање на зелени површини на територијата на општина Радовиш, ЈП Плаваја преку одделението за заленило ке работи по програма за одржување и подигање на зелени површини кој се донесена од страна на советот на општина Радовиш за 2026 година.

Финансирањето на извршувањето на работите од програмата за одржување и обновување на паркови и други јавни површини ќе се регулира со посебен договор помеѓу ЈП Плаваја и Градоначалникот на општина Радовиш.

Следењето и контролата на извршувањето на работите ќе го вршат службите при ЕЛС Радовиш, а фактурирањето ќе биде по ценовник кој ќе биде предмет на договор.

## 4. Управување и одржување на градските гробишта во општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица и Покрајчево и Јаргулица за 2024 година.

Јавното претпријатие за комунални дејности Плаваја Радовиш како носител на целокупните комунални дејности на територијата на општина Радовиш преку одделението за Гробишта врши дејности во оваа област и тоа во градот Радовиш и во населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица и Покрајчево.

Со оваа програма се утврдува видот, физичкиот обем и вредностите на работите кои ќе се извршуваат на потребното ниво и општо одржување и одржување на гробиштата во овие населени места со кои стопанисува ЈП Плаваја Радовиш.

Одржувањето на гробиштата посебно во градот Радовиш претставува голем проблем поради недооформената комунална инфраструктура со што е отежнато спроведувањето на закопите и посетата на граѓаните на нивните гробни парцели.

Поради исполнување на капацитетите за формирање на нови гробни места на градската гробишта во Радовиш, потребно е 2026 година да се најде решение кое ќе биде подолгорочно со проширување на постоечките локации со нови гробни парцели.

ЈП Плаваја Радовиш преку одделението за Гробишта за успешно извршување на планираните работи во 2026 година ги предвидува следните активности:

1. Одржување и чистење на гробиштата, косење и кастрење, собирање и транспорт на комунален отпад
2. Парцелизирање на гробни јами, оградовање, градење на потпорни зидови и бетонирање на патеки
3. Административни работи
4. Поставување на чешма во новиот дел

Сите подетални активности за работа, како и планираните приходи и расходи се дефинирани во програмата за гробишта за 2026 година.

**5. Активности на градска Депонија**

Градската депонија која се наоѓа на само 2 км од градот Радовиш со лош пристапен пат и во 2026 година ќе се одржувана редовно.

Мора да констатираме дека депонирањето на количина отпад на гратската депонија од страна на ЈП Плаваја Радовиш во годинините назад е драстично зголемена. Причина за зголемувањето на депонираниот отпад е организираното собирање на комунален отпад на целата територија во општина Радовиш како и зголемените активности во чистење на диви депонии и организираното собирање на кабаст и друг вид отпад од населението кој го реализираме со два трактор 5 (пет) дена во неделата.Оваа активност е планирана да спроведува и во 2025 година со што се очекува да се намали создавањето на нови и зголемувањето на постоечките диви депонии.Во периодот од март 2019 година па се до 12.12.2026 година на територијата на градската депонија не е забележан пожар. Грижата и ангажманот во 2026 година ќе продолжи со редовно одржување и навремена интервенција да се спречат појавите на опожарувања со што ке покажеме дека се грижиме за зачувување на животната средина особено загадувањето на воздухот.

За редовно одржување на градската депонија ЈП Плаваја има распишано јавна набавка за обезбедување на булдужер со задача планирање и третирање на депонираниот комунален отпад на градската депонија. Голем проблем претставува депонирањето на отпад од страна на несовесни граѓани кој истиот го депонираат покрај патот што води до самата депонија. Планирано е во 2025 година да се изврши чистење на просторот покрај патот до депонијата.

**6. Чистење на диви депонии**

Физичкиот обем на работите и локалитетите на дивите депонии се определуваат според согледувањето на терен од страна на секторот за урбанизам и комунални работи при ЕЛС. При расчистување на дивите депонии ќе се користат товарни возила и градежни машини (камион, трактор и утоварувач ).Од искуството од минатите години за расчистување и трасспортирање на отпадот до гратската депонија предвидуваме повеке работни часа на механизација.

➢ **<u>Планирани активности за 2026 година во секторот за технички работи</u>**

Од страна на секторот за технички работи за 2026 година покрај тековното работење, имајќи во предвид дека дел од возниот парк е доста амортизиран се планирани следниве активности:

I. **Во делот на машинското одржување планирано е:**.

1. Ремонт на еден од тракторите за собирање на смет, Трактор IMT 539.
2. Набавка на булдожер

II. **Во делот на доопремување-подобрување на возниот парк планирано е:**

1. Набавка на Трактор
2. Набавка на тракторска приколка
3. Набавка на специјално возило за собирање на смет од 15 м$^3$.
4. Набавка на автоцистерна од 6 м$^3$ за перење и дезинфекција на коловози.
5. Набавка на специјално возило со телескопска корпа за работана висина

III. **Во делот на градежното одделение** покрај тековните активности за санација на прекопи поради дефеци или замена на нови линии, подигање на шахти, изработка на шахти се планираат и други активности:

1. Оградување на бунари
2. Планирање и бетонирање на парцели на гробиштата
3. Оградување на Градски гробишта
4. Изградба на пристапни патеки и потпорни зидови на гробиштата
5. Работни активности во одржување и санација на објекти од стопанскиот круг
6. Санација на резервоар Чам Баир и резервоар Подареш.

Секторот за технички работи секојдневно ке ја следи потрошувачката на гориво, масло и мазива за сите моторни возила како и траекторијата на движењето и изминатите километри или работни часови како и управувањето со возилата преку инсталираниот ГПС систем и ке води грижа за намалување на потрошувачката на гориво.

IV. **<u>Планирани активности за 2026 година во оделението за Паркинзи</u>**

Оделението за паркинзи покрај своите редовни активности за контрола на паркирање на возила на јавни површини наменети за паркирање, ке вршат и редовно одржување на хоризонталната и вертикална сигнализација на коловозите и паркиралиштата според програмата донесена од советот на општина Радовиш.

➢ **<u>Планирани активности за 2026 година во секторот за прочистување на урбани отпадни води</u>**

На Прочистителната станица за отпадни води во 2026 година се планирани да се изведуваат само тековни активности во редовно одржување на опремата по препораките на производителите, како и објектите за нормална работа на пречистителната станица. Во 2026 година се планира да се проектира фото напонска електрична централа или гасна централа за која ќе се бараат средства за нејзина изградба од страна на надворешни донатори. Со оваа централа за производство на електрична енергија ќе се овозможи значително да се намалат средствата наменети за потрошена електрична енергија и со тоа ќе се остварат заштеди кој што ќе влијаат на конечната цена за прочистување на отпадните води.Покрај инвестицијата во фотонапонска или гасна електрична централа во 2026 година се планира да се инвестира во нов пумпен агрегат за инлет комората кој ќе биде со пооптимални перформанси и тоа со помала електрична снага а поголем капацитет на испумпување со што ќе се овозможи работен режим со една пумпа и со тоа ќе се заштедат значителни средства со намалување на потрошувачката на ел енергија. Во 2025 година се планира да биде прифатена 1.500,000 м$^3$ фекална вода и во реципиентот Радовишка река се планира да се испушти 1.100,000 м$^3$ прочистена вода и обработи над 3.500 м$^3$ мил (тиња). Во 2026 година се планира е да се пополнат испразнетите места со стручен технички кадар за редовно оперирање и одржување на пречистителната станица за отпадни води.

- **<u>Планирани активности за 2026 година во Секторот за општи правни работи и човечки ресурси</u>**

Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси при ЈП Плаваја Радовиш е составен од три одделенија и тоа:

- Одделение за Правни работи и застапување
- Одделение за Општи работи
- Одделение за човечки ресурси

Вработените во Секторот за општи правни работи и човечки ресурси ќе вршат следење, толкување и примена на законските прописи поврзани со дејноститa и работењето на ЈП, изготвување и спроведување на статут, правилници , одлуки , договори , потврди, извештаи, писма и други акти за кореспонденција, поднесување на сите видови на тужби за физички и правни лица, приговори, жалби, барања за извршување, како и застапување на ЈП пред судовите, комплетирање на судски предмети и водење на евиденција, изготвување на материјали за седници на Управен Одбор, постапки за засновање и престанок на работни односи, решенија кои ги донесува директорот во врска со работниот однос, безбедност и здравје на работниците, физичко обезбедување на објекти и основни сретства, достава и прием на пошта, архивско работење, одржување на хигиена на деловни и работни простории.

- **<u>Планирани активности за 2026 година во Секторот за контрола на корисници</u>**

Секторот за контрола на корисници е составен од две одделенија и тоа:

- Одделение за изготвување и дистрибуција на сметки

- ❖ Одделение за информатички технологии

Вработените во Секторор за контрола на корисници редовно ќе ги извршуваат следните активности и тоа:

- Врши контрола и евиденција на новите и постојаните корисници, води сметка за издавање и корекција на сметки за извршените комунални услуги на ЈП,
- се грижи за редовно читање на водомерите на корисниците преку непосредно и далечинско читање,
- ја евидентира потрошувачката на вода во системот на податоци и ги изготвува билансите за неприходована вода,
- ги евидентира сите изливни места, врши верификација на водомерите,
- се грижи за правилно работење на компјутерскиот систем со кој работи ЈП,
- ги подготвува извештаите и помага во обезбедувањето на сите статистички податоци за работата на претпријатието,
- ги пополнува индикаторите за успешност на претпријатието.
- се грижи за навремено и точно издавање на сметките за искористените услуги кои ги дава ЈП,
- врши информирање на корисниците за сите работи кои се однесуваат на издадените сметки,
- се грижи за редовно информирање на корисниците за нивните права и обврски согласно процедурите на претпријатието и законската регулатива,
- води сметка за редовно и точно читање на водомерите и точно внесување на податоците за прочитаните податоци во системот,
- се грижи за одржувањето на водомерите на корисниците,
- дава техничка поддршка на компјутерските системи на ЈП Плаваја Радовиш преку одржување, поврзување, надградување;
- Обезбедува негово непречено функционирање (по барање и во согласност со раководителите на секторите).
- Врши активности за изградба на единствен хардверски и софтверски систем на ниво ЈП со компјутеризација на сите оддели и поврзување на различните софтверски апликации.
- Припрема спецификации на функционалности за нови софтверски решенија (по барање на раководителите на сектори и менаџментот) и учествува во набавката, инсталирањето и обуката за нови хардверски и софтверски решенија.

- Ја администрира web страната на претпријатието и навремено ги објавува на социјалните мрежи сите известувања за работата на претпријатието,
- раководи, дополнува, администрира и ја чува согласно законските регулативи базата на податоци на претпријатието.
- 

## **Планирани активности за 2026 година во Секторот за финансии, сметководство и комерција**

Секторот за финансии, сметководство и комерција при ЈП Плаваја Радовиш е составен од три одделенија и тоа:

- Одделение за сметководство
- Одделение за финансии
- Одделение за јавни набавки

Вработените во Секторот за финансии, сметководство и комерција редовно ке ги извршуваат следните активности и тоа:

- Ажурно водење на целокупното материјално и финансиско работење согласно Законите за сметководство и Меѓународно – сметководствените стандарди.
- Се грижи за навремено доставување на финансиските докуменити од одделението за јавни набавки, материјалната евиденција во магацинот, изводводите за состојба на паричните средства во деловните банки.
- Ја подготвува финансиска документација и ја ажурира по хронолошки ред.
- Изготвува секојдневни касови извештаи, евидентирање на благајничкото работење и ажурирање.
- Врши месечни пресметки на плати , исплата на придонеси и персонален данок.
- Изготвува месечни пресметки на данок на додадена вредност.
- Изготвува тромесечни полугодишни и годишни финансиски извештаи.
- Врши книговодствено усогласување со комитенти .
- Ја следи финансиската состојба и врши исплата на обврските према добавувачите.
- Изготвува годишен план за јавни набавки и објавува огласи за јавни набавки.
- Врши набавка на материјали, опрема и услуги за потребите на секторите за нормално функционирање на претпријатието.
- Ја следи реализацијата на договорите за јавни набавки.
- Изготвува финансов план за работење на ЈП Плаваја за наредната година и го следи неговото извршување.

**Во табелата што следува се прикажани планираните Приходи и Расходи за нормално работење на ЈП Плаваја за 2025 година:**

## **ФИНАНСОВ ПЛАН ЗА 2026 година**

**РАСХОДИ**

Трошоци за материјали

| Ред.бр. | Видови на трошоци | ЈП Плаваја |
|---|---|---|
| 1.1 | Потрошени материјали и резервни делови | 5,300,000.00 |
| 1.2 | Потрошена електрична енергија | 15,500,000.00 |
| 1.3 | Потрошено Гориво и мазиво | 4,000,000.00 |
| 1.4 | Трошоци за вода и смет | 350,000.00 |
| 1. | **ВКУПНО:** | **25,150,000.00** |

| Ред.бр. | Видови на трошоци | ЈП Плаваја |
|---|---|---|
| 2.1 | Транспортни услуги | 0.00 |
| 2.2 | Теле.услуги (мобилни) | 600,000.00 |
| 2.3 | Теле.услуги (фиксни) | 100,000.00 |
| 2.4 | Поштарина | 100,000.00 |
| 2.5 | Инвестициони одржувања | 0.00 |
| 2.6 | Услуги за прекоп и чистење депонија | 2,498,852.00 |
| 2.7 | Услуги по договор за дело одр. | 0.00 |
| 2.8 | Трошоци за УО | 450,000.00 |
| 2.9 | Трошоци за закуп | |
| 2.10 | Услуго за зонско паркирање | 900,000.00 |
| 2.11 | Услуги за санитар. контрола на вода од ЗЗЗ Штип | 800,000.00 |
| 2.12 | Други услуги | 450,000.00 |
| 2.13 | Услуги за регистрација на возила | 300,000.00 |
| 2.14 | Услуги за поправка и одржување на возила | 750,000.00 |
| 2.15 | Адв. Нотар. и Извршни услуги | 700,000.00 |
| 2.16 | Членарини на здруженија | 95,000.00 |
| 2.17 | Здравствени услуги | 150,000.00 |
| 2.18 | Трошоци за Семин. и стру. литература | 145,000.00 |
| 2.19 | Интелектуални услуги | 150,000.00 |
| 2.20 | Трошоци за јавни набавки | 200,000.00 |
| 2. | **ВКУПНО:** | **8,388,852.00** |

**Други трошоци**

| Ред.бр. | Видови на трошоци | ЈП Плаваја |
|---|---|---|
| 3.1 | Регрес за годишен одмор | 2,500,000.00 |
| 3.2 | Дневници за службен пат | 150,000.00 |
| 3.3 | Надоместок на трошоци за службен пат | 55,000.00 |
| 3.4 | Отпремнина за пензија | 350,000.00 |
| 3.5 | Помош на семејства | 0.00 |
| 3.6 | Премии за осигурување | |
| 3.7 | Трошоци за банкарски провизии | 750,000.00 |
| 3.8 | Трошоци за промоција пропаганда и реклама | 0.00 |
| 3.9 | Трошоци за репрезентација | 200,000.00 |
| 3.10 | Трош.за репразентација бифе | 75,000.00 |
| 3.11 | Судски такси, финанс.резер. | 200,000.00 |
| 3.12 | Казни,пенали,штети | 0.00 |
| 3.13 | Спонзорст.за спорт и реклама | 60,000.00 |
| 3.14 | Камати | 1,500,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.15 | Вред. усогл на кратк. побар. | |
| 3.16 | Сомнителни и спор.побар | 1,250,000.00 |
| 3.17 | Др.нематеријални трошоци | 0.00 |
| 3.18 | Др.немат.Тро.- сечење на дрва | 50,000.00 |
| 3.19 | Трошоци за РД такса | 0.00 |
| 3.20 | Дополнителни утврдени трошоци по решение | 0.00 |
| 3.21 | Погребални трошоци за сандаци и венци | 0.00 |
| 3.22 | Дополнителни утврдени трошоци по решение | 0.00 |
| 3.23 | Трошоци за одржување на софтвер | 200,000.00 |
| 3.24 | Трошоци за фонд за води | 0.00 |
| 3.25 | Трошоци за комисија за енергетика | 125,000.00 |
| 3. | **Вкупно:** | **7,465,000.00** |

| **Ред.бр.** | **Видови на трошоци** | **ЈП Плаваја** |
|---|---|---|
| 4.1 | Набавна вредност | 0.00 |
| 4.2 | Амортизација (просек од лани) | 28,338,337.00 |
| 4.3 | Бруто плата | 70,000,000.00 |
| 4.4 | Бруто Плата АПВ | 6,500,000.00 |
| 4. | **Вкупно:** | **104,838,337.00** |

| | | |
|---|---|---|
| 5=1+2+3+4 | **Вкупно трошоци:** | **145,842,189.00** |

**ПРИХОДИ**

| **Ред.бр.** | **Видови на приходи** | **ЈП Плаваја** |
|---|---|---|
| **6.1** | Приходи од продажба на вода | 47,500,000.00 |
| **6.2** | Такса за приклучок на вода | 750,000.00 |
| **6.3** | Приходи од приклучок на канализациона мрежа | 200,000.00 |
| **6.4** | Приходи од канализација | 8,183,454.00 |
| **6.5** | Приходи од нелегални приклучоци | 100,000.00 |
| **6.6** | Приходи од водоин. услуги | 500,000.00 |
| **6.7** | Приходи од замена на водомери | 80,000.00 |
| **6.8** | Приходи од закупнини | |
| **6.9** | Птиходи од напл. отпиш. побарувања | 0.00 |
| **6.10** | Приходи од отпис на обврски | 0.00 |
| **6.11** | Приходи од камати | 1,850,000.00 |
| **6.12** | Приходи од донации | |
| **6.13** | Вонредни приходи | |
| **6.14** | Приходи од минати години | |
| **6.15** | Приходи од тужби судски трошоци | 950,000.00 |
| **6.16** | Приходи од наплата на штети | |

| | | |
|---|---|---|
| **6.17** | Приходи од смет | 29,500,000.00 |
| **6.18** | Приходи од комунален придонес домаќинства | 0.00 |
| **6.19** | Приходи од продажба на канти и контејнери | 300,000.00 |
| **6.20** | Приходи од јавни работи | |
| **6.21** | Приходи од погребална такса | 2,500,000.00 |
| **6.22** | Приходи од превоз на мртовци | 0.00 |
| **6.23** | Приходи од резервација на гроб | 520,000.00 |
| **6.24** | Приходи од гробишта | 500,000.00 |
| **6.25** | Приходи од есхумација | |
| **6.26** | Приходи од пазарна такса | 550,000.00 |
| **6.27** | Приходи од резервација на Тезги | 750,000.00 |
| **6.28** | Приходи од пазар | |
| **6.29** | Такса за јавна чистота | 0.00 |
| **6.30** | Приходи од амортизација на гранит | 25,463,735.00 |
| **6.31** | Други приходи од вработени | 0.00 |
| **6.32** | Приходи од погребална опрена | 0.00 |
| **6.33** | Приходи од паркови и зеленило | 10,000,000.00 |
| **6.34** | Приходи од фонд за води | 0.00 |
| **6.35** | Приходи од продажба на материјали | 0.00 |
| **6.36** | Приходи од донации дадени во опрема | |
| **6.37** | Приходи од јавна чистота по програма | 10,000,000.00 |
| **6.38** | Вонредни приходи нотарска награда | 350,000.00 |
| **6.39** | Вонредни приходи нотарски трошок | 150,000.00 |
| **6.40** | Приходи од прочистување отпадни води | 1,395,000.00 |
| **6.41** | Приходи од резервација на паркинг места | 1,250,000.00 |
| **6.42** | Приходи од непрописно паркирање | 250,000.00 |
| **6.43** | Приходи од паркинг по СМС пораки | 2,000,000.00 |
| **6.44** | Приходи од паркинг од грепки | 250,000.00 |
| 6. | **ВКУПНО:** | 145,842,189.00 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **6.** | **Вкупни приходи** | **145,842,189.00** |
| **5.** | **Вкупни трошоци** | **145,842,189.00** |
| **6-5** | **Добивка / Загуба** | **0.00** |

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1566/2
Дата 24.12.2025 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување на Програма за управување и одржување на градски гробишта во Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2026 година и Програма за управување и одржување на градски гробишта во Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување на Програма за управување и одржување на градски гробишта во Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2026 година бр.08-1567/1 и Програма за управување и одржување на градски гробишта во Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2026 година, бр.08-1567/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1567/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 7 од Законот за комуналните дејности ( „Службен весник на РМ“ број 111/08 ), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 17 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
за донесување на Програма за управување и одржување на градски гробишта во Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2026 година

I. Се донесува Програма за управување и одржување на градски гробишта во Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2026 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавање во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1567/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 7 од Законот за комуналните дејности ( „Службен весник на РМ“ број 111/08 ), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 17 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

ПРОГРАМА
за управување и одржување на градските гробишта во општина Радовиш, и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2026 година

**ВОВЕД**

Јавното претпријатие за комунални дејности Плаваја Радовиш како носител на целокупните комунални дејности на територијата на општина Радовиш преку одделението за Гробишта врши дејности во оваа област и тоа во градот Радовиш и во населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица и Покрајчево.

Со оваа програма се утврдува видот, физичкиот обем и вредностите на работите кои ќе се извршуваат на потребното ниво и општо одржување и одржување на гробиштата во овие населени места со кои стопанисува ЈП Плаваја Радовиш.

Одржувањето на гробиштата посебно во градот Радовиш претставува голем проблем поради недооформената комунална инфраструктура со што е отежнато спроведувањето на закопите и посетата на граѓаните на нивните гробни парцели.

Поради исполнување на капацитетите за формирање на нови гробни места на градската гробишта во Радовиш, потребно е час побргу во текот на 2026 година да се најде решение кое ќе биде подолгорочно со проширување на постоечките локации со нови гробни парцели. Исто така е потребно да се обезбеди и дополнителен паркинг простор за потребите на граѓаните, а исто така и изградба на нова капела во горна зона на гробиштата како и пристапен пат. Овие работи ЕЛС при Општина Радовиш треба да ги планира на терет на буџетот на општина Радовиш за 2026 година и истите да ги реализира надвор од оваа програма.

Поради недостиг на доволни информации за гробиштата од другите населени места кој со одлука на совет се доделени на користење и управување на ЈП Плаваја, оваа програма ке ги опфати само основните предвидени работи и активности за кој сметаме дека се доволни.

ЈП Плаваја Радовиш преку одделението за Гробишта за успешно извршување на планираните работи во 2026 година ги предвидува следните активности:

5. Одржување и чистење на гробиштата, косење и кастрење, собирање и транспорт на комунален отпад
6. Парцелизирање на гробни јами, оградовање, градење на потпорни зидови и бетонирање на патеки
7. Административни работи

## I Планиран Расход

### 1. Одржување и чистење на гробиштата, косење и кастрење, собирање и транспорт на комунален отпад

**А**.За одржување на комуналната хигиена, зеленило со косење и кастрење потребен е ангажман од работници прикажан во табела бр.1:

**Табела бр.1**

| **Ред.бр.** | **локација** | **Денови на интервенција** | **Човечки ресурси** | **дневница** | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Градски гробишта | 250 | 4 | 2470,00 | 2 470 000,00 |
| 2. | с.Раклиш | 52 | 2 | 2 470,00 | 256.880,00 |
| 3. | с. Ораовица | 52 | 2 | 2 470,00 | 256.880,00 |
| 4. | с.Јаргулица | 52 | 2 | 2 470,00 | 256.880,00 |
| 5. | с. Покрајчево | 52 | 2 | 2 470,00 | 256.880,00 |
| **ВКУПНО: 3 497 520,00 ден.** | | | | | |

**Б**. За извршување на активностите, потребни се средства за набавка на потрошни материјали прикажани во табела бр. 2 и тоа:

**Табела бр.2**

| **Ред.бр.** | **локација** | **Гориво (литар)** | **Цена** | **1:Вкупно** | **Уље (литар)** | **Цена** | **2:Вкупно** | **Конец ед.мер метар** | **Цена** | **3:Вкупно** | **СЕ вкупно 1+2+3** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Градски гробишта | 150 | 100,00 | 15.000,00 | 20 | 509,00 | 10 180,00 | 1200 | 10,00 | 12.000,00 | 37.180,00 |
| 2. | с.Раклиш | 60 | 100,00 | 6.000,00 | 10 | 509,00 | 5 090,00 | 600 | 10,00 | 6.000,00 | 17.090,00 |
| 3. | с. Ораовица | 60 | 100,00 | 6.000,00 | 10 | 509,00 | 5 090,00 | 600 | 10,00 | 6.000,00 | 17.090,00 |
| 4. | с.Јаргулица | 60 | 100,00 | 6.000,00 | 10 | 509,00 | 5 090,00 | 600 | 10,00 | 6.000,00 | 17.090,00 |
| 5. | с. Покрајчево | 60 | 100,00 | 6.000,00 | 10 | 509,00 | 5 090,00 | 600 | 10,00 | 6.000,00 | 17.090,00 |
| | | | | | | | | | | **Вкупно: 105.540,00ден.** | |

**В:**Собирање и транспорт на комунален отпад ЈП Плаваја ке врши од гробиштата што се доделени на управување од страна на советот на општина Радовиш и тоа: градските гробишта во Радовиш и гробиштата во населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, и Покрајчево и тоа 3 до 4 пати во текот на годината и за изведување на истата се потребни следните средства:

**12 камионски тури х 4 пати = 48 тури х 1300,00 ден = 62 400,00 ден.**
**Работа на Скип 12 часа х 4 пати = 48 часа х 3 000,00 ден = 144 000,00 ден.**
**Човечки ресурси 8 дена х 3 работника х 2 120,00,00 = 59 280,00 ден.**

Вупно за собирање и транспортирање на комунален отпад се потребни средства во износ од **265 680,00 денари.**

**Вкупно за реализација на овие активности** прикажани во (А+Б+В) табела 1 и 2 како и собирање и транспорт на комунален отпад, **потребни се:**

**(3 497 520,00 + 105.540,00 + 265 680,00 = 3 868 740,00 ) или**

- **Вкупно : 3 868 740,00 денари**

2. **Парцелизирање на гробни јами, оградовање, градење на потпорни зидови и бетонирање на патеки и набавка на ХТЗ опрема, алати и материјали**

За парцелизирање на гробни јами, обновување на оградувањето со бетонски столбови и жица на сите локации каде што има гробишта (во Радовиш, Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево) особено на проширувањето на локацијата на градските гробишта во Радовиш како и замена на постоечка ограда од стариот дел на градската гробишта која е на граница на ул. Гоце Делчев потребни се :

**А**. Изработка на детален урбанистички проект за парцелизација :
**120 000,00 денари**

**Б**: Потребни човечки ресурси за изведба на градежни работи :
**52 дена x 8 работника x 2 470,00 ден. дневница = 1 027 520,00 денари.**

**В**. Потребен материјал за оградување (Ограда од железо-дрво, метална мрежа, метални и бетонски столбови)
**паушално 550 000,00 денари**.

**Г.** За изведување на активност и одржување на комуналната инфраструктура
(**За бетонирање на патеки и потпорни ѕидови потребни се следните материјали):**

- Песок 30м$^3$ x 1102,00 = 33 060,00 ден.
- Цемент 200 вреќи x 390,00 ден. = 78 000,00 ден
- Даски за шелување 3м$^3$ x 14 400,00 ден = 43 200,00 ден.

**ВКУПНО: 154 260,00 ден.**

**Д.** Поединечно **потребните алати и опрема** за реализација на програмата се прикажани во **табела 3**:

**Табела бр.3:**

| **Производ** | **количина** | **Ед. Цена/мера** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| Метли (сламени или пластични) | 24 броја | 205 | 4920,00 ден. |
| Мотики | 2 броја | 350 | 700,00 ден. |
| Гребули за лисја | 4 броја | 480 | 1 920,00 ден. |
| Моторна грбна косачка | 4 број | 33495 | 133 980,00 ден. |
| Ножици за кроење со долги рачки | 2 броја | 960 | 1 920,00 ден. |

**Вкупно = 143 440,00 ден.**

**Ѓ.** Во табела 4 е прикажана **ХТЗ опремата** за работниците на одд. "Гробишта "

**Табела бр.4:**

| **Производ** | **количина** | **Ед. Цена/мера** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| Работно одело летно | 6 броја | 2350 | 14 100,00 ден. |
| Работно одело зимно | 6 броја | 3550 | 21 300,00 ден. |
| ракавици | 150 броја | 100 | 15 000,00 ден. |
| чевли | 6 броја | 1950 | 11 700,00 ден. |
| чизми гумени | 6 броја | 800 | 4 800,00 ден. |
| флуоросцентен елек | 6 броја | 250 | 1 500,00 ден. |
| кабаници | 6 броја | 790 | 4 740,00 ден. |
| маици | 6 броја | 290 | 1 740,00 ден. |

**Вкупно = 74.880,00 ден.**

**Вкупно за проектирање, парцелизирање на гробни јами, оградовање, градење на потпорни зидови , бетонирање на патеки и набавка на ХТЗ опрема, алати и материјали (А+Б+В+Г+Д+Ѓ) потребно е средства од (120 000,00+1 027 520,00,00+550 000,00+154 260,00+143 440,00+74 880,00 = 2 070 100 ,00) или**

**Вкупно: 2 070 100,00 денари**

## 3. Административни работи и бруто плати за административни работници

Во реализацијата на оваа програма се опфатени и бруто личните доходи во административниот дел и тоа:

**А**.Раководител на одделение 945 000,00 денари годишно
**Б**.Финансово и материјално книговодство и наплата 1 250 000,00 денари годишно
**В**.Правни услуги 300 000,00 денари годишно

**Вкупно за административни работи и бруто плата за административни работници (А+Б+В) потребно е средства од**
**(945 000,00+1 250 000,00+ 300 000,00 = 2 495 000,00) или**

**Вкупно: 2 495 000,00 денари**

**Вкупно расходи за реализација на оваа програма по сите три основи (1+2+3) е (3 868 740,00 +2 070 100 ,00+2 495 000,00= 8 433 840,00) или**

**Вкупно: 8 433 840,00 денари .**

**II. Планиран Приход**

Одделението за гробишта се финансира од гробна такса( гробарина) што се наплаќа по регистриран корисник на комунални услуги на ЈП Плаваја и тоа во населените места каде што со одлука на совет се доделени ингиренциите за управување и одржување на гробиштата од страна на ЈП Плаваја Радовиш, резервација на гробно место, надомест за влез на оператори и надомест за влез на каменорезци.

Вкупно месечните **приходи од такса (гробарина)** се очекува да се наплатува од околу 3940 корисника и истата ке изнесуваат околу 197.000,00 денари по месец, или за 12 месеци износот би требало да е **2.364.000,00** денари со 100% процент на наплата.
**Дополнителни приходи** се очекуваат од **влез на оператори** и **влез на каменорезци** кој приходи од предходно искуство би биле околу **420.000, 00** денари
Бидејки расходите се планирани на **8 433 840,00** денар а приходите се **2.784.000,00 денари,** се појавува разлика помеѓу приходите и расходите од **– 5 649 840,00 денари.**

Од сето погоре прикажано очигледно е дека ЈП Плаваја Радовиш не може со планираниот приход да ги покрие сите планирани активности кој створаат расходи кои се јавуваат во извршувањето на оваа дејност и за да може во целост да се реализира програмата ке треба да се дообезбедат средства од други извори или да се покачи таксата за гробарина.

Сите цени наведени во програмата се без ДДВ кој ќе биде пресметан дополнително според соодветните стапки на услугите,средствата и материјалите.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1567/2
Дата 24.12.2025 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување на Програма за управување со отпад на територијата на Општина Радовиш за 2026 година и Програма за управување со отпад на територијата на Општина Радовиш за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување на Програма за управување со отпад на територијата на Општина Радовиш за 2026 година бр.08-1568/1 и Програма за управување со отпад на територијата на Општина Радовиш за 2026 година, бр.08-1568/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1568/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш, на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година ја донесе следната :

О Д Л У К А
за донесување на Програма за управување со отпад на територијата на Општина Радовиш за 2026 година

I. Се донесува Програма за управување со отпад на територијата на Општина Радовиш за 2026 година.

II. Оваа влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1568/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Трајков Дединец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

П Р О Г Р А М А
ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА РАДОВИШ
За 2026 год.

## ВОВЕД

Средината во која што човекот живее, работи, се движи, треба да биде чиста и хигиенско-санитарна.Оваа се однесува во и околу домот, во и околу работните простории,парковите и други јавно прометни површини.

Сметот кој се создава во индивидуалните простории под покриена површина и од дворно место, треба да биде навремено одстранет и транспортиран до соодветна депонија на Општина Радовиш.

Во зависност од стандардот на населението треба да се обезбеди соодветна и квалитетна услуга за селектирање и собирање на сметот од домовите и работните простории.

Локалната Самоуправа, Градоначалникот на општина Радовиш и ЈКП Плаваја Радовиш треба сите заедно да се стремат и организираат да спроведат поквалитетна услуга за селектирање, собирање, транспортирање и депонирање на сметот приближно како што се врши во повеке европски држави.

Со Законот за управување со отпад и со Одлуката за комунален ред се регулираат правата и обврските на корисниците како и правата и должностите на давателот на услугите т.е. ЈКП Плаваја Радовиш.

Тоа зборува дека селектирањето, собирањето и депонирањето на сметот се организира во рамките на законската регулатива односно врз основа на Одлуката за комунален ред и мерките за нејзино спроведување, па врз основа на овие одлуки непречено ке се одстранува сметот кој директно влијае на животната средина, на поквалитетно чистење на просториите каде човекот живее, работи, се релаксира или се движи по јавно прометните површини.

## ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА ПРОГРАМАТА ЗА СЕЛЕКТИРАЊЕ, СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ И ИНДУСТРИСКИОТ НЕОПАСЕН ОТПАД ОД ЦЕЛАТА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2026 ГОДИНА

Оаа програма има за цел со нејзиното реализирање да се овозможи целосно селектирање, собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот и индустриски неопасен отпад од целата територија на општина Радовиш, и истото да биде навремено, поекономично и поквалитетно извршено. Со оваа програма се прикажуваат планираните работи и работните задачи по реони и временски интервали, како и временската динамика на извршување, а се тоа во склад со Одлуката за комунален ред.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2026 ГОДИНА

Динамиката на изнесување на сметот содржан во соодветни садови, се врши согласно овој план, заради обезбедување на организиран пристап во селектирањето, собирањето, транспотрирањето и депонирањето до соодветната депонија или собирни пунктови на комуналниот и индустриски неопасен отпад, како и обезбедување на целосна контрола врз работата во извршувањето на задачите по квалитет и одредената динамика според планот на активности.

Во овој документ се опфатени дневни задачи кој по обем ги определуваат границите на еден реон. Реонот е основна организациона и оперативна единица во која се карактеризирани обемот, динамиката и времето на дејствување.

Во определување на реоните, воедно е сметка истите да преставуваат една целина со определена динамика на изнесување на сметот поединично за секоаја услуга во реонот.

Во планот за собирање, транспортирање и депонирање на сметот на подрачјето на општина Радовиш направен е во 4 (четири) реони и посебен план за правните субјекти и државните и општински институции.

Собирање, транспортирање и депонирање на сметот ке се врши во согласност со Одлуката за комунален ред еднаш неделно, а по потреба и двапати и повеке пати на позиции каде ке се утврди дека има потреба,но за оваа 2026 година се планира во централното градско подрачје и поголемите населени места дополнително да се собираат и во среда и петок.

За да се исполни оваа програма во однос на потребни возила во следната табела прикажано е со колкав број на возила располага ЈКП „Плаваја“ Радовиш и потребата од нови возила во периодот од 2025 година за непречено да се изврши оваа програма.

| **Р.бр.** | **Опис на возилото** | **Постоечки возила** | **Потребни возила** |
|---|---|---|---|
| 1. | Смекарка за контејнери 1,1m3 | 2 | 4 |
| 2. | Трактори | 2 | 4 |
| 3. | Градежна машина на депонија булдожер | 1 | 1 |
| 4. | Цистерна за вода | 1 | 2 |
| 5. | | | |
| | **Вкупно** | **6** | **11** |

За да се врши селектирање на комуналниот отпад во следната табела прикажано е со колкав број на канти и контењери располага ЈКП „Плаваја“ Радовиш и потребата од набавка на нови канти и контењери во периодот од 2025 година..

| Р.бр. | **Опис на садови за собирање на смет** | **Постоечки бр. На садови** | **Потребен бр. На садови** |
|---|---|---|---|
| 1. | **контејнери од 1,1m3** | **470** | |
| 2. | **Канти за селекција на отпад од 120 л** | **600** | **6000** |

**НЕДЕЛЕН РАСПОРЕД ЗА ПОДИГАЊЕ НА СМЕТ**

За **реон** број **1**-Возило специјален камион со 3 работника

**ПОНЕДЕЛНИК**

1.Ул.Партизанска до ул.Кеј 8-ми Септември
2.Ул.Илинденска од ул.Кеј 8-ми Септември до плоштад Св.Спасо Радовишки
3.Ул.Маршал Тито до ул.Чедо Филиповски Даме
4.Ул.Чедо Филиповски Даме
5.Ул.Самоилова (згради, Полициска станица, ресторан Вртешка)
6.Ул.Блаже Конески (Здравствен Дом - Радовиш)
7.Бул.А.Македонски (двете страни)
8.Ул.22-ри Октомври
9.Ул.Коста Сусинов
10.Ул.Плоштад Слобода(детска градинка објект “Детско Изворче” и Македонска пошта)
11.Ул.1ви Мај
12.Ул.Ленинова
13.Ул.Наум Наумовски Борче
14.Ул.Благој Туфанов
15.Ул.Новопроектирана (пат за Прочистителна станица)
16.Генерално перење на возилото

**ВТОРНИК**

1.Ул.Самоилова (згради, Полициска станица, ресторан Вртешка)
2.Ул.Блаже Коневски (Здравствен дом)
3.Бул.А.Македонски (двете страни)
4.Ул.22-ри Октомври

5.Ул.Коста Сусинов
6.Ул.Плоштад Слобода(детска градинка објект “Детско Изворче” и Македонска пошта)
7.Ул.Кеј 8ми Септември од стар базен до парк на Млади
8.Ул.Св.Спасо Радовишки до ул.Маршал Тито
9.Ул.Партизанска (факултет) до ул.кеј 8-ми Септември
10.Кеј 8ми Септември до ул.Блаже Конески
11.Ул.Ацо Караманов
12.Ул.Ленинова
13.Ул.Пере Тошев
14.Ул.Благој Туфанов (детска градинка Управна зграда)
15.Бул.А.Македонски и Индистриска зона
16.Рудник Бучим и Трајал Детонит
17.с.Ињево
18.Генерално перење на возилото

**СРЕДА**

1.Ул.22-ри Октомври (Стоковна куќа)
2.Ул.Коста Сусинов (стар Градски пазар)
3.Ул. Плоштад Слобода (Пошта)
4.Ул.Кеј 8ми Септември ОУ Никола Карев до ул.Илинденска
5.Ул.Маршал Тито
6.Ул.Чедо Филиповски Даме
7.Ул.Самоилова до бул.А.Македонски (контењери кај Слога)
8.ул.22ри Октомври до Стопанска банка, по ул.Партизанска до ул.Кеј 8ми Септември
9.ул.Самоилова (контењери ресторан Вртешка)
10.Ињево
11.Војславци
12.Сулдурци
13.Калугерица

**ЧЕТВРТОК**

1.Ул.Партизанска до ул.Кеј 8ми Септември
2.Ул.Гоце Делчев (црква Св. Пророк Илија)
3.Ул.Илинденска од ул.Кеј 8миСептември до плоштад Св.Спасо Радовишки
4.Ул.Маршал Тито до ул.Чедо Филиповски Даме
5.Ул.Чедо Филиповски Даме
6.Ул.Самоилова (згради, Полициска станица, ресторан Вртешка)
7.Ул.Блаже Конески (Здравен Дом)
8.Бул.А.Македонски (двете страни)
9.Ул.22ри Октомври
10.Ул.Коста Сусинов
11.Ул.Плоштад Слодода(детска градинка објет “Детско Изворче” и Македонска пошта)
12.Ул.1ви Мај
13.Ул.Ленинова
14.Ул.Н.Н.Борче
15.Ул.Благој Туфанов
16.Ул.Новопроектирана (пат за Прочистителна станица)
17.Бул.А.Македонски (Индустриска зона фирми)
17.Генерално перење на возилото

**ПЕТОК**

1.Ул.Самоилова (згради, Полициска станица, ресторан Вртешка)
2.Ул.Блаже Коневски (Здравствен дом)
3.Бул.А.Македонски (двете страни)

4.Ул.22ри Октомври
5.Ул.Коста Сусинов
6.Ул.Плоштад Слодода(детска градинка објет “Детско Изворче” и Македонска пошта)
7.Ул.Партизанска (цела)
8.Ул.Благој Туфанов (детска градинка објект Управна зграда)
9.Рудник Бучим и Трајал Детонит
10.Рудник Боров дол
11.с.Ињево
12.Генерално перење на возилото

**САБОТА**

1.с.Воиславци
2.с.Сулдурци
3.с.Калуѓерица
4.Бул. А.Македонски (двете страни)
5.Ул.Илија Алексов (контењери)
6.с.Раклиш (контењери)
7.Ул.22ри Октомври
8.Ул.Коста Сусинов
9.Ул.Плоштад Слодода(детска градинка објет “Детско Изворче” и Македонска пошта)
10.Ул.Кеј 8ми Септември (двете страни)
11.Генерално перење на возилото

**НЕДЕЛЕН РАСПОРЕД ЗА ПОДИГАЊЕ НА СМЕТ**

За **реон** број **2**-камион со 3 работника

**ПОНЕДЕЛНИК**

1.Ул:Илија Алексов (од мост кај Гошо Панде до кружен тек на бул.А.Македонски градинка објект “Цветови”)
2.ОУ К.Петков Мисирков
3.Комплекс Д Клуб
4.Ул.Кеј 8ми Септември до ул.Партизанска (мост кај Гошо Панде)
5.Ул.Партизанска до ул.Плачковички одреди
6.Ул.Калузлиска до полигон
7.Ул.Кеј 8ми Септември до ул.Обрад Цицмил
8.Ул.Обрад Цицмил
9.Ул.Илинденска од ул.Плачковички Одреди до ул.Кеј 8ми Септември
10.Ул.Васил Доганџиски
11.Ул.11ти Октомври
12.Ул.Славчо Стоименов
13.Ул.Таско Андонов
14.Ул.Дане Трајков
15.Ул.Михајло Апостолски
16.Сите контењери од лева страна на градот
17.Генерално перење на возилото

**ВТОРНИК**

1.Ул.Шаин Маало
2.с.Раклиш
3.с.Ораовица
4.с.Подареш
5.с.Јаргулица

6.с.Покрајчево
7.с.Злеово
8.Бул.А.Македонски (градинка објект “Цветови”)
9.ОУ.Крсте П.Мисирков
10.Комплекс Д Клуб
11. Сите контењери од лева страна на градот
12. Генерално перење на возилото

**СРЕДА**
1.Ул.22ри Октомври (Стоковна куќа)
2.Ул.Коста Сусинов (стар Градски пазар)
3.Ул. Плоштад Слобода (Пошта)
4.Ул.Кеј 8ми Септември ОУ Никола Карев до ул.Илинденска
5.Ул.Маршал Тито
6.Ул.Чедо Филиповски Даме
7.Ул.Самоилова до бул.А.Македонски (контењери кај Слога)
8.ул.22ри Октомври до Стопанска банка, по ул.Партизанска до ул.Кеј 8ми Септември
9.ул.Самоилова (контењери ресторан Вртешка)
10.Комплекс Д Клуб
11.Бул.А.Македонски градинка објект “Цветови”
12.ОУ Крсте П.Мисирков
13.Ул.Мето Хаџи Василев
14.Плачковички одреди
15.Ул.Браќа Миладинови
16.Ул.Кирил и Методиј
17.Ул.Горче Петров
18.Ул.Вардарска
19.Ул.Плана
20.Ул.4ти Јули
21. Сите контењери од лева страна на градот
22. Генерално перење на возилото

**ЧЕТВРТОК**
1.Ул.Шаин Маало
2.Бул.А.Македонски ОУ Крсте П. Мисирков, градинка објект ”Цветови”
3.Комплекс Д клуб
4.Ул.Илија Алексов (десна страна)
5.Ул.Драмска
6.Ул.Питу Гули
7.Ул.Панче Пешев
8.Ул.Никола Вапцаров
9.Ул.Плачковички одреди
10.Ул.В.С.Бато
11.Ул.Герас Цунев
12.Ул.Чезманска
13.Ул.Благој Мучето
14.с.Раклиш (контењери) назад по Ул.Плачковички одреди
15. Генерално перење на возилото

**ПЕТОК**
1.Ул.22-ри Октомври (Стоковна куќа)
2.Ул.Коста Сусинов (стар Градски пазар)
3.Ул. Плоштад Слобода (Пошта)

4.Ул.Кеј 8ми Септември ОУ Никола Карев до ул.Илинденска
5.Ул.Маршал Тито
6.Ул.Чедо Филиповски Даме
7.Ул.Самоилова до бул.А.Македонски (контењери кај Слога)
8.ул.22ри Октомври до Стопанска банка, по ул.Партизанска до ул.Кеј 8ми Септември
9.ул.Самоилова (контењери ресторан Вртешка)
10.с.Раклиш
11.с.Ораовица
12.с.Подареш
13.с.Јаргулица
14.с.Покрајчево
15.с.Злеово

**САБОТА**

1.Ул.22-ри Октомври (Стоковна куќа)
2.Ул.Коста Сусинов (стар Градски пазар)
3.Ул. Плоштад Слобода (Пошта)
4.Ул.Кеј 8ми Септември ОУ Никола Карев до ул.Илинденска
5.Ул.Маршал Тито
6.Ул.Чедо Филиповски Даме
7.Ул.Самоилова до бул.А.Македонски (контењери кај Слога)
8.ул.22ри Октомври до Стопанска банка, по ул.Партизанска до ул.Кеј 8ми Септември
9.ул.Самоилова (контењери ресторан Вртешка)
10.Комплекс Д Клуб
11.Бул.А.Македонски градинка објект "Цветови"
12.ОУ Крсте П.Мисирков
13.Ул.Мето Хаџи Василев
14.Плачковички одреди
15.Ул.Браќа Миладинови
16.Ул.Кирил и Методиј
17.Ул.Горче Петров
18.Ул.Вардарска
19.Ул.Плана
20.Ул.4ти Јули
21.с.Раклиш
22.с.Ораовица
23.с.Подареш
21. Сите контењери од лева страна на градот
22. Генерално перење на возилото

**НЕДЕЛЕН РАСПОРЕД ЗА ПОДИГАЊЕ НА СМЕТ**

За **реон** број **3**- Возило трактор со 2 работника

**ПОНЕДЕЛНИК**

1.Ул.Чеде Филиповски Даме
2.Сокак на Ул. Н.Н. Борче
3.Сокак на ул:Ленинова
4.Ул.Марксова
5.Ул.Дојранска
6.Ул.Даме Груев
7.Ул.Јане Сандански
8.Ул.6-ти Ноември

9.Сокак помеѓу Ул.Плоштад Слобода и Ул. Партизанска
10.Ул.Ѓорги Сугарев
11.Ул.Јавор
12.Генерално перење на возилото

**ВТОРНИК**

1.Ул.Готен
2.Ул.Мирче Ацев
3.Сите сокаци помеѓу Ул.Мирче Ацев и ул.Партизанска
4.Ул.Серта
5.Ул.Партизанска-електродистрибуција
6.Генерално перење на возилото

**СРЕДА**

1.Ул.Шаин маало
2.Ул.Корчо маало дел
3.Бараките под полигонот(корчо маало)
4.Сокаците на Кеј 8-ми Септември лева страна од Римскиот мост до крај
5.Ул.Обрад Цицмил сокак
6.Сокак на Ул.Таско Андонов
7.Сокак на ул.Дане Трајков
8.Сокак на ул.Плачковица
9.Сокак на ул.Плачковички одреди
10.Генерално перење на возилото

**ЧЕТВРТОК**

1.Ул.Плачковица(Габрешко мааало)
2.Сокак на ул.Плачковица
3.Ул.Плачковица дел
4.Ул.Коџа Баир под резервоарот за вода
5.Ул: Коџа Баир над турските гробишта
6.Генерално перење на возилото

**ПЕТОК**

1.Сокаците и високите делови на ул.Бел Камен и Ул.Ана Поцкова
2.У.:Шаин Маале над џамијата
3.Генерално перење на возилото

**НЕДЕЛЕН РАСПОРЕД ЗА ПОДИГАЊЕ НА СМЕТ**

За **реон** број **4**-Возило трактор со 2 работника

**ПОНЕДЕЛНИК**

1.Ул.Гоце Делчев
2.Ул.Исаро
3.Ул.Бел Камен
4.Сокак на Ул:8-ми Септември
5. Ул:15-ти Корпус
6.Генерално перење на возилото

**ВТОРНИК**

1.Ул.Стојмен Трајков
2.Ул.Лисец со сокаците

3.Ул.Ана Поцкова
4.Село Раклиш
5.Генерално перење на возилото

**СРЕДА**
1.Ул:Шаин Маало
2.Дел од ул.Стив Наумов
3.Ул. М.М. Брицо
4.Сокак на ул.Партизанска
5.Сокак на ул. Илија Алексов
6.Ул.Страшо Пинџур
7.Ул.Пиринска
8.Генерално перење на возилото

**ЧЕТВРТОК**
1.Ул.Герас Цунев до ул.Питу Гули со сокакот
2.Ул.Егејска со сокакот
3.Ул.Чазманска
4.Ул.Видое Подгорец
5.Дел од ул.Вардарска (крајот на улицата)
6.Сокаците на дел од ул.Вардарска
7.Дел од ул.Кирил и Методиј, В.С.Бато до ул.Браќа Миладиновци
8.Ул. Браќа Миладиновци
9.Генерално перење на возилото

**ПЕТОК**
1.Ул:1-ви Мај
2.Дел од ул.Коста Сусинов
3.Ул.15-ти Корпус
4.Сокак на ул:Плачковица
5.Сокак на Калаузлиска
6.Дел од ул.Корчо Маало
7.Генерално перење на возилото

**ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ**

| Р.бр | **Опис на работни места** | **Потребен број на извршители** | **Пополнет број на извршители** |
|---|---|---|---|
| 1. | Раководител на Сектор | 1 | 0 |
| 2. | Работоводител | 1 | 1 |
| 3. | Возачи на специјални возила | 4 | 4 |
| 4. | Возачи на трактори | 3 | 3 |
| 5. | КВ и ПКВ работници | 16 | 10+2 |
| 6. | Стражари на депонија | 4 | 0 |
| 7. | АОП | 2 | 2 |
| 8. | Инкасатори | 4 | 4 |
| 9. | Административци | 6 | 6 |
| | **Вкупно** | **40** | **30** |

**ПРЕГЛЕД НА РАБОТНА РАКА ВО МЕХАНИЧКА РАБОТИЛНИЦА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ВОЗИЛАТА**

| Р.бр. | Опис на работни места | Потребен број на извршители | Пополнет број на извршители |
|---|---|---|---|
| 1. | Раководител | 1 | 1 |
| 2. | Механичар | 2 | 1 |
| 3. | Бравар | 1 | 0 |
| 4. | Електричар | 1 | 1 |
| | **Вкупно** | **5** | **3** |

**ПОТРЕБНИ ИНВИСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА ВО 2026 ГОДИНА**

| Р.бр. | Опис на возила | Количина | Потребна инвестиција |
|---|---|---|---|
| 1. | Смекарка за садови од 1,1 m3 | 2 | 6.000 000 ден. |
| 2. | Трактори | 2 | 1.500 000 ден. |
| 3. | Цистерна за вода | 1 | 6.000.000 ден. |
| | **Вкупно** | **5** | **13.500.000 ден.** |

**ПЛАНИРАНА ВКУПНАТА КОЛИЧИНА ВО m$^3$ НА СМЕТ СОБЕРЕНИ ТРАНСПОРТИРАНИ И ДЕПОНИРАНИ ВО 2026 ГОДИНА**

| Месеци | Отпад м$^3$ - месеци | Отпад м$^3$-дневно |
|---|---|---|
| Јануари | 2 303 м$^3$/месец | 77,65 м$^3$/ден |
| Февруари | 2 093 м$^3$/месец | 78,36 м$^3$/ден |
| Март | 2 283 м$^3$/месец | 79,74 м$^3$/ден |
| Април | 2 136 м$^3$/месец | 78,83 м$^3$/ден |
| Мај | 2 382 м$^3$/месец | 78,26 м$^3$/ден |
| Јуни | 2 123 м$^3$/месец | 77,67 м$^3$/ден |
| Јули | 2 314 м$^3$/месец | 77,65 м$^3$/ден |
| Август | 2 262 м$^3$/месец | 78,36 м$^3$/ден |
| Септември | 2 174 м$^3$/месец | 79,74 м$^3$/ден |
| Октомври | 2 642м$^3$/месец | 78,83 м$^3$/ден |
| Ноември | 2 356 м$^3$/месец | 78,26 м$^3$/ден |
| Декември | 2 330 м$^3$/месец | 77,67 м$^3$/ден |
| **Вкупно за 2025 година** | **28 928 м$^3$/година** | |

Вкупниот комунален отпад во Општина Радовиш за 2026 година се планира да изнесува 28 928 m$^3$ односно 11355,2 t/годишно.

ЈП „Плаваја " Радовиш планира на местата на планината Плачковица каде се наогат контејнерите и каде граганите го оставаат (положуваат) комуналниот одпад да изгради постаменти и истите да бидат оградени (обележени) .

Оваа инвестиција е планирана да изнесува некаде околу 600 000,00 (шестотини илјада) денари ЈП Плаваја има организирано и селекција на отпад од стакло за кој што има склучено договор со ПАКОМАК Скопје, а во периодот што доага планираме бројот на собирни места за собирање на отпад од стакло да го зголемиме.

За селекција на електронски и електричен отпад кој што се собира и се депонира во специјален бокс за електричен и електронски отпад сместен во стопанскиот круг на ЈП Плаваја и така собераниот електричен и електронски отпад се предава на фирмата ЕЛКОЛЕКТ Скопје со која што општина Радовиш и ЈП Плаваја имат склучено договор.Во 2023 година од страна на општина Радовиш и ЈП Плаваја беше склучен договор со постапувач на електричен и електронски отпад ЕКОЕЛЕКТРОН кој во моментот имат поставено 4(четири) собирни места

во централното подрачје во Радовиш , овој тренд на поставување на дополнителен број на специјални садови за собирање на електричен и електронски отпад ке продолжи и во 2026 година.Во врска со селекцијата на отпад ЈП Плаваја во 2023 година изврши обележување на дел од поставените садови за собирање на отпад од хартија и пластика , а исто така се планира да се набави и дополнителни контејнери за селектиран отпад за пластика и хартија.
Покрај редовните тековни активности на собирање на смет, во 2025 година се планира да се изврши и чистење на повеќе диви депонии како на територијата на град Радовиш така и на територијата на населените места каде што се извршува организирано собирање на комунален отпад.

Врз основа на измената и дополнувањето на програмата за управување со отпад на територијата на општинба Радовиш од 2023 година, во примена е и следниот ***шематски приказ*** за собирни места за собирање и транспортирање на комуналниот и друг вид неопасен отпад како и електричен и електронски отпад и отпад од стаклена амбалажа на територијата на Општина Радовиш.

| Улица | Опис на локацијата | Садови за комунален отпад (Метални) | Садови за собирање на пластика и хартија (Пластични) | Садови за електричен и електронски отпад | Садови за собирање на отпад од стакло |
|---|---|---|---|---|---|
| „Кеј 8-ми Септември“ Лева страна | | | | | |
| | Прв мост /стариот „Градски Базен“ | 2 | 2 | | 1 |
| | ООУ „Никола Карев“ | 2 | 2 | 1 | |
| | спроти ООУ„ Никола Карев“ | 1 | 2+1 | | |
| | Ресторан „Брацо“ | 1 | 2 | | |
| | Кебапчилница „ТЕМОВИ“ | 1 | 2 | | |
| | ОСУ „Коста Сусинов“ | 2 | 2 | 1 | |
| | СРЦ „25-ти Мај“ | 1 | | | |
| „Кеј 8-ми Септември“ Десна страна | | | | | |
| | стариот „Градски базен“ (кај Осата) | 1 | 2 | | |
| | Стоматалошка ординација „Спасе Велков“ | 1 | 2 | | |
| | „Римски мост“ или Стара автобуска станица | 2 | 2 | | |
| | „Македонски пошти“ (Супермаркет КИТ-ГО) | 2 | 2 | | |
| | Градски пазар | 1 | 2 | | |
| | Месара „ВЧЕ“ | 1 | 2 | | |
| | Златара „Голдмак“ | 1 | | | 1 |
| „22-ри Октомври“ | | | | | |
| | Стоковна куќа (Градска кука „Рада“) | 4 | 4 | 2 | |
| | Казино „Адмирал“ | 2 | 2 | | |
| Бул. „Александар Македонски“ | | | | | 3 |
| | ООУ „Крсте Петков Мисирков“ | 2 | 4 | 1 | |
| | Зграда „Лепа Лана“ | 1 | 2 | | |
| | Општина Радовиш | | 3 | 1 | |
| | Тобако „Јаков“ | 1 | 2 | | |
| | Прва зграда (кај Габи) | 1 | 2+2 | | |
| | „КИД-ГО“ | 1 | 2 | | |
| | Кафич „Рута 66“ | 1 | 1 | 1 | |
| | Стоматалошка Ординација „Ксенија“ | 1 | 2 | | |
| | Зграда „6-ти Ноември“ | 2 | 2 | 1 | |
| | Бензинска станица „Лукоил“ | 2 | | | |
| | „Кам Маркет“ | 1 | 2 | | |
| | Бензинска станица „Макпетрол“ | 1 | | | |
| | Фабрика „Метал Промет“ | 3 | | | |
| | Стовариште „Петров“ | 1 | | | |
| | Сервис ,,Канлија“ | 1 | | | |
| | Сервис „Гошо Самаров„ | 1 | | | |
| | Работилница „Ковачите“ | 2 | | | |
| | Специјалистичка Ординација „ДР Петре“ | 1 | 2 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Продавница „Електромеханика“ (приватен) | 1 | | | |
| | Продавница „Сетек“ (приватен) | 1 | | | |
| | Сервис „Веготранс“ - ГОНО | 1 | | | |
| | Работилница „РОЛО-ИНГ“ (Игор) | 1 | | | |
| | Стовариште „Валентина промет“ (сопствен) | 1 | | | |
| | Паркинг на Автобуска станица Радовиш | 2 | 2 | | |
| | Пречистителна станица – ПСОВ Радовиш | 3 | | | |
| | Кружен тек спроти кафич „Галактик“ | 1 | 2 | | |
| | Зграда „Лепа Брена“ | 2 | 2 | | |
| | Кружен тек (Детска градинка „ Цветови“) | 2 | 2 | | |
| | Млекара „ПОД СОНЦЕ“ | 1 | | | |
| „Св.Спасо Радовишки“ | | | | | 2 |
| | „Парк на Младите“ | 2 | 2 | 1 | |
| | Аптека „Зегин“ | 3 | | | |
| | Ресторан „Амбасадор“ | 1 | 1 | | |
| | ЈП „Плаваја„ | 1 | | | |
| | Ресторан „ГРИНС“ (приватен) | 1 | | 1 | |
| | Ресторан „ДАЈМОНД“ | 2 | | | |
| | Работилница „ДЕЛЕГА“ | 1 | | | |
| | Конфекција „ДЕКОРТЕКС“ | 1 | | | |
| | Конфекција „ШТИПТЕКС“ | 2 | | | |
| | Ресторан „ЛЕОНАЛУКС“ | 3 | | | |
| | Супер маркет „Црвена Ружа“ | 1 | 2 | | |
| | Шпедиција „ЗИГО-ШПЕД“ | 1 | | | |
| | Бензинска станица „Јован Петрол“ | 4 | | | |
| „Самоилова“ | | | | | 1 |
| | МВР „Полициска станица Радовиш“ | 3 | 2 | | |
| | Супермаркет „Стокомак“ | 1 | | | |
| | Пред станбените згради | 3 | 4 | | |
| | Раскрсницата кај „Македонски Шуми“ | 1 | | | |
| „Илија Алексов“ | | | | | 2 |
| | Стаклар „Гошо Панде“ | 1 | | | |
| | „Теодора Маркет“ | 1 | 2 | | |
| | Градоначалник Ацо Ристов | | 2 | | |
| | Старечки дом „Астреон“ | 2 | | | |
| | Мост „Раклишка река“ населба Раклиш | 2 | 2 | | 1 |
| | Гробишта Раклиш | 1 | | | |
| „1-ВИ МАЈ“ | | | | | |
| | „Електротехнички Факултет“ Радовиш | 2 | 2 | | |
| | Детска градинка„Ацо Караманов“ позади судот | 1 | 2 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| „Чеде Филиповски - Даме “ | | | | | |
| | Водостопанство„Радовишкополе“ (Мантово) | 2 | | | |
| | ЈП „Македонски шуми“ | 1 | | | 3 |
| „Плачковица“ | | | | | |
| | Кај Ананија Илиев | 2 | | | |
| | Минаре „Џамија“ | 2 | | | |
| | „Микрон“ или „30-ти Март“ | 2 | | | |
| | Во кругот „30-ти Март„ (приватен) | 1 | | | |
| | Раскрсницата - Бозгел | 3 | | | |
| | | | | | |
| „Индустрија“ | | | | | |
| | „Алфаинжинеринг“ (приватни) | 14 | | | |
| | „Трговинжинеринг“ (приватен) | 1 | | | |
| | Шпедиција „Сабринатранс“ (приватен) | 1 | | | |
| | Работилница „ЕВРОДОМ“ (Ињевски пат) | 1 | | | |
| | Стовараште за дрва„Георгина“ Ињевски пат | 1 | | | |
| | Стовариште за дрва „РИСТЕ“ Ињевски пат | 1 | | | |
| | Шпедиција „ЕЛМАТРАНС“ | 1 | | | |
| | Шпедиција „ФИ-ПРОМЕТ“ | 1 | | | |
| | Дисконт „МАКОМ ТРЕФ“ | 1 | | | |
| | Работилница „СИМПЛ-М“ | 1 | | | |
| | ГП „Градба Т“ „Живко и Светлана“ | 1 | | | |
| | Технички преглед „Сигурност“ Струмички | 1 | | | |
| „Калузлиска“ | | 4+1 | | | |
| „Шаин Маале“ | | 5 | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| с.Ораовица | | 34 | | | |
| с.Подареш | | 28 | +2 | | |
| с.Јаргулица | | 16 | | | |
| с.Покрајчево | | 10 | | | |
| с.Злеово | | 23 | | | |
| с.Ињево | | 38 | | | |
| | ООУ „Орце Николов“ Ињево | | 2 | | |
| с.Војславци | | 14 | | | |
| с.Сулдурци | | 8 | | | |
| с.Калугерица | | 22 | | | |
| м.в.Стопанството | | 1 | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Планина „Плачковица“ | | 8 | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

Ви согласност со член 61 став 2 од Законот за управување со отпад, подрачјата начините и фреквенцијата на собирање на комунален отпад на подрачјето на општина Радовиш ке се

одвива согласно програмата за управување со отпад и програмата за работа на ЈП Плаваја Радовиш.

Прилог: Шематски приказ на поставени садови за собирање на отпат

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ОД ПОДИГАЊЕ НА ОТПАД**

**1. Отпад од домакинства стамбен простор** :
714 790,00m$^2$ ×2,30 ден./ m$^2$=1 644 017,00 ден/месец.

1 644 017,00 ден/месец.×12 месеци=**19 728 204,00 ден/годишно**

**2.Отпад од дворна површина од домакинства:**
1 348 223,00 m$^2$×0,64 ден/м$^2$= 826 862,00 ден/месец

826 862,00 ден/месец ×12 месеци= **10 354 353,00 ден/годишно**.

**3.Отпад од Јавни институции :**
450,00 m$^2$x 2,3=1 035,00 ден./месец

1 035,00 ден/месец×12 месеци= **12 420,00 ден/годишно**

**4.Отпад од дворна површина за Јавни институции:**
200 m$^2$×0,64 ден/м$^2$=128 ден/месец

128,00 ден/месец×12 месеци= **1 536,00 ден/годишно**

**5.Отпад за мали правни субјекти:**
22 230,00 м$^2$ x 10 ден.=222 300,00

222 230 ден x 12 месеци=**2 667 600,00 ден./годишно**

**6.Подигање на смет од m3:**
150,00 m$^3$x1400 ден.=210 000,00 ден.

210 000,00 ден x 12 месеци=**2 520 000,00 ден./годишно**

**ВКУПНО: 35 284 113,00 ден./годишно**

Расходите ке бидат реализирани за исплата на плати и придонеси, набавка на ХТЗ опрема за вработените, одржување на возилата, инвестирање во нова опрема (постаменти на планина плачковица) , возила и за административно технички работи за кој ке следи соодветен финансиски извештај.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1568/2
Дата 24.12.2025 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Гоце Désинец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на Иницијатива за пуштање во функција на станиците за мерење на амбиентален воздух поднесена од ЗАГ "Градикон" Радовиш бр. 08-1410/1 од 26.11.2025 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Иницијатива за пуштање во функција на станиците за мерење на амбиентален воздух поднесена од ЗАГ "Градикон" Радовиш бр. 08-1410/1 од 26.11.2025 година , бр.08-1569/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1569/2 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на Иницијатива за пуштање во функција на станиците за мерење на амбиентален воздух поднесена од ЗАГ "Градикон" Радовиш
бр. 08-1410/1 од 26.11.2025 година

член 1

Се усвојува Иницијатива за пуштање во функција на станиците за мерење на амбиентален воздух поднесена од ЗАГ "Градикон" Радовиш бр.08-1410/1 од 26.11.2025 година.

член 2

Се задолжува Градоначалникот на Општина Радовиш, односно надлежната општинска служба/одделение, да преземе соодветни активности за реализација на иницијативата, и тоа:

- да изврши стручна анализа на иницијативата,
- да ги обезбеди потребните мислења и согласности од надлежните институции,
- да подготви предлог-акти и/или план за спроведување, согласно важечките законски прописи.

член 3

Надлежната општинска служба е должна да го информира Советот на Општина Радовиш за преземените активности и резултатите од постапувањето по иницијативата.

член 4

Одлуката влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1569/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на
Иницијатива за враќање во функција
Градски Парк “Ридот” во Радовиш
поднесена од ЗАГ “Градикон” Радовиш
бр. 08-1410/2 од 26.11.2025 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Иницијатива за враќање во функција Градски Парк “Ридот” во Радовиш поднесена од ЗАГ “Градикон” Радовиш бр. 08-1410/2 од 26.11.2025 година, бр.08-1570/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1570/2 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на Иницијатива за враќање во функција Градски Парк “Ридот” во Радовиш поднесена од ЗАГ “Градикон” Радовиш
бр. 08-1410/2 од 26.11.2025 година

член 1

Се усвојува Иницијатива за враќање во функција Градски Парк “Ридот” во Радовиш поднесена од ЗАГ “Градикон” Радовиш бр. 08-1410/2 од 26.11.2025 година.

член 2

Се задолжува Градоначалникот на Општина Радовиш, односно надлежната општинска служба/одделение, да преземе соодветни активности за реализација на иницијативата, и тоа:

- да изврши стручна анализа на иницијативата,
- да ги обезбеди потребните мислења и согласности од надлежните институции,
- да подготви предлог-акти и/или план за спроведување, согласно важечките законски прописи.

член 3

Надлежната општинска служба е должна да го информира Советот на Општина Радовиш за преземените активности и резултатите од постапувањето по иницијативата.

член 4

Одлуката влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1570/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на
Иницијатива за чиста животна средина од
поднесена од ЗАГ “Градикон” Радовиш бр.
08-1410/3 од 26.11.2025 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Иницијатива за чиста животна средина од поднесена од ЗАГ "Градикон" Радовиш бр. 08-1410/3 од 26.11.2025 година, бр.08-1571/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1571/2 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Иницијатива за чиста животна средина од поднесена од ЗАГ "Градикон" Радовиш бр. 08-1410/3 од 26.11.2025 година**

член 1

Се усвојува Иницијатива за чиста животна средина од поднесена од ЗАГ "Градикон" Радовиш бр. 08-1410/3 од 26.11.2025 година.

член 2

Се задолжува Градоначалникот на Општина Радовиш, односно надлежната општинска служба/одделение, да преземе соодветни активности за реализација на иницијативата, и тоа:

- да изврши стручна анализа на иницијативата,
- да ги обезбеди потребните мислења и согласности од надлежните институции,
- да подготви предлог-акти и/или план за спроведување, согласно важечките законски прописи.

член 3

Надлежната општинска служба е должна да го информира Советот на Општина Радовиш за преземените активности и резултатите од постапувањето по иницијативата.

член 4

Одлуката влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш,, .

Број 08-1571/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлука за донесување на Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Радовиш за 2026 година и Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Радовиш за 2026 година**

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување на Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Радовиш за 2026 година бр.08-1572/1 и Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на

подрачјето на Општина Радовиш за 2026 година, бр.08-1572/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1572/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

## О Д Л У К А
### за донесување на Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Радовиш за 2026 година

I. Се донесува Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Радовиш за 2026 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1572/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.в. на Р.М.“ бр.32/20), член 36, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.в. на Р.М.“ бр.05/02) и член 21 и 43 точка 1 и точка12 од Статутот на општина Радовиш

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2026 ГОДИНА

### Вовед

Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Радовиш за 2025г. претставува основа за изработка, донесување и спроведување на урбанистички планови од член1, став(1), точки 1,2,3,4 од Законот за урбанистичко планирање, каде како видови се наведени генерален урбанистички план, детални урбанистички планови, урбанистички планови за село, урбанистички планови за вон населено место , сите како планови од локално значење, како и урбанистички проекти од член 58 од законот, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот. Годишата програма претставува дел од задолжителната документација при поднесување барање за согласност од Министерството за транспорт и врски како надлежен орган за истото.

**<u>Урбанистичко планирање</u>**

- Генерален урбанистички план .
- Услуги од катастар и
- Услови за планирање на просторот
- Детални Урбанистички планови, Урбанистички планови за села и Урбанистички проекти
- Програми за поставување на урбана опрема и времени објекти

**<u>Урбанистичко планирање</u>** Вкупно **2.430.000.$^{00}$ ден.**

- ……………………………………………………………………………………………………………Генерален урбанистички план на град Радовиш

| Р.Бр. | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Изработка и донесување на нов Генерален урбанистички план за град Радовиш | | |

| Р.Бр. | | |
|---|---|---|
| 1. | Трошоци за услуги од катастар | |
| 2. | Услови за планирање на просторот | |

- **Детални урбанистички планови, Урбанистички планиви за село и Урбанистички проекти**

| Р.Бр. | | |
|---|---|---|
| 1. | Измена и дополнување ДУП за дел УБ 7 | |
| 2. | Измена и дополнување ДУП УБ 28-дел од УМ1 | |
| 3. | Измена и дополнување ДУП ДУП УБ16-дел | |
| 4. | Измена и дополнување ДУП ДУП УБ22-дел | |
| 5. | Измена и дополнување ДУП за дел УБ 2 | |
| 6. | Измена и дополнување ДУП УБ 8 и 9-дел | |
| 7. | Урбанистички план за с.Ораовица | |
| 8. | Урбанистички план за с.Воиславци | |
| 9. | Урбанистички план за с.Раклиш | |
| 10. | Урбанистички план за с.Аликоч | |
| 11. | Урбанистички план за с.Коџалија | |
| 12. | Урбанистички план за с.Калаузлија | |
| 13. | Урбанистички план за с.Смиланци | |
| 14. | Урбанистички план за с.Бучим | |
| 15. | Урбанистички план за с.Парналија | |
| 16. | Урбанистички план за с.Злеово | |
| 17. | Урбанистички план за с.Тополница | |
| 18. | Урбанистички проект со намена Д1,Д2 и Д3 - Парковско уредување покрај Радовишка река со градби за спорт и рекреација и градби од живо зеленило | |
| 19. | Урбанистички проект за инфраструктура на Радовишка Река, Радовиш | |
| 20. | Урбанистички проект за препарцелација со намена домување во ДУП УБ16 | |
| 21. | Урбанистички проект за препарцелација во ДУП УБ 8 и 9 Општина Радовиш | |
| 22. | Урбанистички план вон населено место за Туристички комплекс Џумаја, Плачковица, Општина Радовиш . | |

- **………………………………………………………………………………………………П рограми за спроведување на Урбанистички планови**

| Програми за спроведување на Урбанистички планови | | |
|---|---|---|
| | Програма за урбана опрема | |
| | Програма за времени објекти | |

- **………………………………………………………………………………………………………………У рбанистичка планска документација со самофинансирање**

| Р.б. | Планска документација | |
|---|---|---|
| 1. | Измена и дополна на ДУП за дел од УБ7 | Самофинансирање |
| 2. | Измена и дополна на ДУП за дел од УБ 3 | Самофинансирање |
| 3. | Измена и дополна на ДУП за дел од УБ 21 | Самофинансирање |
| 4. | Измена и дополна на ДУП за дел од УБ 6 | Самофинансирање |
| 5. | Урбаистички проект вон опфат за уредување на земјиште со намена Е1.13 – површински соларни панели и фотоволтаични електрани | Самофинансирање |

| | | |
|---|---|---|
| | (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) КП бр.4920/3 КО Радовиш вон.град, општина Радовиш | |
| 6. | Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на објекти со намена Г3.1 – Индустриски сервиси, сервиси за одржување на моторни возила, сервиси за ремонт на шински возила, сервиси за земјоделска и градежна механизација на КП бр.4166/2 и дел од КП бр.5132/1 КО Радовиш вон.гр. Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 7. | Урбанистички проект за КП бр.2745/1 и 2745/2 во ДУП на Радовиш | Самофинансирање |
| 8. | Урбанистички проект намена Г2, Г3 на КП бр.4673/1, 4673/2, 4673/3, КО Радовиш вон г.р. општина Радовиш | Самофинансирање |
| 9. | Урбанистички проект со намена Г2 на КП бр.242/1, КО Радовиш вон гр, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 10. | Урбанистички проект за промена на граници на градежна парцела според кастастерска КП 1711/2 КО Радовиш, Општина Радовиш , во ДУП за УБ28 Радовиш | Самофинансирање |
| 11. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 - Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, дистрибутивни центри со складови, на делови од КП 4838/1, КП 4839/2, КП 4840/1 и КП 4840/2, КО Радовиш - вгр, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 12. | Урбанистички проект за КП бр.4589/1,4589/2,4589/3,4590,4591,4592, 4593,4595 и 4091/1КО Радовиш, во ДУП на Радовиш | Самофинансирање |
| 13. | Урбанистички проект со намена Е2-на КП бр.1183,1184,1185, КО Раклиш, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 14. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - површински соларни панели и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала на КП 1238/1 КП 1238/2 и КП 1283/3 КО Раклиш вон град, општина Радовиш | Самофинансирање |
| 15. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на КП бр.7,КП бр.8/1, КО Ињево вон г.р. Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 16. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 741, КП 742, КО Сулдурци, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 17. | Урбанистички проект со намена Г2 на КП.бр.1/2 КО Сулдурци, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 18. | Урбанистички проект вон опфат за КП 900,901,902/1,902/2,903,904/1, 872/1, 873/1 874/2,874/1,875,876,878, КО Калугерица, Општина Радовиш, | Самофинансирање |
| 19. | Урбанистички проект на КП бр.1645, КО Козбунар Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 20. | Урбанистички проект на КП бр.4993 КО Радовиш - вон град, намена Е2 фотоволтаични централи | Самофинансирање |
| 21. | Планска документација за некатегоризиран пат во склоп на изработка на УП за подрачје и градби од државно значење за намена Е1.13.- површински соларни и фотоволтаични електрани во, КО Владимирово и некатегоризиран пристапен пат во КО Подареш, КО Смиланци, општина Берово и општина Радовиш. | Самофинансирање |
| 22. | Урбанистички Проект за парцели со КП бр. 3245/2, 3245/1, 3245/3, 3245/4, 3231/1, 3231/4,3231/7,3231/5, КО Радовш , дел од ДУП УБ15 со намена А2 согласно ГУП на град Радовиш. | Самофинансирање |
| 23. | Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 115 - поделба на две градежни парцели со намена Г2 - во ДУП на град Радовиш, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 24. | Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.20 и ГП 1.21 од ДУП за дел од УБ 8 и дел од УБ 9 во Радовиш, Општина Радовиш. | Самофинансирање |
| 25. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – | Самофинансирање |

| | | |
|---|---|---|
| | локални трансформаторски станици и локални средно и нисконапонски електрични водови на КП 452/1, КП 451/1, КО Воиславци вон град, Општина Радовиш | |
| 26. | Измена и дополна на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изработка на оптички кабел, водоводна мрежа и кабелски вод ВДВ 10(20)кВ С.Исток со (С) 20(10)/0,4кВ 400 КВА Соларис, КО Раклиш, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 27. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 Инфраструктури за пренос на електрична енергија 10(20)kV подземен електричен (кабелски) вод од планирана ТС 10(20)/0.4kV „Цет Солар" до постојна ТС „Марлада" 10(20)/0.4kV | Самофинансирање |
| 28. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на дел од КП 2746, КП 2739, дел од КП 2737, дел од КП 2738, дел од КП 2716, дел од КП 2717/2, дел од КП 2747/6 КО Калугерица, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 29. | Урбанистички проект вон опфат на урбанисички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на ел.енергија (10(20) КВ среднонапнски електричен надземен вод), КО Дамјан, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 29. | Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 112 и ГП 463 од ДУП на град Радовиш со опфат на парцели со КП 4066/2,4065,4064/1 и 4064/2 КО Радовиш вон.гр. Општина Радовиш, одлука бр.08-58 од 01.03.1994г, | Самофинансирање |
| 30. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електична енергија кои се градат на земјиште) на КП1016/2, КП 1016/3 КО Воиславци, Општина Радовиш. | Самофинансирање |
| 31. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електична енергија кои се градат на земјиште) на КП1/1 КО Сулдурци, Општина Радовиш. | Самофинансирање |
| 32. | Урбанистички проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба: Новопланиран СН10(20)kV кабелски подземен вод од кабелска спојница на КП 4049/1 до кабелска спојница на КП 4171/1 во КО Радовиш, Општина Радовиш | Самофинансирање |
| 33. | Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели со намена А1.5-станбени куќи во состав на селско стопански двор на КП 7347 КО Ињево, Општина Радовиш. | Самофинансирање |
| 34. | Урбанистички проект со план за парцелација за вршење нова поделба на градежни парцели означени со ГП : 3.23, 3.24, 3.25, 3.26, Z.64, Z.67 Z.68, планирани на КП 4482/1 и КП 4478/1 во КО Радовиш, со намена А1-семејни куќи, Општина Радовиш. | Самофинансирање |
| 35. | Урбанистички проект со план со парцелација за промена на граница на Градежни Парцели (КП 531 и КП 532 КО Ораовица), со намена А1.1-станбени куќи (слободностоечки) согласно ДУП Ораовица Општина Радовиш (одлука бр.08 - 181 од 28.05.1993 година). | Самофинансирање |
| 36. | Урбанистички проект со план за формирање на Градежна Парцела, со намена А1.1- станбени куќи (слободностоечки) согласно УПС Подареш, Општина Радовиш (одлука бр.08 – 387/1 од 20.02.2020 година) на дел од КП 510/3 КО Подареш, Општина Радовиш. | Самофинансирање |
| 37. | Урбанистички проект со план за формирање на Градежна Парцела на дел од КП 3784/2 КО Радовиш, Општина Радовиш со намена Г4.1- отворени и полузатворени и затворени складишта за индсустриска стока по ГУП на град Радовиш (одлука бр.07 – 750/1 од 23.07.2004 година) | Самофинансирање |

**Рекапитулар :**

| О п и с | |
|---|---|
| Генерален урбанистички план на град Радовиш | |
| Трошоци за услуги од катастар и Услови за планирање на просторот | |
| Детални урбанистички планови, Урб. планови за село и Урбанистички проекти | |
| Програми за урбана опрема и времени објекти | |
| Урнабистичка планска документација со самофинансирање | |
| **ВКУПНО :** | **2.430.000.$^{00}$** |

**3. ФИНАНСИРАЊЕ**

За финансирање на урбанистичките планови и урбанистичките плански документации од Програмата потребните средства ќе се обезбедат од Буџет на Општина Радовиш, Буџет на РСМ, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина, со самофинансирање од заинтересирани физички и правни лица, Југоисточен плански Регион преку БРР, преку АФПЗРР.

**4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШИ ОДРЕДБИ**

Во зависност од потребите на општината , како и на заинтересирани физички и правни лица тековно Програмата може да претрпи измени и дополнувања. Општина Радовиш како надлежен орган согласно Закон за урбанистичко планирање спроведува постапки за реализација и спроведување на урбанистичките планови, одобрувајќи постапки за различни видови урбанистички проекти пропишани во законот, урбанистички проекти со план за парцелација и урбанистички проекти за инфраструктура .

Во процесот на донесување на урбанистички планови и урбанистички проекти согласно Законот за урбанистичко планирање предвидени се прибавување на одредени документации како услови за планирање на просторот, трошоци за услуги од катастар, како и останати документи за кои трошоци се планираат средства.

Урбанистичките планови и урбанистички плански документации започнати пред донесување на Законот за урбанистичко планирање („Сл.в. на Р.М.“ бр.32/2020), се спроведуват и продолжуват согласно одредбите од истиот .

Согласно започнатите Урбанистичките планови и урбанистички плански документации како и фазата на изработка до која се истите, а поради фактот дека поголем дел од постапките се водат подолг временски период со одобрување и мислење од поеќе институции, се предвидува дека дел од нив ќе продолжат и во наредната година, односно нема во целост да се реализират предвидените средства . Доколку се има потреба за повеќе средства односно дел од урбанистичките планови се донесат и одобрат за пократок рок од една година, ќе се изврши измена и дополна на програмата за урбанистичко планирање за 2025г. каде ќе бидат предвидени потребните средствата за реализација на програмата .

Оваа Програма стапува на сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Радовиш“, во електронка форма на веб страната на општината, на официјалните профили на социјлните мрежи, како и во информацискиот систем е-урбанизам.

Број 08-1572/2
Дата 24.12.2025 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување на Програма за уредување на градежно земјиште, изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во Општина Радовиш за 2026 година и Програма за уредување на градежно земјиште, изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во Општина Радовиш за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување на Програма за уредување на градежно земјиште, изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во Општина Радовиш за 2026 година бр.08-1573/1 и Програма за уредување на градежно земјиште, изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во Општина Радовиш за 2026 година, бр.08-1573/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1573/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), член 95 став 4 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 15/15,98/15, 193/15, 31/16, 142/16, 190/16), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти од комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник на РМ бр. 193/16 и 72/18) член 21 став 1 точка 8 од Статутот на општина Радовиш

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за донесување на Програма за уредување на градежно земјиште, изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во Општина Радовиш за 2026 година

член 1

Се донесува Програма за уредување на градежно земјиште, изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во Општина Радовиш за 2026 година.

член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1573/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 95 став 4 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 15/15,98/15, 193/15, 31/16, 142/16, 190/16), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти од комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник на РМ бр. 193/16 и 72/18) член 21 став 1 точка 8 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник бр.5/2002 г.)
Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ИЗГРАДБА РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА РАДОВИШ**
**За 2026година**

**Цел на Програмата:**

**Со Програмата ќе се утврдува начинот формата и обемот на уредување на градежното земјиште, изградбата, реконструкцијата и одржување на инфраструктурните објекти на територијата на општина Радовиш.**
**Појдовна основа за изработка на оваа програма се барањата и интересите на граѓаните од општината, кои се организирани во месни заедници, преку кои ги искажаа своите потреби од оваа област, се со цел да се подобрат условите за живеење и подобрување на урбаниот изглед на градот и населените места во општината.**
**Реализацијата на оваа програма ќе овозможи порамномерен развој на комуналната инфраструктура на територијата на целата општина.**
**Исто така оваа програма содржи елементи кои ќе допринесат за зголемување на отпорноста на урбаните средини кон евентуални елементарни непогоди (особено поплави од поројни дождови) кои се се почести во урбаниот опфат со објекти од комуналнта инфраструктура во градот и населните места во Општината. Изградбата на комунални објекти во станбени и индустриски зони во реони за изградба на објекти од културата,образованието,здравството, спортот и друго, е со цел да се создадат подобри услови за живеење на грѓаните. Изградба на локални патни правци до населени места во Општината е со цел да се создадат услови за нормална и брза комуникација на граѓаните до градот и обратно.**

СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА
Програмата за уредување на градежно земјиште содржи:

1. Планирани објекти и активности за 2026год.;
2. Реонизација на урбаниот простор на град Радовиш и висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште;

3. Други одредби;

**ПЛАНИРАНИ ОБЈЕКТИ И АКТИВНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА**

| Опис на активноста/измената | | Планирани средства |
|---|---|---|
| **ПЛАНИРАНИ ОБЈЕКТИ И АКТИВНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА** | | **Износ/денари** |
| **I** | **НОВОПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2026** | **Предвидени** |
| 1 | Проектна документација со ревизија – урбанистички проекти, идејни проекти, основни проекти, сообраќајни проекти и програми, елаборати од инженерски области, проекти за изградба на инженерски објекти и комплетна инфраструктура (улици, водовод, фекална и атмосферска канализација и улично осветлување) во град Радовиш и населените места во општина Радовиш | 3.000.000,00 |
| 2 | Вршење на стручен надзор над изградба и реконструкција на објекти во град Радовиш и населените места во општина Радовиш | **500.000,00** |
| 3 | Елаборати за експропријација, нумерички податоци, ажурирани геодетски подлоги и картирање на урбанистички планови | **500.000,00** |
| 4 | Расчистување на имотно правни односи (експропријација на градежно земјиште и објекти во урбаниот опфат на градот и населените места во општината) | **5.000.000,00** |
| 5 | Проценки на насади и др. при постапката за експропријација на јавни површини | **100.000,00** |
| 6 | Одржување, реконструкција-надградба на постоечки асфалтен коловоз на улици низ градот и населените места | **1.000.000,00** |
| 7 | Ангажирање на потребна механизација за чистење на коловозни површини на улици и локални патишта од наноси и снег | **400.000,00** |
| 8 | Набавка на сол и ризла за посипување на коловоз на улици и локални патишта во зимскиот период | **400.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Отстранување на бесправно изградени објекти и склонопадни објекти | **1.000.000,00** |
| 10 | Партерно уредување на градски пазар (итна состојба | **4.000.000,00** |
| 11 | Уредување на тротоари околу градски пазар | **1.072.384,00** |
| 12 | Хоризонтална сигнализација | **500.000,00** |
| 13 | Вертикална сигнализација | **200.000,00** |
| 14 | Урбана опрема - Набавка на нова урбана опрема 700.000,00 и одржување на поставена урбана опрема 300.000,00 | **1.000.000,00** |
| 15 | Локален пат Обиколница Малешевски пат с.Подареш Општина Радовиш со вредност од 47.119.064 од кои 22.000.000 се со кофинансирање од Општина Радовиш а остатокот од 25.119.064 од Министерство за транспорт | **22.000.000,00** |
| | **ВКУПНО I** | **40.672.384,00** |
| **II** | **ОБЈЕКТИ ДОНАЦИИ ОД РУДНИК БУЧИМ ДООЕЛ** | |
| **1** | Изградба на фекална канализациона мрежа во м.в.Карши Маале с.Подареш - Изведба донација од рудник Бучим | **417.420,00** |
| **2** | Изградба на Градска фонатана Кружен тек | **498.668,00** |
| | **ВКУПНО II** | **916.088,00** |
| **III** | **ОБЈЕКТИ ВО ИЗГРАДБА И ДОГОВОРЕНИ НЕЗАПОЧНАТИ ОБЈЕКТИ - РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2024 ГОД.** | |
| **1** | Изградба на улица во с.Воиславци со регулација на речно корито | **16.561.056,00** |
| **2** | Регулација на дел од речно корито на Ораовичка Река 6.018.004,00 од министерство за животна средина и кофинансирање 2.500.000,00 денари. | **8.518.004,00** |
| **3** | Изградба на свлечиште на пат Подареш Смиљанци | **5.000.000,00** |
| **4** | Одржување, реконструкција-надградба на постоечки асфалтен коловоз на улици низ градот и населените места Склучен договор од 2025 | **2.000.000,00** |
| | **ВКУПНО III** | **32.079.060,00** |

| | | |
|---|---|---|
| **РЕКАПИТУЛАР** | | **Износ/денари** |
| **I** | **НОВОПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2026 ГОДИНА** | **40.672.384,00** |
| **II** | **ОБЈЕКТИ ДОНАЦИИ ОД РУДНИК БУЧИМ ДООЕЛ (согласно потпишан меморандум)** | **916.088,00** |
| **III** | **ОБЈЕКТИ ВО ИЗГРАДБА И ДОГОВОРЕНИ НЕЗАПОЧНАТИ ОБЈЕКТИ - РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2024 ГОД.** | **32.079.060,00** |
| | **СЕ ВКУПНО:** | **73.667.532,00** |

| **ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ** | | **Износ/денари** |
|---|---|---|
| **А** | **Надоместок за уредување на градежно земјиште** | **10.000.000,00** |
| **Б** | **Надоместок за експлоатација на минерални суровини** | **42.733.440,00** |
| **В** | **Јавно претпријатие за државни патишта** | **4.000.000,00** |
| **Г** | **Продажба на градежно земјиште** | **5.000.000,00** |
| **Д** | **Министерство за животна средина** | **6.018.004,00** |
| **Ѓ** | **Биро за регионален развој** | **5.000.000,00** |
| **Д** | **Донација Рудник „БУЧИМ“ ДООЕЛ** | **916.088,00** |
| | **ВКУПНО:** | **73.667.532,00** |

## 2 РЕОНИЗАЦИЈА НА УРБАНИОТ ПРОСТОР НА ГРАД РАДОВИШ И ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

### 2.1 РЕОНИЗАЦИЈА

Градежниот опфат на град Радовиш според ГУП е составен од повеќе урбани блокови од кои се формораат четири зони и тоа: Три зони за изградба на станбени и станбено деловни објекти и една зона во која ќе се градат индустриски објекти, објекти од мало стопанство и занаетчиство.

**Прва зона со следните граници :**
Улица Бел Камен, десна страна на Ќеј 8ми Септември, ул.Илија Алексов до река Марлада,Бул.Александар Македонски од влезот на градот до раскрсница со ул.Ѓорче Петров, Улица Чеде Филиповски до ул.Св.Спасо Радовишки , ул.Св.Спасо Радовишки до ул. А.Поцкова; ул. А.Поцкова до ул.Бел Камен; УБ15 со граници улица

Илија Алексов земјен пат покрај река Марлада , ул.Ќеј 8ми Септември и дел од бул.Александар Македонски; УБ9 и УБ8 со граници ул. Ќеј 8ми Септември, бул.Александар Македонски, река Сушица и граница на ГУП; и сите индустриски зони.
Бидејки границите помеѓу одделни зони се до улиците се утврдува првиот ред на објектите покрај улиците да припаѓаат на повисоката зона.
**Втора зона се состои од два посебни дела со следните граници :**
Првиот дел го опфаќа северно од ул. Бел Камен, десна страна на Ќеј 8ми Септември од ул.Бел Камен заклучно со урбан блок 26.
Вториот дел од оваа зона е од кеј 8ми Септември лева страна односно од ул.Михајло Апостолски по ул.Плачковица до ул.Калузлиска, ул.Калузлиска до ул.Видео Смилевски Бато, ул.Видео Смилевски Бато до ул.Плачковица, ул.Плачковица до ул.Илија Алексов согласно графички прилог .
Бидејки границите помеѓу одделни зони се до улиците се утврдува првиот ред на објектите покрај улиците да припаѓаат на повисоката зона.

**Трета зона се состои од три посебни дела со следните граници:**
Првиот дел е источно од ул.Плачковица -дел по ул, Видео Смилевски Бато до спој со новопроектирана ул.Александар Македонски .
Вториот дел го опфаќа локалитетот Илиница, согласно графички прилог.
Бидејки границите помеѓу одделни зони се до улиците, се утврдува првиот ред на објекти покрај улиците да припаѓа на повисока та зона.
Третиот дел го опфаќа с.Раклиш.

**Четврта зона се други населени места ( селски населби).**
**2.2 ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

Определување на висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно намените на објектите

А. ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА ДОМУВАЊЕ

- За објектите
- А0 домување во станбени куќи со посебен режим;
- А1 домување во станбени куќи;
- А3 групно домување и
- А4 времено сместување висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е:

- Прва зона 1.800,00ден/ м²
- Втора зона 1.560,00ден/ м²
- Трета зона 1.200,00ден/ м²

• Четврта зона 840,00ден/ м²

 За објектите А2 домување во станбени згради висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е иста за сите зони односно 1.800,00ден/ м²

В. ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

-  Б1 мали комерцијални и деловни единици;
-  Б2 големи трговски единици;
-  Б3 големи угостителски единици;
-  Б4 деловни простори;
-  Б5 хотелски комплекси и  Б6 простори за собири.

висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е иста за сите зони односно 2.400,00ден/ м² освен за четврта зона каде изнесува 1.080,00ден/ м²

В. ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

-  В1 образование и наука;
-  В2 здравство и социјална заштита;
-  В3 култура;
-  В4 државни институции и
-  В5 верски институции висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е иста за сите зони односно 2.400,00ден/ м² освен за четврта зона каде изнесува 1.080,00ден/ м²

Г. ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

-  Г1 тешка индустрија;
-  Г2 лесна индустрија;
-  Г3 сервиси и
-  Г4 стоваришта висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е иста за сите зони односно 9.760,00ден/ м² освен за четврта зона каде изнесува8.000,00ден/ м²

Д. ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

-  Д1 парковско зеленило;
-  Д2 заштитно зеленило;

 Д3 спорт и рекреација и

 Д4 меморијални простори висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е иста за сите зони односно 2.400,00ден/ $м^2$ освен за четврта зона каде изнесува 1.080,00ден/ $м^2$

Е. ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА ИНФРАСТРУКТУРА  Е1 комунална инфраструктура; висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и друго земјиште на територијата на општина Радовиш низ кои минуваат инфраструктурните објекти е иста за сите зони односно 24,00ден/ м' и за секое столбно место по 20.000,00денари

 Е2 комунална супраструктура висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е иста за сите зони односно 2.400,00ден/ $м^2$ освен за четврта зона каде изнесува 1.080,00ден/

м2

 Е3 некомпатибилна инфраструктура висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е иста за сите зони односно 2.400,00ден/ $м^2$ освен за четврта зона каде изнесува 1.080,00ден/ м2

 Е2 комунална супраструктура, од типот Фотоволтаични централи (инсталација за производство на електрична енергија од сончеви зраци) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе се пресметува по м2 за 50% од површината на градежната парцела која ја зафаќа Фотоволтаичната централа и тоа по 6500 денари/м2.

 За фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на кровни површини на изградени објекти впишани во имотен лист не се утврдува надоместок за уредување на градежно земјиште.

 За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е 8000 денари/м2.

 За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е 1.200.000 денари за една ветерница.

Определување на висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно правилникот за степенот на уредувањето на градежното земијште со објекти од комунална инфраструктура.
Надоместокот за уредување на граджно земјиште ќе се наплаќа во зависност од видот на објектот и од степенот на уреденост на градежното земјиште или планираниот степен на уреденост на градежното земјиште,а за нето развиена градежна површина.Пресметувањето на корисната површина е согласно техничките нормативи и Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земијште со објекти од комунална инфраструктура.
1.Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост на земјиштето со објекти на комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок и понисок од основниот степен на уреденост.
1.1 Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа;

- Непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улици со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови,
- Подземна електрична мрежа,
- Улично осветлување,
- Водоводна мрежа,
- Фекална канализација и
- Атмосферска канализација.

1.2. Повисок степен на уреденост на градежно земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од став (2) на овој член како и;

-ППТ (оптичка-телекомуникациона) мрежа.
-Топификациона мрежа,
-Паркинг простори,
-Гасовна мрежа и
-Пречистителна станица за отпадни води.

1.3. Понисок степен на уреденост на градежно земјиште со комунална инфраструктура опфаќа;

-Непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,
-Сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа),
-Септичка јама (нема приклучок на фекална канализација)
-Сопственодвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација),
-Нестандартно улично осветлување и
-Надземна нестандартна електрична мрежа.

2.Согласно утврдениот степен на уреденост, приклучувањето на јавната комунална мрежа се врши согласно дадените услови за приклучоци,по претходно барање од надзорниот инжинер.

3.Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат во согласност со реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденоста на градежно земјиште со објектите на комунална инфраструктура во кои се засметани и трошоците за хидротехничките услови за приклучоци.
3.1.Трошоците за уредување на градежно земјиште за повисок степен на уреденост на градежно земјиште со објектите на комунална инфраструктура, можат да се зголемат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во точка 1.2 за најмногу 20% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

3. 2.Трошоците за уредување на градежното земјиште за понисок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура во точка 1.3, може да се намалат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежни наведени во точка 1.3 за најмногу 80% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежно земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

4. Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно членот 2 од правилникот за степенот на уредувањето на градежното земијште со објекти од комунална инфраструктура, се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

**1. За станбени објекти:**

- станбени простории, 1,0;
- станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор 0,2;
- лоѓија затворена од три страни, 0,4;
- подлоѓија затворена од две страни, 0,3;
- балкони, тераси, 0,2;
- заеднички проодни тераси, пасажи, 0,2;
- помошни простории, остава за гориво, котлара, визба, 0,3;
- трафостаница до 35 KV во објектот и надвор од објектот, 0,3;
- скалишен простор и заеднички комуникации, 0,3;
- стражарници, управител, простории за домар, 0,5 и

- паркиралишта и гаражи во подрум, 0,1;

- гаражи во приземје, 1,0;

**2. За деловни и јавни објекти:**

- простории, 1,0;

- магацини, 0,5;

- помошни простории, остава за гориво, котлара, 0,3;

- трафостаница до 35KV во објектот и надвор од објектот, 0,4;

- скалишен простор и заеднички комуникации, 0,5;

- паркиралишта и гаражи, 0,1;

- лоѓија затворена од три страни, 0,5;

- подлоѓија затворена од две страни, 0,4;

- балкони, тераси, 0,3 и - отворен наткриен простор, 0,3;

**3. За други објекти:**

- катни гаражи, 0,05;

- спортски покриени објекти, 0,5;

- спортски откриени објекти, 0,3;

- гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата, 1,0;

- отворени пазаришта-за 30% од површината на локацијата, 1,0;

- базени, 0,2 и

- трафостаници над 35KV, 1,0;

**4. За објектите од група на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси:**

- Г1 тешка и загадувачка индустрија 0,05;

- Г2 лесна и незагадувачка индустрија 0,01;

- Г3 сервиси 0,01 и

- Г4 стоваришта 0,01;

**Магацини, деловни простории, помошни простории, котлари ќе се пресметуваат по цените и коефициентите за деловни и јавни објекти.**

**5.** За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории) :

- продажни простории на бензинските пумпни станици 1,0 и

- услужни простории на бензинските пумпни станици 1,0;

**6.** За објектите од група на класи на намени Б 5 - угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта, и за објектите од група на класи на намени А 4 - хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом:

- сите простории, 0,05;

**7.** За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица:

- сите простории, 0,05;

**8.** За објекти за високо образование:

- сите простории, 0,5;

9.За објекти за култура: - сите простории, 0,01 и
10. За објекти за терцијална здравствена заштита:
- сите простории, 0,05.

11. За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), 0,01 и

12. За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела, 0,01.“.

По исклучок од став (1) на овој член, во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација, не се пресметуваат површините на: - инсталационите канали;
- окната за лифтови;

- окна на врати;

- отворени паркиралишта;

- подземни резервоари и

- објекти заштитени како културно наследство.

За објектите од став (1) на овој член со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на

уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2) од овој член. Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2) од овој член и за други објекти од став (1) на овој член без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката.
За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2) од овој член.
За објектите од група на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите утврдени во став (1) точка 4 од овој член.
За линиски инфраструктурни објекти - државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 KV како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината, советот на општината во градот Скопје односно советот на градот Скопје согласно член 67-а став (1) од Законот за градење, а инвеститор е општината, општината во градот Скопје односно градот Скопје, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.
За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во став (1) точка 11 од овој член.
За објектите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во став (1) точка 12 од овој член.
За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од
1.200.000 денари за една ветерница.“

**ДРУГИ ОДРЕДБИ**

Пренамената од станбен или помошен објект во деловен простор ќе се наплаќа за 1 м² разлика до цената за деловен простор во зависност од зоната во која се наоѓа објектот.
Кога на местото на постоечки објект кој се руши, (а бил изграден со одобрение за градба) се гради нов објект се наплаќа износ за разлика на квадрати помеѓу

стариот и новиот објект утврдени за категорија на објект и зоната во која се наоѓа објектот.
До колку низ градежната парцела поминуваат подземни и надземни инсталации (водовод, канализација,електрика и друго) инвеститорот на градежната парцела е должен на своја сметка да изврши отстранување на истите во соработка со надлежните институции кои стопанисуваат со истите.

Спратната висина на производните објекти, деловни простории, складишта,објекти од индустријата, мало стопанство и занаетчиство, треба да се проектираат по минимум потребните технички нормативи.
Доколку е проектирана поголема спратна висина од потребната за обавување на дејноста тогаш ќе се пресметува како две спратни висини, односно две платформи.

Инвеститори кои ке градат објекти , во зависност од бројот на лицата кои ке ги вработат, при издавање на одобрение за градење ќе бидат ослободени од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за објекти и инсталации од индивидуално користење и тоа;
-За вработени од 5-10 вработувања ------------ 25 %
-За вработени од 11-30 вработувања ------------ 50 %
-За вработени од 31-50 вработувања ------------ 75 %
-За вработени над 50 вработувања ------------ 100 %
Инвеститорите за да бидат ослободени од надомест за уредување на градежно земјиште треба да приложат :
-Програма за инвестициони вложувања со број на вработени за објектот за кој ќе бидат ослободени.
-Изјава заверена на нотар дека во рок од 1(еден ) месец од денот на издавање на одобрение за употреба на предметниот објект ќе изврши вработување на онолку лица за колку се ослободени од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.
-Инвеститорите се должни бројот на вработените за кои ќе бидат ослободени од плаќање на надоместок да не го намалуваат во текот на 5 (пет) години од денот на враборување на истите.
-Доколку инвеститорот во рок од 1(еден) месец од денот на издавањето на одобрението за употреба на предметниот објект не го изврши вработувањето на одредениот број на лица, или ќе го намали бројот на вработените во текот на 5(пет) години надоместокот од ослободените трошоци за уредување на градежно земјиште ќе биде наплатено по судски пат со камата согласно законски прописи. -Доколку инвеститорот е верска заедница со посебна одлука на советот на општина Радовиш може да се ослободи од надоместок за уредување на градежно земјиште.

На подрачјето на градежниот реон каде ЕЛС не е во можност да ги изгради сите објекти од инфраструктурата спрема планираниот степен на уреденост за поединечно градежни парцели,од кои што со надоместокот не може целосно да се обезбедат потребните финансиски средстава уредувањето ќе се врши по фази, во зависност од временскиот период на реализирање на повеќе локации во

одредениот локалитет,во согласност со плнираниот степен на уреденост на тој локалитет.

Процентот на учество на средствата за изградба на комунални објекти при одредување на цената на надоместокот за уредување на градежно земјиште (кое ќе служи за фазно градење на инфраструктурата за уредување на градежно земјиште)се утврдува за :

-Изградба на улици-------------------------------- 36%
-Комунална инфраструктура--------------------- 24% -Одржување
на улици ----------------------------- 8%
-Техничка документација ------------------------- 4%
-Експропријација на земјиште------------------- 28%

---

Вкупно: 100%

Во цената на комуналниот надоместок не влегуваат приклучните такси за водовод, канализација , електрика, трафостаници и телекомуникациски објекти.

Приклучоците на градежните објекти на водоводната, канализационата и електричната улична мрежа се изведуваат до регулационата линија .

Надоместокот за експропријација ќе се наплаќа по утврдена цена согласно процената пазарна вредност од овластен проценител.

Меѓусебните обврски помеѓу ЕЛС и инвеститорот се регулираат со договор.

Предложените цени во Програмата-за комунален надоместок ќе бидат прикажани и во денарска противвредност на евро валута според курсот на Народна Банка на РМ а промената на курсот на еврото автоматски ќе се применува во пресметките за комунален надоместок.

Во сите зони за изградба на градежни објекти за издадена градежна дозвола од страна на ЕЛС - Општина Радовиш плаќањето може да се врши:

-На 12 еднакви месечни рати со гаранција од заложба на недвижен имот или друг соодветен начин. -Во готово.

Млади брачни парови ќе бидат ослободени од надоместок за уредување на градежно земјиште согласно донесен Правилник и Одлука од Советот на Општина Радовиш

Реализацијата на Програмата ќе зависи од обезбедување на потребните финансиски средства,а за реализација на истата се задолжува ЕЛС-Сектор за урбанизам, комуналии и животна средина Радовиш.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1573/2
Дата 24.12.2025 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување на Програма за јавно осветлување на подрачјето на Општина Радовиш за 2026 година и Програма за јавно осветлување на подрачјето на Општина Радовиш за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување на Програма за јавно осветлување на подрачјето на Општина Радовиш за 2026 година бр.08-1574/1 и Програма за јавно осветлување на подрачјето на Општина Радовиш за 2026 година, бр.08-1574/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1574/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 13 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на VII седницата одржана на ден 23.12.2025 година, донесе

О Д Л У К А
за донесување на Програма за јавно осветлување на подрачјето на Општина Радовиш за 2026 година

член 1

Се донесува Програма за јавно осветлување на подрачјето на Општина Радовиш за 2026 година.

член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1574/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 13 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на VII седницата одржана на ден 23.12.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2026 ГОДИНА

Со програмата се утврдуваат активностите за одржување на јавното осветлување за 2026 год., односно се утврдува обемот и динамиката на одржувањето, финансирањето на истите, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување во општината.Финансирањето односно покривање на трошоците за јавно осветлување е регулирано со закон за комунални такси според кој за користење и одржување на јавното осветлување се плаќа комунална такса.

Комунална такса за користење и одржување на јавното улично осветлување се наплаќа од регистрираните броила односно според евиденцијата на АД ЕВН Македонија за општина Радовиш.

Наплатата на таксата од имателите на броила ја врши ЕВН Македонија АД Скопје КЕЦ Струмица и ја уплатува на сметка на буџетот на општина Радовиш. Средствата кои се прибираат од граѓаните врз основа на комуналната такса за улично осветлување се основни приходи со кои се финансира одржувањето, реконструкцијата и изградбата на нова улична мрежа и потрошената електрична енергија за јавното осветлување.

Во општина Радовиш има регистрирано 9.096 броила за домаќинство,согласно моменталната висина на таксата од 184 ден./броило/месец планирано е да се оствари приход од 20.083.968 ден. и 1.292 броила за индустрија, согласно моменталната висина на таксата од 368 ден./броило/месец планирано е да се оствари приход од 5.705.472 ден,односно 20.083.968 + 5.705.472 = 25.789.440,00 денари. вкупно во 2025год. Останатите средства се обезбедуваат од буџетот на општина Радовиш.

| **Од остварениот приход ќе се финансира:** | | **Износ / денари** |
|---|---|---|
| 1 | Потрошена електрична енергија | 10.000.000,00 |
| 2 | Потрошена електрична енергија (трансфери на ЈПССО) | 800.000,00 |
| 3 | Одржување и проширување на уличното осветлување | 1.000.000,00 |
| | **ВКУПНО :** | **11.800.000,00** |

Редовното одржување на јавното улично осветлување го врши стручна организација која ќе ја избере комисијата за јавни набавки преку спроведена тендерска постапка. Поднесување на пријави од грагани,месни заедници и други урбани заедници за дефекти на уличната осветлување се врши до ЕЛС Радовиш ( задолжено стручно лице во општината) и истите се доставуваат до избраната фирма за одржување која што треба да постапи по истите. Надзор над извршените работи ,проверка на пристигнатите фактури за извршените работи ги стручно лице вработено во ЕЛС овластено со Решение од градоначалникот или избрана фирма врз основа на објавена јабна набавка. Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во сл.гласник на општина Радовиш.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1574/2
Дата 24.12.2025 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување Програма за
јавна чистота на општина Радовиш
за 2026 година и Програма за јавна
чистота на општина Радовиш
за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување Програма за јавна чистота на општина Радовиш за 2026 година бр.08-1575/1 и Програма за јавна чистота на општина Радовиш за 2026 година, бр.08-1575/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1575/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) а согласно член 21 став 1 точка 13 од Статутот на општина Радовиш и член 12 од Законот за јавна чистота(„Службен весник на РМ“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16, 122/21),

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за донесување Програма за јавна
чистота на општина Радовиш
за 2026 година

I. Се донесува Програма за јавна чистота на Општина Радовиш за 2026 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-1575/1Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) а согласно член 21 став 1 точка 13 од Статутот на општина Радовиш и член 12 од Законот за јавна чистота(„Службен весник на РМ“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16, 122/21),

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

П Р О Г Р А М А

За Јавна чистота на општина Радовиш за 2026 година

Со оваа програма се уредуваат условите и начинот на одржување на јавната чистота, правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота, површините и објектите на кои се врши одржување на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снег и мраз во зимски услови, како дејности од јавен интерес од локално значење.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на јавните објекти, на отворените простори на јавните објекти, на неизградено градежно земјиште сопственост на физички и правни лица во централното подрачје на општината и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

“Јавни површини и отворени простори на јавни објекти“ се улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, градски паркови, парк-шуми, улични тревници, видиковци, железнички, автобуски, бензински и такси станици и други објекти на комуналната инфраструктура, градски гробишта, пазари, магацини и складишта, спортско рекреативни објекти и отворени простори околу други јавни објекти;

Одржувањето на јавната чистота и чистењето на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини го врши јавно претпријатие за комунални услуги, основано од општината

За поблиско уредување на односите за одржувањето на јавната чистота советот на општина Радовиш донесува одлука.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на програмата е да се обезбеди редовно чистење ( метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, како и чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Со оваа Програма:

- Се утврдува територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти ;
- Се утврдуваат основните начини на вршење на работата за одржување на јавната чистота;
- Се утврдува надзорот во спроведувањето;
- Се утврдува начинот на финансирање;

При утврдувањето на јавните површини кои ќе се одржуваат со оваа Програма земени се во предвид : густина на населеност, фреквенција на граѓани и сообраќај, воспитно образовни објекти , како и степенот на уреденост на површината.

1. Метење на јавни површини

| Метење на јавни површини и собирање на смет | | | |
|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Опис | Површина ($м^2$) | број на циклуси |
| I | ЗОНА | Трипати неделно | |
| 1 | Булевар Александар Македонски | 19200 | 162 |
| 2 | Кеј 8ми Септември | 6400 | 162 |
| 3 | Св. Спасо Радовишки до дневен центар Порака | 4560 | 162 |
| 4 | Ул. 22ри Октомври | 4040 | 162 |
| 5 | Ул.Партизанска (дел) | 500 | 162 |
| 6 | Ул.Самуилова | 600 | 162 |
| 7 | Ул.Илинденска | 400 | 162 |
| 8 | Ул.Блаже Коневски | 400 | 162 |
| 9 | Ул.Коста Сусинов | 500 | 162 |
| 10 | Ул.15ти Корпус | 300 | 162 |
| 11 | Ул.1ви Мај | 800 | 162 |

| II | ЗОНА | Еднаш неделно | |
|---|---|---|---|
| 1 | Ул.Илија Алексов | 900 | 54 |
| 2 | Ул.Плачковица | 5400 | 54 |
| 3 | Ул.Гоце Делчев | 650 | 54 |
| 4 | Ул.Шаин Маале | 300 | 54 |
| 5 | Ул.Ана Поцкова | 550 | 54 |
| 6 | Ул.Мирче Ацев | 300 | 54 |

| III | ЗОНА | Еднаш месечно | |
|---|---|---|---|
| 1 | Ул.Ѓорче Петров | 2800 | 12 |
| 2 | Ул.Вардарска | 2000 | 12 |
| 3 | Ул.Егејска | 1000 | 12 |
| 4 | Ул.Исарот | 400 | 12 |
| 5 | Ул.11ти Октомври | 300 | 12 |
| 6 | с.Раклиш | 1000 | 12 |
| 7 | с.Ораовица | 6000 | 12 |
| 8 | с.Подареш | 6000 | 12 |
| 9 | с.Јаргулица | 2000 | 12 |
| 10 | с.Покрајчево | 2000 | 12 |
| 11 | с.Злеово | 3000 | 12 |
| 12 | с.Ињево | 4000 | 12 |
| 13 | с.Воиславци | 2000 | 12 |
| 14 | с.Калугерица | 2000 | 12 |
| 15 | с.Сулдурци | 1000 | 12 |
| 16 | с.Дамјан | 1000 | 12 |

2. Миење на јавни површини

| Миење на јавни површини | | | |
|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Опис | м' | број на циклуси |
| I | ЗОНА | Трипати неделно | |
| 1 | Булевар Александар Македонски | 3200 | 162 |
| 2 | Кеј 8ми Септември | 3200 | 162 |
| 3 | Св. Спасо Радовишки до дневен центар Порака | 4560 | 162 |
| 4 | Ул. 22ри Октомври | 3470 | 162 |
| 5 | Ул.Партизанска (дел) | 250 | 162 |
| 6 | Ул.Самуилова | 300 | 162 |
| 7 | Ул.Илинденска | 200 | 162 |
| 8 | Ул.Блаже Коневски | 200 | 162 |
| 9 | Ул.Коста Сусинов | 250 | 162 |
| 10 | Ул.15ти Корпус | 300 | 162 |
| 11 | Ул.1ви Мај | 400 | 162 |

| II | ЗОНА | Еднаш неделно | |
|---|---|---|---|
| 1 | Ул.Илија Алексов | 450 | 54 |
| 2 | Ул.Плачковица | 2700 | 54 |
| 3 | Ул.Гоце Делчев | 650 | 54 |
| 4 | Ул.Шаин Маале | 300 | 54 |
| 5 | Ул.Ана Поцкова | 550 | 54 |
| 6 | Ул.Мирче Ацев | 300 | 54 |

| III | ЗОНА | Еднаш месечно | |
|---|---|---|---|
| 1 | Ул.Ѓорче Петров | 1400 | 12 |
| 2 | Ул.Вардарска | 1000 | 12 |
| 3 | Ул.Егејска | 500 | 12 |
| 4 | Ул.Исарот | 200 | 12 |
| 5 | Ул.11ти Октомври | 300 | 12 |
| 6 | с.Раклиш | 500 | 12 |
| 7 | с.Ораовица | 3000 | 12 |
| 8 | с.Подареш | 3000 | 12 |
| 9 | с.Јаргулица | 1000 | 12 |
| 10 | с.Покрајчево | 1000 | 12 |
| 11 | с.Злеово | 1500 | 12 |
| 12 | с.Ињево | 2000 | 12 |
| 13 | с.Воиславци | 1000 | 12 |
| 14 | с.Калугерица | 1000 | 12 |
| 15 | с.Сулдурци | 500 | 12 |
| 16 | с.Дамјан | 500 | 12 |

3. Собирање на смет

| Собирање на смет и Чистење на диви депонии | | | |
|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Опис | Единечна мера | број на циклуси |
| I | ЗОНА | | |
| 1 | Собирање смет | бр. | 700 |
| 2 | Чистење на диви депонии | час | |
| | Багер утоварач | час | 100 |
| | Камион кипер | час | 100 |

Планираните средства за реализација на оваа програма се 7.000.000,00 денари.

4. Финансирање

| Финансирање | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ред.бр. | Опис | Број на корисници / број на месеци | Единечна цена | Вкупно |
| 1 | Такса за јавна чистота | 6868 | 360 | 2.472.480,00 |
| 2 | Комунална такса | 12 | 186968 | 2.243.616,00 |
| 3 | Буџет на ЕЛС | / | / | 2.283.904,00 |
| | | | Вкупно: | 7.000.000,00 |

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота се врши преку доставување на сметка за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад, кој се прикажува одвоено на сметката.

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината и се користат за финансирање на работите на јавната чистота.

Дел од средствата за реализација на оваа програма ќе Финансирањето на оваа програма ќе бидат обезбедени од Такса за јавна чистота и Комунална такса а остатокот од буџетот на ЕЛС Општина Радовиш.

5. Зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта

Зимско одржување на улиците и тротоарите во градот и локалните патишта за 2026 година. Подрачјето на општина Радовиш е под влијание на изменета континентална клима со влијание на медитеранска клима, што овозможува релативни благи зими и со мали врнежи од снег, а сето тоа трае два месеци во годината.

Согласно одлуката за Јавна чистота во општина Радовиш донесена од страна на Советот на општина Радовиш, правните и физичките лица се должни да го исчистат снегот и мразот од тротоарите, или до половина на улиците.

Контролата на реализацијата на овие должности ќе го врши комуналната инспекција при локалната самоуправа.

Во случај на поголеми врнежи од снег одржувањето на улиците и тротоарите ЈП Плаваја и локалната самоуправа го регулираат со посебен договор.

**Превентивни мерки на заштита**

Со цел да се намалат опасностите од евентуални незгоди во зимскиот период ЈП Плаваја ги превзема сладните превентивни мерки и заштита:

- Потребна работна сила и механизација за расчистување на тротоарите и улиците

- Ја утврдува потребната количина на сол и песок за посипување

- Го утврдува начинот на ангажирањето на работната сила и активирањето на механизацијата

- Го утврдува приоритетот на чистење на улиците во заедничка соработка со МВР и ЕЛС

**Времетраење и степен на приправност**

Времетраењето на приправноста е од 15.11.2025 до 01.03.2026 год.

Во овој период ќе бидат дежурни на повик:

- два возачи на трактор
- два работника за испомош
- еден возач на специјална машина скип

Продолжувањето на времетраењето на приправноста ќе се врши по потреба во зависност од временските услови, а сето тоа усогласено со надлежните служби при ЕЛС и МВР.

II. Преглед на улици и места за интервенција по приоритет

1. Ул.Булевар Александар Македонски се до преминот со улица Ѓорче Петров.
2. Ул. Кеј 8 ми Септември
3. Ул. 22 Октомври
4. Ул. Св Спасо Радовишки
5. Ул. Коста Сусинов
6. Ул. 15ти Корпус
7. Ул. Чедо Филиповски Даме
8. Ул. Самуилова

9. Влезовите пред следните институции:

- Детски градинки
- Здравен дом
- Основен суд
- Управа на ЕЛС
- Стопанска Банка
- Пристап до МВР

10. Сите угорници што ги има град Радовиш

Планирано ангажирање на работна рака и механизација

Планирана механизација:

- Ровокопач Скип 1 број.
- Камјон кипер 2 броја.
- Трактор за машинско растурање на сол 1 број.
- Трактор за машинско растурање на сол и плуг за чистење на снег 1 број.

**Планирана работна рака:**

Бројот на возачи и работници ќе биде во склад со степенот на приправноста.

Чистењето на тротоарите од снег ќе го вршат работниците кои работат на програмата за одржување на јавната чистота и одржувањето на зеленилото.

Списоците на возачи и работници ќе бидат изготвени од страна на Стручните служби во ЈП Плаваја и ќе се достават до ЕЛС по укажана потреба.

**Планирани количини на сол и ризла**

Според претходните досегашни искуства потребна количина на сол за расфрлање во една сезона е околу 20 тона, а сепариран песок ризла (гранулит 2) е околу 30 $м^3$ и истите матрејали ги набавува ЕЛС Радовиш.

**Финансиска конструкција на оперативниот план за зимско одржување**

Финансирањето на извршувањето на работите од овој оперативен план ќе се регулира со посебен договор помеѓу ЈП Плаваја и Градоначалникот на Општина Радовиш.

Следењето и контролата на извршувањето на работите ќе го вршат службите при ЕЛС Радовиш, а фактурирањето ќе биде по ценовник кој ќе биде предмет на договор.

Реалната вредност на програмата ќе се дефинира по завршувањето на зимската сезона согласно потрошените материјали и обемот на ангажираната работна сила и механизација.

**Извршител на Програмата**

Задолжен субјект за извршување на активности предвидени со оваа Програма е ЈП„Плаваја“ Радовиш.

Извршителите имаат обврска за континуирано, квалитетно и навремено одржување на јавната чистота согласно Програмата за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Радовиш за 2026 година.

**Надзор над извршување на Програмата**

Надзор над извршување на Програмата за јавна чистота на подрачјето на општина Радовиш за 2026 година врши надлежно лице овластено од страна на Градоначалникот на општина Радовиш.

Инспекциски надзор согласно Законот за јавна чистота вршат овластениот комунален инспектор и комуналните редари.

ЈП е должно навремено и ефикасно да презема мерки за спроведување на Програмата.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-1575/2
Дата 24.12.2025 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Гоце Techninec с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување на Програма за одржување, обновување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2026 година и Програма за одржување, обновување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување на Програма за одржување, обновување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2026 година бр.08-1576/1 и Програма за одржување, обновување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2026 година, бр.08-1576/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1576/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на VII седницата одржана на ден 23.12.2025, донесе

О Д Л У К А
за донесување на Програма за одржување, обновување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2026 година

член 1

Се донесување Програма за одржување, обновување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2026 година.

член 2

Оваа Одлука стапува на сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1576/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за одржување, обновување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2026 година**

ВОВЕД

Согласно на Законот за урбано зеленило Сл.весник 11/2018 како и согласно Правилникот за планирање, проектирање, подигање и одржување на зеленилото Сл.весник 205/2019 а со цел квалитетно и стручно одржување на градското зеленило и цветните површини, оделението Паркови и Зеленило при ЈП Плаваја Радовиш изготви Предлог годишна програма за подигање,обновување и користење на зеленилото за 2026 година на подрачјето на општина Радовиш.

Со оваа Годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленилото се дефинираат следните податоци:

**4.** Површини под јавно зеленило, според намената ,функцијата и степенот на одржување утврден од страна на Јавното претпријатие за управување со зеленилото или правното лице регистрирано за таа намена ;

**5.** Преглед за потребите за одржување и тоа :

5) Одржување на зелени површини : Рачно косење, гребулање на трева пред машинско косење, машинско косење, собирање трева, чистење и изнесување на зелен отпад (лист, искосена трева, искастрени гранки итн.) полевање на зелени површини;

6) Одржување на дрвенасти и грмушасти растенија: окопување дрвја, грмушки и жива ограда, кроење на грмушки, дрвја во дрвореди и жива ограда, фито заштита и полевање на дрвореди и зелени површини со цистерна како и одвоз на отпад со трактор;

7) Одржување на цвеќе: одржување на жардињери, одржување на цветни површини: плевење, прашење, садење и расадување окопување и прашење, како и производство на цветни расади;

8) Потребен број на извршители и опремување со ХТЗ опрема, алати и материјали како и потребните финансиски средства согласно интензитетот и видот на одржување за секоја јавна зелена површина.

**6.** Подигање на зеленило, коешто опфаќа реконструкција на старото и оштетено зеленило, како и подигнување и озеленување на нови површини при изградба на комунални инфраструктурни објекти.

При изготвување на оваа програма земен е предвид фактот дека начинот и интензитетот на одржување на зеленилото е менлив елемент и тоа во зависност од климатските услови, потребите на градот, структурата на градот и неговата распространетост.

Оделението за Паркови и Зеленило при ЈП Плаваја Радовиш се занимава и со производство на саден материјал за цветен расад кој е наменет за потребите на самото претпријатие за пополнување на цветните површини во градот Радовиш.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Цел на програмата на Оделението за Паркови и Зеленило е да се прикаже обемот на работа која ја извршуват вработените , како и финансиските средства кои се потребни за извршување на наведените активности по програмата во 2026 година.

## ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во Табела 1 се прикажани сите позиции со изразени површини со јавно зеленило во м$^2$ кој се планирани за тековно одржување во 2026 година и тоа:

1. **Табела 1:**

| **Ред.бр.** | **Опис** | **Површина во m$^2$** |
|---|---|---|
| 1. | Градски парк (Ловен дом) | 18.900 |
| 2. | Радовишка река (корито од радовишка река) | 16.200 |
| 3. | Зелена површина на триаголник на ул. “Илија Алексов ” | 54 |
| 4. | Детски Парк Марди | 450 |
| 5. | Зелена површина и фонтана во Парк на младите | 720 |
| 6. | Кружен тек на ул. “22 Октомври “ во спој со | 45 |

| | | |
|---|---|---|
| | Ул.Партизанска | |
| 7. | Спомен паркот во сеќавање на 22 Октомври – спроти Центар за култура | 90 |
| 8. | Зелена површина пред стоковна куќа | 135 |
| 9. | Зелена површина пред зградата на основниот суд | 540 |
| 10. | Одржување на дрворедите по кеј 8 Септември и булевар Александар Македонски | 5.400 |
| 11. | Зелена површина позади основен суд | 270 |
| 12. | Паркот Липа на ул. “ Бел Камен “ | 135 |
| 13. | Зелени површини на шеталиште “ св.Спасо Радовишки“ | 90 |
| 14. | Зелени површини околу сите станбени згради | 8.100 |
| 15. | Мало булеварче на ул.”Плачковица “ | 90 |
| 16. | Зелена површина пред зградата на општина Радовиш | 935 |
| 17. | Парк кај споменикот на загинатите и прогонуваните борци пред аптека Зегин | 45 |
| 18. | Парк под јаворот кај споменикот на С. Коларов | 90 |
| 19. | Жардинериите поставени на повеке локации низ градот | 36 |
| 20. | Зелена површина околу дневен центар UNICEF | 45 |
| 21. | Тротоари на ул.” Плачковица“ | 900 |
| 22. | Зелен појас на триаголник на ул.Плачковица | 35 |
| 23. | Зелени површини и фонтана на плоштад “ св.Спасо Радовишки | 30 |
| 24. | Влезови на градот Радовиш | 540 |
| 25. | Банкини на потег помеѓу бул.Александар | 500 |

| | | |
|---|---|---|
| | Македонски и двата влеза на Радовиш | |
| 26. | Зелена површина околу Спортска сала во Радовиш | 1.350 |
| 27. | Зелена површина на стрелиштето | 3.000 |
| 28. | Зеленило на Бул. “А. Македонски ”помеѓу двата коловоза | 3.000 |
| 29. | Кружен тек на бул. А. Македонски со ул. “Илија Алексов “ | 160 |
| 30. | Кружен тек на бул.”А. Македонски “со Ул. 22ри Октомври | 300 |
| 31. | Градски стадион | 600 |
| 32. | Детско игралиште во с. Воиславци | 100 |
| 33. | Детско игралиште во с.Сулдурци | 100 |
| 34. | Детско игралиште во с. Калуѓерица | 100 |
| 35. | Детско игралиште во с. Ораовица | 100 |
| 36. | Детско игралиште во с. Подареш | 100 |
| 37. | Детско игралиште во с. Јаргулица | 100 |
| 38. | Детско игралиште во с. Злеово | 100 |
| 39. | Детско игралиште во с. Ињево | |
| 40. | Парк и детско игралиште во н. Раклиш | 200 |
| 41. | Парк во с. Ораовица | 150 |
| 42. | Тениско игралиште во градинката “Цветови “ | 550 |
| 43. | Ул Илија Алексов од кружен тек на булевар Александар Македонски до центарот на н.Раклиш | 850 |
| 44. | Зеленило околу спортско игралиште во двор на гимназија Коста Сусинов во Радовиш | 2.000 |
| 45. | Детско игралиште во н. Куклевица на ул. Кирил и | 100 |

| | | |
|---|---|---|
| | Методи | |
| 46. | Детско игралиште во н. Куклевица на улица Вардарска | 200 |
| 47. | Сечење и кроење на дрва на повеке локации во градот | |

**2.** **1.** Во продолжение се опишани активностите што ке се превземаат на дадените локации од табела 1:

1) Градски парк (Ловен дом )

Градскиот парк е најголема површина од 18.900 м$^2$ во нашиот град и бара постојани активности за одржување на постоечката инфраструктура, тревни површини, и др.
На подрачјето на општина Радовиш, не постои целосно изграден и функционален систем за заштита и спасување од поплави. Водостопанските објекти недоволно и несоодветно се одржуваат од причина што не постои целосна регулација на реките и водотеците, неуредени порои, оштетен хидромелиоративен систем,шахти, вентили и др.

Од речните корита делумно е регулирано коритото на Радовишка Река, во должина од околу 2 км. односно во делот кој поминува низ градот.

Регулираниот дел повремено се одржува, меѓутоа има оштетени каскади во речното корито и делови од ѕидовите на кејот кои не се санирани.

На влезот во градот, во горниот дел, капацитетот на коритото е намален и не е во состојба да ги апсорбира водите од околните порои, како и водите од интензивното топење на снег,пропратено со врнежи од дожд. Причини за намалување на обемот на коритото се: наноси од песок и друг материјал, диви депонии на земја, шут и друг отпад, вегетација во

речното корито, узурпации и др. Во градот намалена е пропусната моќ и од поставување на инсталации во речното корито.
Шутот и другиот отпад се карактеристични за течението на реката на влезот и излезот од градот. Узурпациите на речното корито се лоцирани по целото течение на реката, надвор од градското подрачје. По течението на реката од Радовиш кон Струмица, на потегот од Калугерички мост- мост с.Злеово, речното корито речиси и да не постои, исполнето е со нанос и растителна маса, намалена е пропусната моќ на мостовите на с.Јаргулица и с.Покрајчево, последиците од тоа се постојани оштетувања на насипите на мостовите, оштетување на локалните патни правци и поплава на околните обработливи површини.
Останатите водотеци, пред се пороите, со исклучок на дел од коритото на река Ступница, која минува низ с.Подареш и е регулирано во должина од од околу 1 км. со вкупна должина од околу 3 км. Сите останати порои не се регулирани, честопати се интервенира само по последици од поплави. Во населените места: Подареш, Јаргулица, Покрајчево, Злеово, Калугерица, Сулдурци, Воиславци, Ињево и Тополница дел од пороите се и пристапни улици или поминуваат преку улиците.
Чистењето на речните корита надвор од урбаните опфати е во надлежност на АД Водостопанство на Република Северна Македонија и за истите потребно е да изврши регулација на коритата, особено на главните реципиенти Радовишка река и река Сушица, за заштита и спречување на последици од поплавен бран.

**П Р Е Г Л Е Д**
**за преземање превентивни активности за чистење на речните корита и санирање на оштетената инфраструктура во речните корита**

1. Радовишка река – критична е по цела должина и има потреба од зајакнување на бреговите на коритото на критичните места каде се излева, во должина од околу 12 км. Во горниот тек постои можност да го загрози водоснабдителниот систем на градот, односно горниот тек на реката, делот над последниот мост кој води кон м.в.Канлиева воденица, постои намалена пропусна моќ на мостовите поради наноси, оштетени каскади и дел од коритото, недоволно направени пропусти насочени кон речното корито и особено по течението на реката кон Струмица кај местото Калуѓерички мост с.Злеово постои обрушено корито исполнето со нанос и вегетација и намалена пропусна моќ на мостовите с.Јаргулица- с.Покрајчево

2. Сушица – по цела должина од околу 5 км.,критична по цела должина до вливот во Ињевска река, особено критични делови се: под кланицата Андонови и мостовите во градот каде потребно е редовно чистење и критична точка е вливот со Ињевска река кои го поплават бунарскиот систем за водоснабдување

3. Река Марлада – критична во должина од 3 км, на влезот во Радовиш односно мостот на патниот правец Радовиш- с.Раклиш, излезот од с.Раклиш по должина до вливот во Радовишка река

4. Ораовичка река – критична над мостот на манастир „Св.Ѓорги” и вливот во Радовишка река

5. Река Плаваја – критична по цела должина од 4 км, од влезот во с.Подареш до влив во Радовишка река

6. Река Ступница –критична е во должина од околу 300 м. нерегулиран дел на влезот во с.Подареш

7. Ињевска река – по цела должина од околу 3 км., критична до вливот во Радовишка река

8. Река Тополница – критична на излезот од селото во должина од 1 км

9. Мадемска река –критична низ населба Дамјан

**Поројни водотеци низ населени места :**

- с. Воиславци- пороен водотек низ селото кој е и пристапна улица
- с.Сулдурци – порој низ селото
- с.Покрајчево- порој низ селото
- с. Јаргулица – порој низ селото
- с.Злеово – порој низ селото
- с.Ињево - пороен водотек кај училиштето„ Орце Николов" и регионалниот пат кон Општина Конче до Ињевска река, кај фирмата „Сложни браќа"
- с.Калуѓерица – порој по цела должина низ селото и десно од порој, месност кај џамијата
- с.Ораовица – одводен канал кај училиштето „Кирил и Методиј " и десно од мостот кон манастир „Св.Горѓи"
- с.Тополница – порој низ селото
- нас.Дамјан – порој од десна страна на влезот од населбата

**Поројни водотеци во град Радовиш** :

- Шаин Маале –спрема новата џамија -0,5 км
- Коџа Баир – кај стара џамија -1 км
- Корчо Маало-
- Чам Баир –2 км
- Илиница –2 км
- Калаузлиски дол –кај фирма Валентина промет
- зад објектот на стара касарна, постои нерегулиран дел со атмосферска канализација и потреба од зафаќање на водите

Пороите не се уредени, неплански односно инцидентно по потреба се чистат коритата на реките во регулираниот дел. Во градот функционалноста на атмосферската канализација не е на задоволително ниво поради узурпации од наноси на материјал, недоволна прочистеност и недоволни пропусти кои ќе ја одведуват водата од сообракајниците кон коритото на Радовишка река (ул.Кеј 8 $^{ми}$ Септември).

Имајќи ги предвид, веројатноста и последиците од можни поплави, приоритетно е редовно чистење на коритото на Радовишка Река и река Сушица, како најголеми речни корита во Радовиш, започнувајќи од горниот тек по целата должина, понатаму и сите останати.

Како продолжение на активности направени преку проектот со JAICA, за намалување на последици од поплавање од главниот реципијент Радовишка Река, во рамките на проектот АДАПТ 2, Општина Радовиш продолжува во соработка со Министерство за животна средина и просторно планирање, Центар за управување со кризи, Регионалата канцеларија за Источна Европа и Централа Азија на Меѓународната унија за заштита на природата (ИУЦН), влегува во нова фаза со Планот за реставрација на шумскиот пејзаж на Западен Балкан, каде ке се врши справување со критичките предизвици со климата и биодиверзитетот и намалување на ризикот од катастрофи и зајакнување на екосистемот со еколошки природни решенија.

Овој проект е тригодишна иницијатива, финансирана од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (Sida) и имплементирана од Регионалната канцеларија на ИУЦИН за

Источна Европа и Централна Азија и се однесува на зголемување на отпорноста на екосистемите и заедниците на климатски промени и ризици од катастрофи, со примена на решенија засновани врз природата, од Западен Балкан, каде Македонија заедно со Албанија и Србија претставува пилот-проект во тој дел.

Преку Министерството за транспорт со обезбедени финансиски средства се изврши изградба на атмосферска канализација на дел од улиците „Илија Алексов“ за решавање на состојбата во овој критичен дел од градот, каде настанува излевање при секој поголем поплавен бран, исто и „крак на улица 8“, „улица 8“, „улица 9“ во УБ15 во општина Радовиш. Исто така, извршена е изведба на канализација во Карши маале с.Подареш и со тоа се решава еден значаен проблем на мештаните во тој дел ,кој беше дел од поплавување.Во тек се реализирање на два проекти .

Проектот ,, Регулација на дел од речното корито на Ораовичка река,, с. Ораовица предвидува регулација на речното корито на Ораовичка река, просторот кој е опфатен од мостот на влезот во селото до мостот спрема културен дом, со изградба и зајакнување на кејот и формирање каскади. Проектот е финансиран преку потпишан договор на општина Радовиш Министерството за животна средина и просторно планирање.

Вториот проект е регулација на порој во с.Воиславци, кој започнува од горниот тек на селото и минува низ селото и изградба на пристапна улица во тој дел со што се решава проблемот со поплавање на мештаните. Проектот е финансиран од општински буџетски средства.

Потребно е планирање на регулација горенаведените порои, изработка на проектна документација (изработена е катастарска подлога за Шаин Маале) и Акционен план за реализација, со што штетите би се намалиле на комуналната и сообраќајна инфраструктура, индивидуални и стопански објекти, обработливи земјоделски површини и др. Поројни водотеци надвор од населените места се нерегулирани, а се причинители на големи штети на земјоделските површини, се уништуваат посевите и останува наносен материјал. Истите кои се кладифицирани како вон урбан опфат се во надлежност на водостопанската организација. Такви водотеци се карактеристични за целото подрачје на општината. Секој од пороите во населените места, редовно треба да се чисти во должина низ населените места, широчината да се одреди според опфатот на речниот појас. Заради узурпација на таквите зафати, се скоро невозможни без предходна изготвена катастарска подлога.

Системот за наводнување го сочинуваат 2 магистрални канали, лев магистрален канал во должина од 29.762 км и десен од 19.220 км. Деталната каналска мрежа е во должина од 208 км. На места системот е оштетен од страна на несовесни корисници, штетите целосно не се санираат,не се врши редовно одржување и чистење на системот од наноси и друг материјал. Полските патишта на места се оштетени, бидејки се користат како отворени канали од страна на земјоделците. Атмосферската канализација функционира со намален капацитет. Причина за тоа се наносите од нерегулираните поројни атмосферски води, дивото приклучување на граѓаните кои во атмосферската приклучуваат и фекална канализација.

Праг-решетките и страничните пропусти кон речното корито за атмосферските води лоцирани на одредени места, функционираат со намален капацитет, дел се оштетени и потребно е санирање на оштетени пропусти, редовно да се чистат и одржуваат од страна на ЈП „Плаваја”.

Заради нефункционирањето на мрежата, се случува граѓаните своеволно да ги затвараат уличните одводни сливници, водата истекува по улиците и поплавува дворови, станбени и други објекти.

Покриеноста на градот со канализациона мрежа е околу 90%, мрежата е изведена најчесто со цевки Ø250 мм. Функционалноста е намалена на одделни делови од градот повеќе од 50%. Атмосферската канализација мора редовно да се чисти и одржува,да се направат

дополнителни испусти кои ќе бидат насочени кон коритото на Радовишка река, но пред се како што е напред наведено, треба да се регулираат поројните водотеци, со што ке се спречат наносите од пороите кои се основна причина за нефункционалната состојба на канализацијата.
Мора да се планира санирање на оштетените и изградба на целосно оштетените каскади во коритото на Радовишка Река, оштетувањето на ѕидот во речното корито помеѓу мостовите на улица Илинденска и Стариот мост, изградба на нова каскада на Река Плаваја под мостот на влезот во село Подареш и санација на оштетените каскади.
Опасност од поплавање и понатаму останува вливот на Ињевска река, која поплавува земјоделско обработливо земјиште и загрозувањето на бунарскиот систем за водоснабдување, кој се наоѓа на вливот на Ињевска река во река Сушица.
Во одредени населените места, атмосферска канализација речиси не постои, во некои од нив постои фекална канализација, која не е доволно функционална.
За подобрување на состојбата на речни корита и поројни водотеци во однос на чистење, одржување, санирање, бара високи финансиски импликации, материјално технички ресурси, стручни служби и истото потешко може да се подржи од страна на општината, но и од водостопанската организација во Радовиш, која има пренесено надлежност но е нефункционална по тоа прашање. Затоа се наметнува потребата од сериозен пристап и изнаоѓање на организирано системско решение како стратегија од страна на Владата за регулирање, одржување, финансирање на сите горенаведени проблеми од страна на утврдени надлежни институции. Со тоа ќе се подобри и унапреди целокупната состојба со речните водотеци во цела држава.

Набљудување и извидување на состојбата со водостојот;

Набљудувањето и извидувањето на состојбата со водостојот и моменталните последици од поплава е обврска на секој граѓанин, а особено во време на вонредни околности како што се: долготрајни и обилни врнежи од дожд, топење на снег, проблеми со брани и акомулации и др. Општината врши набљудување и извидување, како и Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, полицијата и др.

Евакуација на населението и материјалните добра

Евакуацијата се планира, организира и спроведува во услови кога на подрачјето на кое се проценува дека може да биде зафатено од природни непогоди и други несреќи, односно на подрачјето на кое веке има појава на природни непогоди и други несреќи, со други мерки на заштита и спасување не може да се обезбеди соодветен степен на заштита на луѓето и материјалните добра.
Имајки ги предвид досегашните искуства, на подрачјето на општината во случај на поплави во градот или населените места, нема да има голем број на лица за евакуација, освен во случај на хаварија на хидројаловиштето Тополница.
Селото е лоцирано во подножието на браната на хидројаловиштето на рудникот Бучим, голема е веројатноста за целосна евакуација. На евакуација ке бидат подложени околу 700 лица од двете населени места с.Тополница и с.Дамјан, како и материјални добра.
Прифатни пунктови за моментална евакуација во селото се: Центарот на населеното место, дворот на основното училиште и излезот од селото (фудбалски терен).
Евакуација надвор од селото ќе се врши во правец на најблиските безбедни места, во кои има услови за прифат на евакуираното население и тоа во правец на: Радовиш, с.Дамјан,

с.Прналија, с.Ињево или во соседните општини. Истото се однесува и за материјалните добра.

**Оперативни мерки за заштита и спасување од поплави и уривање на високи брани**

Оперативни мерки за заштита и спасување од поплави и уривање на високи брани се:
-Извлекување, евакуацијана на настрадано население
-Испумпување на вода од поплавени објекти
-Снабдување на загрозеното население со неопходни продукти и
-Асанација на теренот.

Мерките за извлекување на настраданото население и испумпување на вода од поплавените објекти се одвиваат паралелно, веднаш штом ќе дозволат условите на теренот, а ќе ги спроведат силите со кој располагаме, односно ке бидат вклучени располживите персонални и материјални ресурси.
Снабдувањето на загрозеното население од поплавите со храна, вода за пиење, хигиенски средства, здравствена заштита го обезбедува општината со сопствени средства, хуманитарна помош и др.
Асанација на теренот опфаќа хигиенско-технички и други мерки и активности за спречување на настанување и ширење на заразни болести и други последици од поплавите.
Во асанацијата на теренот најважни активности се:
-пронаоѓање, идентификација и погреб на загинати лица,
-пронаоѓање и закоп на загинати животни,
-чистење на теренот од разни глодари и инсекти,
-отстранување на отпадоци и други штетни материјали,
-дезинфекција, дезинсекција и дератизација,
-асанација на објекти за водоснабдување,
-санирање на штетите направени врз сообраќајниците во населените и патните правци.
Носители на активности во спроведување на асанацијата се: Општина Радовиш, ЈП „Плаваја,, Радовиш, Министерство за здравство п.е. Радовиш, Здравствени установи, МЗШВ п.е. Радовиш, Ветеринарни станици,јавни установи и служби и др.

## Преглед
### на ресурси за спречување и отстранување на последиците од поплави и уривање на високи брани (персонални и материјални)

За спречување, намалување и отстранување на последиците од поплави и секаков друг вид на загрозеност од природни непогоди на подрачјето, општина Радовиш врз основа на постоечката законска регулатива презема низа мерки и активности, како што се: постојани контакти со п.о. Дирекција за заштита и спасување, п.о. РЦУК и јавни претпријатија.
Приватни претпријатија по потреба во случај на вонредна состојба-поплава,ќе бидат вклучени со сите ресурси со кој располагаат за справување со ваков вид на загрозеност на подрачјето или на дел од подрачјето на општина Радовиш.

Расположиви човечки ресурси за интервенција за време на поплава, со кој располага општина Радовиш се: 18 припадника на ТППЕ Радовиш и ЈП „Плавајаˮ за расчистување на наноси и за поправка на водоводна и канализациона мрежа со 16 лица. Потенцијални и персонални ресурси претставуваат и лицата ангажирани за изведување на јавни работи од општината.

**Материјални ресурси кој можат да бидат вклучени во случај на поплави се следните:**

**Општина Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони кипери/цистерни | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 1- Steed 6 Great Wall<br>1-Lada Niva | 2-Citroen C-Elysee | | | Автобус Yutong |

**ТППЕ Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони/ Цистерни | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 1- Great Wall Steed 5<br>1- Ford Ranger | | 1-Противпожарно возило Scania Vabis 208 ico<br>2-Противпожарно возило Volvo<br>2-Противпожарно возило FAP 13/14 | | 2-моторни пили<br>2-моторни пумпи<br>6- заштитна опрема за поплави<br>3 - црева за вшмукување<br>1-Хидраулична рачна пумпа<br>1-лесна преносна пумпа<br>2-јажиња<br>6-спасувачки елеци<br>1-резервоар за вода<br>4-ПП гребули<br>3-Лопати и др. |

**ЈП „Плавајa„-Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони Цистерни/кипери | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 1-Lada Niva 4x4 | | 2-Специјално возило -цистерна | 1-Булдожер TG 80 | 1-Потопна пумпа за испумпување вода |
| 2. | | 3- FIAT Doblo | 1- TAM 80T 50 E3.2 | 1-Ровокопач UNKNAUF 770 | |
| 3. | | 1-TAM патар | 2- камион кипер MERCEDES 1213 од 4 м$^3$ | 1 -Ровокопач-Универзален JCB | |
| 4. | | 1-FIAT Ducato | 2-Трактор IMT со циклон | | |
| 5. | | | 1-Трактор кипер | | |

**ДПТУ„Бучим” Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони, Цистерни/кипери | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | | 2- Комби TDCi Ford Tranzit 8+1 | 2- цистерни ТА300 Terex 30 t | 1-ровокопач 3ЦХ, JCB | 1-агрегат 3,5 kw |
| 2. | | | | 2- товарно Daily C18 Iveco 3,44 t | 2- моторни пили STIHL |
| 3. | | | | 1-Булдожер Д9Т | |

Во спасувањето на луѓе, материјални и други добра од објектите и подрачјата загрозени од поплава ќе се употребат сите напред расположиви ресурси, со вклучување и на останатите надлежни субјекти од подрачјето на општината: Дирекцијата за заштита и спасување п.о.Радовиш, Центарот за управување со кризи п.о.Радовиш, ОВР Радовиш, Здравствен дом,рудник Бучим Радовиш и други, кое е во рамките на обврските предвидени со Законот за заштита и спасување .

За реализација на превентивните мерки и санација на штетите настанати од природни непогоди, потребно е да се предвидат финансиски средства во буџетот на општина Радовиш за 2026 година како дел од програмата за уредување на градежно земјиште, додека во годишната програма за управување со кризни состојби се предвидени средства за ревитализација по настаната кризна состојба.

Имајќи го предвид долгогодишното искуство, стручните служби на Секторот за урбанизам и животна средина,комунални работи и ЛЕР, потребно е да редовно да се планираат финансиски средства за изработка на проектна документација за регулирање на поројните водотеци во урбаните опфати,санирање и намалување на настанати штети од природни непогоди и други несреќи на локална,патна и комунална инфраструктура (локални патишта,одрони,свлечишта, оштетување на улици, коловози,потпорни ѕидови, водоводна и канализациона мрежа/линија), санирање на последици во речните корита и др.која ќе биде неопходна и за продолжување на меѓународна соработка и помош во таа сфера.

Број 08-1585/2
Дата 24.12.2025 година
Радовиш

Совет на Општина Радовиш
Претседател
Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на Општински оперативен план за заштита од пожари за 2025 година во општина Радовиш и Општински оперативен план за заштита од пожари за 2025 година во општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Општински оперативен план за заштита од пожари за 2025 година во општина Радовиш бр.08-1586/1 и Општински оперативен план за заштита од пожари за 2025 година во општина Радовиш, бр.08-1586/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1586/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за својување на Општински оперативен план за заштита од пожари за 2025 година во општина Радовиш

член 1

Се усвојува Општински оперативен план за заштита од пожари за 2025 година во општина Радовиш.

член 2

Оваа Одлука стапува на сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1586/1Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

**ОПШТИНСКИ ОПЕРАТИВЕН ПЛАН**
**ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ ЗА 2026 ГОДИНА**

**РАДОВИШ**



**С О Д Р Ж И Н А:**

**1.Општи карактеристики на подрачјето на општина Радовиш:**
-Географска положба и големина на подрачјето на општината
-Релјеф и пошуменост,
-Климатски услови,
-Хидрографска мрежа,
-Број и големина на населбите
-Вид и количина на атмосферски врнежи

**2.Процена на загрозеност на подрачјето на општината од пожари**

**3.Заштита и спасување од пожари:**
-Превентивни мерки за заштита од пожари.
-Оперативни мерки за заштита и спасување од пожари.
-Расположиви ресурси за спречување и отстранување на последиците од пожари

**1. Општи карактеристики на подрачјето на општина Радовиш:**

Географска положба и големина на подрачјето на општината

-Назив на општината ---------------------------Општина Радовиш
-Површина-----------------------------------------608 км$^2$
-Број на жители-----------------------------------24 122
-Број на населени места---------------------- 22
-Густина на населеност------------------------ 39,6 ж.км$^2$

Општина Радовиш е лоцирана во југоисточниот дел на територијата на Република Македонија.Територијата на регионот се простира меѓу планинскиот масив на север и североисток со Плачковица, на југ и југоисток со Струмичко поле, запад и југозапад со пл.Смрдеш и северозапад со клисурата на Маденска река.

Радовишка општина има мошне поволна географска положба,која е условена од просторно-релјефните погодности и сообраќајните врски и можности. Конфигурацијата на земјиштето на оваа подрачје повеке е ридско-планинско со еден дел од рамничарски обработливи површини. Надморската височина на регионот се движи од 260 м.н.в. по течението на Радовишка река до 1707 м.н.в. на врвот Бел Камен на пл. Плачковица. Радовиш се наоѓа на 370 м.н.в.

Релјеф и пошуменост

Релјефот на подрачјето на општина Радовиш, го карактеризираат три важни елементи:
Ридско-планински, котлински и речни долини.
Најголем дел од ридско-планинскиот релјеф го зазема масивот на планината Плачковица, со највисок врв Лисец од 1754 м. Највисок врв на територијата на општината е Бел Камен со 1707 метри, други повисоки врвови се: Црквиште 1676 м. Влашки колиби 1607 м. Џамија 1569 м. Асанлија 1550 м. и др. Од овие височини како ртови, теренот се спушта кон Радовишко Поле. Ртовите се расчленети со помали водотеци или суводолици, нивната висина се намалува со доближувањето до полето. Ртови се формирани помеѓу Тополничка и Радовишка Река од кои највисок е Јајла со 1137 м. помеѓу Радовишка и Ораовичка Река се ртовите: Ајдудаш со 1445 м. Бургас 965 м. и Бујрук Бурин 720 м.помеѓу долините на Ораовичка Река иПлаваја се ртовите: Изведен 1332 м.Чуј Петел 1324 м и помеѓу Плаваја и Нивичанска река се ртовите на Стар и Млад Готен со на 1400 м.н.в.
Северниот и источниот дел од општината го сочинуваат јужните и источните делови од Плачковичкиот масив,западниот дел го зазема планината Смрдеш, која ја одделува Радовишката од Криволакавичката котлина. На оваа планина нема врвови од над 1000 метри, највисок врв е Краста со 951 м.н.в.
На подрачјето на општината се карактеристични две котлини: Радовишката и Дамјанската.
Радовишката котлина гравитира по течението на Радовишка Река, кон југоисток, со надморска височина од 260 до 350 метри.
Дамјанската котлина се наоѓа на северозапад и гравитира по течението на Маденска река, со надморска височина од 440 до 480 метри.
Речните долини како трет елемент од релјефот на општина Радовиш, ја формираат хидрографската мрежа на оваа подрачје.
Главни речни долини се долините на Радовишка Река, Ораовичка Река и Плаваја. Долините на овие реки, чии извори се на планината Плачковица, во најголем дел се тесни клисури со голем пад. Спуштајки се кон полето, долините се шират и под влијание на наносниот материјал формирани се пространи и широки плавни површини.
Покрај реките на подрачјето на општината се формирани и вододерини, суводолици, поројни водотеци и др.
Ерозивни процеси на територијата на општина Радовиш, се присутни на голем дел од подрачјето, но особено се изразени во околината на с.Калугерица, со површина од околу 13,5 ха, во околината на с.Подареш, како и блиската околина на градот.

Под влијание на човечкиот фактор, преку непланско сечење и уништување на шумите, зголемување на обработливи површини и пасишта, реално е да се очекува зголемување на ерозивните подрачја.
Шумите во општината спаѓаат во категоријата на отворени шуми со сообраќајници. Во ридско планинскиот дел заради релјефните и климатските карактеристики, најголем дел од површините се под шума. Во планинскиот дел застапена е претежно високостеблеста шума, најдоминантни се: даб, бука,четинари и други. Непошумените делови од планините се пасишта, богати со разновиден растителен свет: високи треви, папрат, грмушки и др.
На ридските површини до 500 м.н.в. застапени се нискостеблени деградирани шуми (даб и габер), грмушки (смрека, трн) и трева. Вкупните шумски комплекси на подрачјето на општина Радовиш, се застапени на површина од околу 33000 ха. Во рамничарскиот дел се издвојуваат два типа на почви: неразвиени и развиени.Неразвиените почви се со наносно потекло и заземаат пространства околу коритата на водотеците, најмногу ги има по течението на

Радовишка Река, Ораовичка и Плаваја. Значењето за земјоделието на овој тип на почви во општината е мошне големо и се одликува со највисока производствена вредност.
Развиените почви на подрачјето на општината се црвениците и смолниците, кој зафаќаат големи пространства и тоа помеѓу Раклиш-Ораовица -Подареш-Злеово и покрај патот за Штип. И овие почви имаат значајна улога во земјоделието.

Климатски услови

Радовишкиот регион е под влијание на умерено континентална клима. Заради изразената висинска разлика, одделни климатски елементи варираат меѓу изменета медитеранска клима во полето и планинска клима на планините.
Што се однесува до ружата на ветровите, нашето подрачје спаѓа во мошне ветровитите подрачја во републиката. Заради место положбата што ја зазема градот Радовиш во однос на останатиот дел од општината е мошне заштитен од дејството на повеке ветрови. Преовладуваат ветрови од западен, северозападен и источен правец. Најголема честина има западниот ветер, кој главно е зимски ветер, но е присутен и во останатиот период од годината, со просечна брзина од 4,8 м/сек. или максимална вредност од 22,5 м/сек. Вториот по честина е северозападниот ветер, кој е присутен преку цела година, со просечна брзина од 4,8 м/сек или максимална брзина од 30,5 м/сек. и источниот ветер , со просечна брзина од 2,6 м/сек или со максимална брзина од 22,5 м/сек. Просечните годишни температури во рамничарскиот дел се движат до 13 $^{0}$C, на највисоките планински масиви до 7,5 $^{0}$C. Најтопли месеци во годината се Јули и Август со просечна температура од 23 $^{0}$C, најстуден е месец Јануари со 1,2 $^{0}$C. Максималната температура изнесува 41 $^{0}$C, минималната -21 $^{0}$C.

Хидрографска мрежа

Хидрографските особености на територијата на општина Радовиш, се разновидни и се среќаваат повеќе хидрографски објекти, од кои најзначални се: водотеците,подземните води, изворите и хидројаловиштето Тополница. Хидрографската мрежа на општина Радовиш, припаѓа кон два речни слива и тоа на реките Струмица и Брегалница.
Во речниот слив Струмица се влеваат реките: Радовишка, Ораовичка и Плаваја.
Во Брегалничкиот слив се влева Маденска река, преку Крива Лакавица.
Според правецот на течење тие се сосема спротивни.Од сливот на Струмица течата кон југ и југоисток, од сливот на Брегалница течат кон северозапад.
Изворите на трите главни водотеци Радовишка Река,Ораовичка Река и Плаваја се наоѓаат во високите делови на планината Плачковица.
Радовишка Река се формира од три извори на надморска височина од над 1400 метри, должината и е 18,5 км. има највисок просечен пад од сите водотеци во општината.
Ораовичка Река извира во месноста Џумаја, на надморска височина од 1380 метри, долга е 18 км. се влева во Радовишка Река. Плаваја во горниот тек го носи името Смиланска Река, извира на надморска височина од 1432 метри, долга е 26,7 км. се влева во Радовишка Река.

Најголемо сливно подрачје има Плаваја од 140 м$^{2}$ , потоа Ораовишка Река со 51 км$^{2}$ и Радовишка Река со 50,8 км$^{2}$. Сите овие реки во текот на цела година главно имаат проток на вода, но поради големиот пад во надолжен профил на коритата имаат и пороен карактер, повремено носат големи количини наносен материјал. Водостоите на овие реки се највисоки во Март и Април, како последица на топењето на снег и пролетните врнежи од дожд. Од Јуни до Октомври водостојот на реките перманентно се намалува, како последица од сушните лета и високите температури.
Во Брегалничкиот сливен систем, преку реката Крива Лакавица се влева Маденска Река, која извира во Дамјанско Поле, во неа се влеваат водите од околните места Бучим, Дамјан и хидројаловиштето Тополница.

Број и големина на населбите

На подрачјето на општина Радовиш, се регистрирани 22 населени места со вкупен број на жители од
24 122, од кои во град Радовиш живеат 14 460 жители. По населените места според последниот попис од 2021 година, бројот на жители е следниот :

| Ред. Бр. | Населено место | Број на население | Ред. Бр. | Населено место | Број на население |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Раклиш | 559 | 12. | Ињево | 1139 |
| 2. | Калаузлија | 351 | 13. | Дамјан | 175 |
| 3. | Ораовица | 1103 | 14. | Бучим | 400 |
| 4. | Подареш | 1260 | 15. | Тополница | 414 |
| 5. | Смиланци | 11 | 16. | Прналија | 153 |
| 6. | Јаргулица | 628 | 17. | Супурге | 56 |
| 7. | Покрајчево | 319 | 18. | Коџалија | 569 |
| 8. | Злеово | 683 | 19. | Али Коч | 393 |
| 9. | Калугерица | 651 | 20. | Штурово | 6 |
| 10. | Сулдурци | 195 | 21. | Козбунар | 3 |
| 11. | Воиславци | 592 | 22. | Шипковица | 2 |

Вид и количина на атмосферски врнежи

Количините на врнежи во регионот на општина Радовиш, се добиени од податоци на две дождомерни станици, Радовиш на к.380 м. и Новосело к.860 метри. Во котлинскиот дел на општината средно годишно наврнува околу 562 мм дожд, во планинскиот дел околу 1292 мм. Најмалку врнежи паѓаат во месеците Август и Септември, во котлините просечно по 22 мм, а на високите места 54 мм. Најмногу врнежи паѓаат во месец Ноември, во котлините 66 мм
и на високите места 171 мм. Според годишните времиња, најмногу врнежи има зимските месеци со 157 мм, проле и есен со 150 мм, најмалку врнежи има налето 106 мм.
Снежните врнежи како и дождот, повеке се застапени на високите планински подрачја. Во рамничарскиот дел, средногодишната вредност во периодот Ноември-Март е 13,1 ден со снег. Најмногу врнежи од снег во рамничарскиот дел има во месец Јануари, просечно 4,6 дена, најмалку во ноември 0,2 дена. Во високите подрачја од општината снежниот покрив трае подолго и има далеку поголем број на денови под снег. Средногодишната влажност на воздухот изнесува 72%. Во топлите летни месеци влажноста на воздухот е околу 60%, во зимските месеци Ноември-Февруари се движи од 80-85%.
Појавувањето на магла и слана во регионот на општината е во ист период од годината од Октомври – Април, со просечни 11,3 дена со магла и 10,3 дена со слана.
Благодарение на заемното дејство на главните климатски фактори: високите температури, мали и нерамномерно распоредени врнежи во годината, ветрови со голема честина и прилична брзина и факторот суша овде е мошне присутен. Сушата особено е потенцирана во средината и при крајот на вегетацискиот период Јуни-Септември.

**2. Процена на загрозеност на подрачјето на општината од пожари**

На подрачјето на општина Радовиш, постојат големи можности за појава на пожари, во урбаните средини, отворен простор и нивно брзо проширување.
Во урбаните средини, градот и населените места најчесто се опожарени станбени објекти, помошни објекти и призводствени погони. Градот и населените места во општината, поради несоодветно спроведените урбанистички мерки за заштита (неправилен распоред на објектите, недоволно меѓусебно растојание на објектите осетливи на пожар) како и голем број на топлотни извори, претставуваат погоден терен за настанување на пожари. Карактеристични примери за непосредни причинители на пожар се: неисчистени и оштетени димоводи, дотраена

електрична и плинска инсталација,нестручно користење на лесно запаливи средства и материјали и др. Изградбата на станбените згради и друг вид на објекти без пропишаните урбанистичко-технички мерки за заштита од пожар, ја отежнуваат интервенцијата на силите за гасење на пожари и создаваат можност за брзо ширење на пожарот, секогаш со катастрофални последици. Врз обемот на последиците битно влијае и недостигот на доволно вода за гасење и пристапноста до опожарените објекти (проодност на улиците и патиштата). Опасноста од пожар дополнително е зголемена со постоењето на големи количини на лесно запаливи средства и материи во населените места (бензински пумпи, резервоари со гориво за греење, погонско гориво) и др.

Пожарите на отворено претежно зафаќаат шумски комплекси, површини со ниски деградирани растенија и земјоделски површини, овие пожари се најбројни. Долгорочните последици од пожарите се уништување на животната средина и зголемување на ерозијата, која пак има големо влијание и последици во случај на поројни врнежи.

Најголем дел од пожарите се предизвикани од луѓето, со нивно несоодветно однесување, намерно подметнување, негрижа при престојот на отворено и во шумски комплекси, особено сточари, излетници, кампери, дрвокрадци, ловци, собирачи на шумски растенија и плодови. Други случаи на предизвикување на пожар се: невнимание, удар на гром и слично.

Според податоците од ТППЕ Радовиш за извршени интервенции, во периодот Јануари – Ноември 2025 година, регистрирани се вкупно 146 пожарни дејства, од кои 38 во урбани средини и 108 пожари на отворен простор**.**

Територијата на РС Македонија и со тоа и Радовиш, беше обележана со влијание на екстремно високи температури, сушен период и доста сува вегетација како потенцијална опасност од лесно избувнување на пожари. Оваа сосотојба, но и факторот од намерно предизвикување на пожари, повлече масовна појава на избувнување на пожари низ целата држава, кои во најголем број беа на ниска и сува вегетација,во урбани средини и депонии, кои се ширеа и кон шумски подрачја. Таа алармантна состојба доведе до брзо реагирање на државно ниво. Владата на РСМ најпрво превентивно донесе Забрана за движење во шума од 1 јули до 31 август односно 30 септември 2025 година и беше донесена Одлука за прогласување на кризна состојба од 8 јули со траење од 30 дена,кои беа продолжени поради зголемен број на пожари во делови од Македонија. Подготовки на државно ниво беа направени и со сервисирање на 3 канадери и расположливи 2 полициски и 1 армиски хелихоптер за гасење на пожари и 38 модифицирани гаражирани армиски возила со вградени пумпи за гасење на пожари на отворено, како помош на противпожарните единици при справување со пожарите.

Оваа година во Радовиш на 17 јули настана големо опожарување на површина на пл.Готен кај с.Нивичино, општина Василево,Струмица, кое се прошири и навлезе во територија на Радовиш, кај с.Кушкулија спрема с.Злеово и еден дел спрема с.Смиљанци, односно Мал Готен каде имаше проширување и кон с.Владимирово, општина Берово. Поради настанатата алармантна состојба беше свикан и Кризен штаб на општина Радовиш во проширен состав, во кој учествува и заменик генерален директор на ЈП„Национални Шуми"Скопје - Кире Михаилов со Директорот на ДЗС Стојанче Ангелов. На истиот се изврши координирање на активностите и брза реакција за што побрзо гасење. Пожарот се гасеше со Ер трактор и хелихоптер на МВР и АРМ, заедно со копнени сили составени од вработени во шумските стопанства и ТППЕ на Радовиш и Берово, армијата, ДПД, доброволци од ловните друштва. Секојдневно на терен беа над 60 лица, потпомогнати со специјалните опремени возила за гасење-пинцгауери и 4 булдожери за правење засеци и прстен за што побрзо контролирање на пожарот и гасење. Опожарувањето е на високо и нискостеблеста мешана шума-смрека, грмушки и претежно ниска вегетација и опожарени се околу 2000 ха површина.Според податоци од МВР, голем дел од пожарите се подметнати а тоа го покажува и висока бројка на приведени лица оваа година за подметнување на пожар. За жал, во последните неколку години нашата општина е се почесто зафатена од ваков вид пожари кои нанесуват огромни штети .

**3.Заштита и спасување од пожари**

Преглед на потенцијални зони

Сите подолу наведени објекти се потенцијални зони за настанување на пожари.
Магацините и складовите на стопанските, воените и други институции, кои се потенцијални извори на пожар на подрачјето на општина Радовиш, во нај голем број се лоцирани на територијата на град Радовиш, останатите се на поширокото подрачје на општината (Прилог бр.1 -Карта на магацини и складови на стопански и други објекти во градот и Прилог бр.2 -Карта на општина Радовиш со обележани магацини и складови).
Магацини, складови, стопански, воени и други институции, запаливи објекти и слично, лоцирани на подрачјето на град Радовиш се: Бензински пумпи Лук Оил, Макпетрол, Јован петрол, Ресторант „Маг-мар”, Објекти на „Јака Табак”, „Еуро дом Проект”-изработка на мебел, Ресторан „Леона-Лукс”,Хотел„Дајмон”,Месна индустрија„„6 ти Ноември”,објекти на АД„„Јака 80”, Пекара „Давид” и магацински простор, „Супер хит”-изработка на текстилни производи, „Тргоинжинеринг”- производство на конзервиран зеленчук, Винарска визба, „Тип-Топ “-работилница и склад за лепење на гуми,складишта на отпаден материјал, погон за производство на ПВЦ материјали и складиште „Интерпласт” и „Ролопласт”,Погони за преработка на дрво, Погон за текстилни производи„Штипко”„„Маркос” и „Конели”, поранешен „Декортекс”, Хотел „Панорама”, ЈП „Плаваја”, Комплекс занаетчиски работилници, Скалдиште на дрво-ЈП „Национални Шуми”подр.Плачковица, Складишта на градежни материјали, Автобуска станица,поранешен „Голдмак”, зграда на Општина Радовиш, СРЦ „25 Мај”, основни училишта, детски градинки, знаетчиски работилници Шкорпион, Основен суд, ЈЗУ Здравствен дом,Центар за социјални работи, Стопанска банка,зграда на поранешен факултет, Центар за култура„Ацо Караманов”, Старо собрание, ПТТ Радовиш,Црква„св.Илија”, џамии, поранешна касарна со објектите во непосредна близина, магацини, складови, стопански, воени и други институции, запаливи објекти и слично.
Места кои се лоцирани на останатиот дел на подрачјето на општина Радовиш се: „Дамјан Пласт”, погон за производство на експлозив „Детонит”, Рудник „Бучим”, Ладилник земјоделско стопанство „Благој Туфанов”, бензинска пумпа „Еуропетрол” с.Калугерица, склад „Индијана” –с.Калугерица, Склад за билки и растенија „Флорес”„Флутинг мак”-с.Раклиш,Склад за печурки „Фунги Флора”, с.Дамјан-основно училиште и Дом на културата, с.Погулево-црква, с.Ињево-основно училиште, Дом на културата, занаетчиски и производствени погони, црква и манстирски објекти лоцирани во околината на селото, с.Воиславци-основно училиште, црква и манастирски објекти во околината на селото,с.Сулдурци-основно училиште и црква, с.Калугерица-основно училиште, Дом на културат, црква и џамија, с.Злеово-основно училиште, дом на културата и црква,с.Покрајчево-основно училиште, црква и манастирски објекти во околината на селото, с.Јаргулица-основно училиште, Дом на културата и црква, с.Подареш-основно училиште, Дом на културата, црква и манастирски објекти во околината на селото, с.Смиланци-основно училиште и црква,с. Ораовица-основно училиште, Дом на културата, црква, манстирски објекти во околината на селото,с.Раклиш-основно училиште, црква, погон за преработка и складирање на дрвен материјал,с.Калаузлија-основно училиште и џамија, с.Али Коч- основно училиште и џамија,с.Коџалија- џамија,с.Прналија- основно училиште и џамија,с.Тополница- основно училиште и џамија, с.Бучим -основно училиште и џамија. Во сите напред наведени населени места има приватни складови и магацини на сточна храна, која влегува во групата на лесно запаливи објекти.

Превентивни мерки за заштита од пожари

Во делот на превентивни мерки за заштита од пожари, се вршат работни средби со РЦУК п.о.Радовиш, Дирекција за заштита и спасување п.о.Радовиш, МВР ОВР Радовиш, Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство п.о.Радовиш, јавните претпријатија и други субјекти, преку кои се разгледуваат и договараат посебни и заеднички активности на секој од напред наведените субјекти во рамки на законските овластувања.

Редовно се упатуват апели до граѓаните на нашиот веб портал и локален медиум, насочени кон зголемување на претпазливоста од употреба на запаливи и лесно запаливи средства, посебно во објекти во кој се произведуват, преработуват, складираат и користат лесно запаливи средства, забрана за употреба на таков вид на средства, контролирано движење на луѓето низ шумите, предупредување за забрана за палење на оган,одговорно однесување на сите и потсетување за казнените мерки кои ќе им бидат изречени на утврдените предизвикувачи на пожар.
Редовно се врши користење на дронот со термална камера од страна на ТППЕ Радовиш, за превентивно детектирање на појава на пожарни дејства и брзо спречување во самиот почеток.
Противпожарната единица според материјалната опременост, е подготвена и може да одговори на појава и спречување на пожарни дејства, дополнително побарани се за набавка цистерна од над 4000 литри, АТВ четирицикл и цистерна од над 10000 литри вода преку Генералниот секреаријат на Влада на РСМ и ЗЕЛС, недостаток е потребата од зголемување на бројот на пожарникари.

Оперативни мерки
Имајќи предвид дека противпожарната заштита во урбаните средини е во надлежност на општина Радовиш, најголем дел од прашањата околу оваа проблематика ги решаваат Градоначалникот и Советот на општината .

Оперативни мерки за заштита и спасување од пожари се:
-организирање и подготовки на силите за гасење на пожар ;
- свикување на општински кризен штаб
-организација на набљудување и известување за појава на пожар ;
-гасење и локализирање на пожари ;
-спасување на луѓе, материјални и други добра од објектите и подрачјата загрозени од пожар.

Според Законот за заштита и спасување и законот за пожарникарство, надлежност за гасење на пожари е на ТППЕ и таа е водач во акцијата за гасење и добивање потребни информации околу пожарното дејство, исто учествува и во гасење на пожари на отворен простор (шумски и земјоделски површини).
Доколку ТППЕ не е во состојба да го изгасне и локализира пожарното дејство, командирот или лицето кое раководи со гасењето на пожарот бара засилување од соседните ПП единици. Во случај на пожар од поголем обем и ескалирање на состојбата на терен, Градоначалникот може да донесе : Одлука за ангажирање на просторните сили за заштита и спасување (доколку се во функција), да упати Барање до републичките сили за помош, особено ако се работи за воздушна подршка, може да побара преку Советот на општината до Владата прогласување на вонредна состојба на територијата на Радовиш и следствено со барање да се упати кон граѓаните и правните лица да ги стават на располагање своите средства, опрема и вработени, може преку јавен повик да ги повика граѓаните постари од 18 години да учествуваат во гасењето на пожарот, согласно склучен Договор со приватни градежни фирми за соработка при појава на елементарни непогоди, да ги користи нивните технички средства што се на располагање и може. Во спасувањето на луѓе, материјални и други добра од објектите и подрачјата загрозени од пожар ќе се употребат расположиви ресурси.
Потенцијални и персонални ресурси претставуваат и лицата ангажирани за изведување на јавни работи, со вклучување и на останатите надлежни субјекти од подрачјето на општината: Дирекцијата за заштита и спасување п.о Радовиш, Центарот за управување со кризи п.о. Радовиш, МВР ОВР Радовиш, Здравствен дом, Црвен Крст и други, а во рамките на обврските предвидени со Закон за заштита и спасување, односно може се бара подршка од републичките сили во материјално-технички ресурси, доколку ситуацијата го бара тоа.

Според Законот за заштита и спасување, покрај органите на државната управа и ЕЛС, должни се да формираат сили и организираат заштита и спасување и јавните претпријатија, трговски друштва и др.
Шумите во општината спаѓаат во категоријата на средно отворени шуми со сообраќајници и се потенцијална опасност за појава на пожари. Вкупните шумски комплекси на подрачјето на општината се застапени на околу 33000 ха. Во планинскиот дел застапена е претежно висока стеблеста шума, нај доминантни се: даб, бука,четинари и други лисјари. Непошумените делови од планините-пасиштата богати се со разновиден растителен свет: високи треви, папрат, грмушки и др. Овој тип на шумска вегетација застапен е од 500 м.н.в. до над 1700 м.н.в. а се протега северозападно од с. Бучим-северно и источно по Плачковичкиот масив до с.Злеово и на запад од с.Папавница до с.Погулево. На ридските површини до 500 м.н.в. застапени се деградирани листопадни шуми: даб, габер и сл. Од останатиот растителен свет, застапени се смреката и други грмушки, како и разни видови на трева.Овој тип на вегетација на подрачјето на општината е застапен во подножието на шумската вегетација и се протега во ист правец како и шумската вегетација.
На подрачјето на општината за заштита од пожари, организирана формација има само
ЈП „Национални Шуми"– подружница „Плачковица" Радовиш, меѓутоа истата не е доволна во однос на човечки ресуси и материјална опременост која оваа година има набавено ПП лична заштитна опрема за неколку лица, иако по законски прописи, гасењето на пожари во шумски предели се во нивна надлежност. Набљудувањето посебно известувањето, за појава на пожар е обврска на секој граѓанин, вработените во шумските стопанства, шумската полиција, полицијата, земјоделските стопанства, ловното друштво и др. особено во време на вонредни околности (долготрајни суши и екстремно високи температури), начинот и местата на пријавување на пожар се дел од известувањата и соопштенијата.
На подрачјето на општина Радовиш, дејствува една професионална ТППЕ, која го покрива и подрачјето на општина Конче, која е во задоволителна состојба во однос на опременоста и обезбедена со доволно материјално-технички средства и опрема, согласно важечките стандарди, каде се врши обновување на возниот парк во последниот период со понови возила, освен бројот на припадници на единицата кој е потребно да се зголеми.
Според старосната структура на пожарникарите, просечната старост е 45 години. Последните години пожарникарскиот состав се пополнува со релативно помлади извршители. Вкупниот персонален состав брои 18 извршители и е недоволен**.**
Во септември, 2024 г.добиеното противпожарно навално возило, со капацитет од 1,8 тони вода, со целосна висококвалитетна опрема за изведување на разни видови интервенции, од страна на Обединетото Кралство и хуманитарното здружение Операција Флоријан (Operation Florian – Fire & resque servis humanitarian charity) од Англија доста ги подобрува условите за работа на пожарникарите.
Се изврши реконструкција на постоечкиот објект на ТППЕ Радовиш според важечките стандарди, финансиски подржан од програмата на Југоисточен плански регион и дел од буџетски средства на општината.
Општина Радовиш е вклучена во двегодишен проект „Зајакнување на капацитетите на локалните чинители за подобрена отпорност во управувањето со пожари" преку ЛАГ Плачковица за четирите општини Конче, Карбинци, Радовиш и Штип, преку проектот Управување со пожари на ниво на предел на Западен Балкан (Landscape Fire Management in the Western Balkans -LFMWB) финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC). Целта на проектот е подобрена координација во отпорноста од шумски пожари на ниво на овие

четири општини и зајакнување на капацитетите за справување со истите преку формирање на доброволни противпожарни друштва со изведени соодветни обуки и опремување, како дополнителни сили на ПП единиците.

Дополнувањето на опремата која е неопходна, продолжува тековно, согласно финансиски средства определени од буџетот на општината, преку програма и извршена јавна набавка.

За прв пат, оваа година по барање на ЗЕЛС и Генералниот секретаријат при Влада на РСМ, беа дадени потреби на противпожарните единици во однос на материјално-технички ресурси за набавка на истите од страна на Владата и преку донации од амбасадите во Македонија.

Сите досега максимално преземени активности во последните четири години кои се однесуват на ПП единицата во Радовиш, условија подобрување на опременост, а со тоа и подобрување на условите за работа на единицата преку модернизација, преку комбинација со користење на бенефициите од ЕУ фондовите по аплициран проект, буџетски средства и донации, со кое се овозможи ефикасно дејствување на истата, како одговор за зајакнување на капацитетот на отпорен систем против настанатите кризни состојби.

**<u>Материјални ресурси кој можат да бидат вклучени во случај на пожари се следните:</u>**

**Општина Радовиш**

| Ред. Бр. | Возила | | Камиони кипери/цистерни | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 1- Стеед 6 Греат Њалл<br>1-Lada Niva | 2 - Citroen C-Elysee | | | 1-Автобус Yutong |

**ТППЕ Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони цистерни | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 1- Греат Њалл Стеед 5<br>1- Форд Рангер | | 1- Противпожарно возило Scania Vabis 208 ico<br><br>2- Противпожарно возило Volvo<br><br>2- Противпожарно возило FAP 13/14 | | 4-ПП гребули<br>11-Грбни прскалки (напртњачи )<br>20-грбни пумпи<br>3- ПП гребла<br>5- Вила<br>1 - преносен ПП апарат S-250<br>4-Лопати<br>1-хидрауличен распрскувач<br>1-резервоар за вода<br>1-лесна преносна пумпа<br>18-пп апарати |

**ЈП „Плаваја„-Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони Цистерни/кипери | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 1- Lada Niva 4x4 | 3- FIAT Doblo | 2 - Специјално возило - цистерна | 1- Булдожер TG 80 | 1-Потопна пумпа за испумпување вода |
| 2. | | 1 TAM патар | 1- TAM 80T 50 E3.2 | 1- Ровокопач UNKNAUF 770 | |
| 3. | | 1-FIAT Ducato | 2 –камион кипер MERCEDES 1213 од 4 $м^3$ | 1 - Ровокопач-Универзален JCB | |
| 4. | | | 2 -Трактор IMT со циклон | | |
| 5. | | | 1-Трактор кипер со плуг | | |

**ДПТУ„Бучим” Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони, Цистерни/кипери | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | | 2- Комби TDCi Ford Tranzit 8+1 | 2-цистерниТА300 Terex 30 t | 1-ровокопач 3ЦХ, JCB | 1-агрегат 3,5 kw |
| 2. | | | | 2- товарно Daily C18 Iveco 3,44 t | 2- моторни пили STIHL |
| 3. | | | | 1-Булдожер Д9Т | |

Број 08-1586/2
Дата 24.12.2025 година
Радовиш

Совет на Општина Радовиш
Претседател
Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Општински оперативен план за заштита од снег и снежни намети за 2026 година во општина Радовиш и Општински оперативен план за заштита од снег и снежни намети за 2026 година во општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Општински оперативен план за заштита од снег и снежни намети за 2026 година во општина Радовиш бр.08-1587/1 и Општински оперативен план за заштита од снег и снежни намети за 2026 година во општина Радовиш, бр.08-1587/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1587/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на Општински оперативен план за заштита од снег и снежни намети за 2026 година во општина Радовиш

член 1

Се усвојува Општински оперативен план за заштита од снег и снежни намети за 2026 година во општина Радовиш.

член 2

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Број 08-1587/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

**ОПШТИНСКИ ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА ОД СНЕГ И СНЕЖНИ НАМЕТИ ЗА 2026 ГОДИНА**


Кепекчелија
Лисец
1754
Курфалија
Прналија
Ебеплија
Вртешка
Оџалија
Кучица
Шипковица
Козбунар
Јајла
1137
Ново Село
Асанлија
1549
Шаинташ
Црн Врв
996
Кошево
Почилово
Али Лобаси
Смиланци
Коџалија
Изведен
1331
Супурге
Штурово
Бучим
Аликоч
Држанци
Прналија
Калбузлија
Тополница
Коселија
Саригол
Радовиш
Готен
1420
Раклиш
Плавија
Ораовица
Подареш
Дамјан
Кушкулија
Брест
Погулево
Инјево
Стара р.
Јаргулица
Горна Враштица
Воиславци
Долна Враштица
763
Габревци
Дедино
Сурдулци
Покрајчево
Калугерица
Д. Радеш
Ракитец
Злеово
Змиева Дупка
909
Скоруша
Дукатино
Струмица
Радичево
Папавница
Требичино
Сушево
Г. Липовик
Краста
951
Владиевци
Лубница
Д. Липовик
Едрениково

**С О Д Р Ж И Н А:**

**1.Општи карактеристики на подрачјето на општина Радовиш:**
-Географска положба и големина на подрачјето на општината
-Рељеф и пошуменост,
-Климатски услови,
-Хидрографска мрежа,
-Број и големина на населбите
-Вид и количина на атмосферски врнежи

**2.Процена на загрозеност на подрачјето на општината од снег и снежни намети**

**3.Заштита и спасување од снег и снежни намети:**
-Превентивни мерки за заштита од снег и снежни намети.
-Оперативни мерки за заштита и спасување од снег и снежни намети.
-Расположиви ресурси за спречување и отстранување на последиците од снег и снежни намети.

**1.Општи карактеристики на подрачјето на општина Радовиш:**
Географска положба и големина на подрачјето на општината
-Назив на општината --------------------------Општина Радовиш
-Површина---------------------------------------------608 км$^2$
-Број на жители--------------------------------------- 24 122
-Број на населени места-------------------------------23
-Густина на населеност--------------------------------39,6 ж.км$^2$

Општина Радовиш е лоцирана во југоисточниот дел на територијата на Република Македонија.Територијата на регионот се простира меѓу планинскиот масив на север и североисток со Плачковица, на југ и југоисток со Струмичко поле, запад и југозапад со пл.Смрдеш и северозапад со клисурата на Маденска река.
Радовишка општина има мошне поволна географска положба,која е условена од просторно-рељефните погоднисти и сообраќајните врски и можности. Конфигурацијата на земјиштето на оваа подрачје повеке е ридско-планинско со еден дел од рамничарски обработливи површини. Надморската височина на регионот се движи од 260 м.н.в. по течението на Радовишка река до 1707 м.н.в. на врвот Бел Камен на пл. Плачковица. Радовиш се наоѓа на 370 м.н.в.

Релјеф и пошуменост
Релјефот на подрачјето на општина Радовиш, го карактеризираат три важни елементи: Ридско-планински, котлински и речни долини.
Најголем дел од ридско-планинскиот рељев го зазема масивот на планината Плачковица, со највисок врв Лисец од 1754 м. Највисок врв на територијата на општината е Бел Камен со 1707 метри, други повисоки врвови се: Црквиште 1676 м., Влашки колиби 1607 м., Џамија 1569 м.,Асанлија 1550 м. и др. Од овие височини како сртови, теренот се спушта кон Радовишко Поле. Сртовите се расчленети со помали водотеци или суводолици, нивната висина се намалува со доближувањето до полето. Сртови се формирани помеѓу Тополничка и Радовишка Река од кои највисок е Јајла со 1137 м. помеѓу Радовишка и Ораовичка Река се сртовите: Ајдудаш со 1445 м. ,Бургас 965 м. и Бујрук Бурин 720

м.помеѓу долините на Ораовичка Река и Плаваја се ртовите: Изведен 1332 м.,Чуј Петел 1324 м и помеѓу Плаваја и Нивичанска река се ртовите на Стар и Млад Готен со на 1400 м.н.в.Северниот и источниот дел од општината го сочинуваат јужните и источните делови од Плачковичкиот масив,западниот дел го зазема планината Смрдеш, која ја одделува Радовишката од Криволакавичката котлина. На оваа планина нема врвови од над 1000 метри, највисок врв е Краста со 951 м.н.в.На подрачјето на општината се карактеристични две котлини: Радовишката и Дамјанската.
Радовишката котлина гравитира по течението на Радовишка Река, кон југоисток, со надморска височина од 260 до 350 метри.
Дамјанската котлина се наоѓа на северозапад и гравитира по течението на Маденска река, со надморска височина од 440 до 480 метри.
Речните долини како трет елемент од рељефот на општина Радовиш, ја формираат хидрографската мрежа на оваа подрачје.Главни речни долини се долините на Радовишка Река, Ораовичка Река и Плаваја. Долините на овие реки, чии извори се на планината Плачковица, во најголем дел се тесни клисури со голем пад. Спуштајќи се кон полето, долините се шират и под влијание на наносниот материјал формирани се пространи и широки плавни површини.
Покрај реките на подрачјето на општината се формирани и вододерини, суводолици, поројни водотеци и др.Ерозивни процеси на територијата на општина Радовиш, се присутни на голем дел од подрачјето, но, особено се изразени во околината на с.Калугерица, со површина од околу 13,5 ха, во околината на с.Подареш, како и блиската околина на градот.

Под влијание на човечкиот фактор, преку непланско сечење и уништување на шумите, зголемување на обработливи површини и пасишта, реално е да се очекува зголемување на ерозивните подрачја.Шумите во општината спаѓаат во категоријата на отворени шуми со сообраќајници. Во ридско планинскиот дел заради рељефните и климатските карактеристики, најголем дел од површините се под шума. Во планинскиот дел застапена е претежно високостеблеста шума, најдоминантни се: даб, бука,четинари и други лисјари. Непошумените делови од планините се пасишта, богати со разновиден растителен свет: високи треви, папрат, грмушки и др.На ридските површини до 500 м.н.в. застапени се нискостеблени деградирани шуми (даб и габер), грмушки (смрека, трн) и трева.Вкупните шумски комплекси на подрачјето на општина Радовиш, се застапени на површина од околу 33000 ха.Во рамничарскиот дел се издвојуваат два типа на почви: неразвиени и развиени.Неразвиените почви се со наносно потекло и заземаат пространства околу коритата на водотеците, најмногу ги има по течението на Радовишка Река, Ораовичка и Плаваја. Значењето за земјоделието на овој тип на почви во општината е мошне големо и се одликува со највисока производствена вредност.Развиените почви на подрачјето на општината се црвениците и смолниците, кој зафаќаат големи пространства и тоа помеѓу Раклиш-Ораовица – Подареш - Злеово и покрај патот за Штип. Овие почви имаат значајна улога во земјоделието.

Климатски услови

Радовишкиот регион е под влијание на умерено континентална клима. Заради изразената висинска разлика, одделни климатски елементи варираат меѓу изменета медитеранска клима во полето и планинска клима на планините.Што се однесува до ружата на ветровите, нашето подрачје спаѓа во мошне ветровитите подрачја во републиката. Заради место положбата што ја зазема градот Радовиш во однос на останатиот дел од општината е мошне заштитен од дејството на повеке ветрови. Преовладуваат ветрови од западен, северозападен и источен правец. Најголема честина има западниот ветер, кој главно е зимски ветер, но е присутен и во останатиот период од годината, со просечна брзина од

4,8 м/сек. или максимална вредност од 22,5 м/сек. Вториот по честина е северозападниот ветер, кој е присутен преку цела година, со просечна брзина од 4,8 м/сек или максимална брзина од 30,5 м/сек. и источниот ветер , со просечна брзина од 2,6 м/сек или со максимална брзина од 22,5 м/сек. Просечните годишни температури во рамничарскиот дел се движат до 13$^0$C, на највисокиѕте планински масиви до 7,5$^0$C. Најтопли месеци во годината се Јули и Август со просечна температура од 23$^0$C, најстуден е месец Јануари со 1,2$^0$C. Максималната температура изнесува 41$^0$C, минималната -21$^0$C.

Хидрографска мрежа

Хидрографските особености на територијата на општина Радовиш, се разновидни и се среќаваат повеќе хидрографски објекти, од кои најзначајни се: водотеците,подземните води, изворите и хидројаловиштето Тополница. Хидрографската мрежа на општина Радовиш, припаѓа кон два речни слива и тоа на реките Струмица и Брегалница.
Во речниот слив Струмица се влеваат реките: Радовишка, Ораовичка и Плаваја.
Во Брегалничкиот слив се влева Маденска река, преку Крива Лакавица.
Според правецот на течење тие се сосема спротивни.Од сливот на Струмица течат кон југ и југоисток, од сливот на Брегалница течат кон северозапад.
Изворите на трите главни водотеци Радовишка Река,Ораовичка Река и Плаваја се наоѓаат во високите делови на планината Плачковица.
Радовишка Река се формира од три извори на надморска височина од над 1400 метри, должината и е 18,5 км. има највисок просечен пад од сите водотеци во општината.Ораовичка Река извира во месноста Џумаја, на надморска височина од 1380 метри, долга е 18 км.се влева во Радовишка Река.Плаваја во горниот тек го носи името Смиљанска Река, извира на надморска височина од 1432 метри, долга е 26,7 км. се влева во Радовишка Река.
Најголемо сливно подрачје има Плаваја од 140 км$^2$, потоа Ораовичка Река со 51km$^2$ и Радовишка Река со 50,8 km$^2$.

Сите овие реки во текот на цела година главно имаат проток на вода, но поради големиот пад во надолжен профил на коритата имаат и пороен карактер, повремено носат големи количини наносен материјал.
Водостоите на овие реки се највисоки во Март и Април, како последица на топењето на снег и пролетните врнежи од дожд. Од Јуни до Октомври водостојот на реките перманентно се намалува, како последица од сушните лета и високите температури.
Во Брегалничкиот сливен систем, преку реката Крива Лакавица се влева Маденска Река, која извира во Дамјанско Поле, во неа се влеваат водите од околните места Бучим, Дамјан и хидројаловиштето Тополница.

Број и големина на населбите

На подрачјето на општина Радовиш, се регистрирани 22 населени места со вкупен број на жители од 24 122, од кои во град Радовиш живеат 14 460 жители. По населените места според последниот попис од 2021 година ,бројот на жители е следниот :

| Ред. Бр. | Населено место | Број на население | Ред. Бр. | Населено место | Број на население |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Раклиш | 559 | 12. | Ињево | 1139 |
| 2. | Калаузлија | 351 | 13. | Дамјан | 175 |
| 3. | Ораовица | 1103 | 14. | Бучим | 400 |
| 4. | Подареш | 1260 | 15. | Тополница | 414 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Смиланци | 11 | 16. | Прналија | 153 |
| 6. | Јаргулица | 628 | 17. | Супурге | 56 |
| 7. | Покрајчево | 319 | 18. | Коџалија | 569 |
| 8. | Злеово | 683 | 19. | Али Коч | 393 |
| 9. | Калугерица | 651 | 20. | Штурово | 6 |
| 10. | Сулдурци | 195 | 21. | Козбунар | 3 |
| 11. | Воиславци | 592 | 22. | Шипковица | 2 |

Вид и количина на атмосферски врнежи

Количините на врнежи во регионот на општина Радовиш, се добиени од податоци на две дождомерни станици, Радовиш на к.380 м. и Новосело к.860 метри. Во котлинскиот дел на општината средно годишно наврнува околу 562 мм дожд, во планинскиот дел околу 1292 мм. Најмалку врнежи паѓаат во месеците Август и Септември, во котлините просечно по 22 мм а на високите места 54 мм. Најмногу врнеши паѓаат во месец Ноември, во котлините 66 мм и на високите места 171 мм. Според годишните времиња, најмногу врнежи има зимските месеци со 157 мм, пролет и есен со 150 мм, најмалку врнежи има налето 106 мм. Снежните врнежи како и дождот, повеке се застапени на високите планински подрачја. Во рамничарскиот дел, средногодишната вредност во периодот Ноември-Март е 13,1 ден со снег.

Најмногу врнежи од снег во рамничарскиот дел има во месец Јануари,просечно просечно 4,6 дена, најмалку во ноември 0,2 дена. Во високите подрачја од општината снежниот покрив трае подолго и има далеку поголем број на денови под снег.

Средногодишната влажност на воздухот изнесува 72%. Во топлите летни месеци влажноста на воздухот е околу 60%, во зимските месеци Ноември-Февруари се движи од 80-85%.Појавувањето на магла и слана во регионот на општината е во ист период од годината од Октомври – Април, со просечни 11,3 дена со магла и 10,3 дена со слана. Благодарение на заемното дејство на главните климатски фактори: високите температури, мали и нерамномерно распоредени врнежи во годината, ветрови со голема честина и прилична брзина и факторот суша овде е мошне присутен. Сушата особено е потенцирана во средината и при крајот на вегетацискиот период Јуни-Септември.

**2.Процена на загрозеност на подрачјето од снег и снежни намети**

Снежните намети и луњите, како природни метеролошки појави, во одредени периоди во годината, предизвикуваат различни пореметувања во секојдневното живеење на подрачјето на општината. Овие природни непогоди честопати предизвикуваат физичко оштетување на преносните електрични водови и мрежа, надземните ТТ водови, со што предизвикуваат времени прекини на нивната функција.

Според статистичките податоци за просечен број на денови со снежна покривка во низинскиот дел, општина Радовиш спаѓа во групата каде снежната покривка поголема од 1 см се движи до 10 дена во годината (Радовиш 13), додека во планинските области снежната покривка е поголема и се задржува многу повеќе време. Најмногу врнежи од снег има во месеците декември, јануари и февруари.

За општина Радовиш карактеристично е во време на снежни врнежи пропратени со многу ниски температури, да дојде до прекин или отежнато одвивање на сообраќајот на патните правци: М-4 Штип-Радовиш-Струмица, Радовиш-Конче, Радовиш - пл.Плачковица
со населените места Штурово,Козбунар и Смиланци. Иако во градот и голем дел од населените места, снежната покривка не се задржува подолг временски период, сепак има исклучоци кога после снежните врнежи доаѓа до појава на ниски температури честопати повеке од -5 степени, на локалните патишта и улици во градот и населените места се

појавува голомразица. Последици од ниските температури се: загрозеност од повреди на граѓаните при движење по заледените улици и тротоари, застој или отежнато одвивање на сообраќајот, отежнато снабдување на граѓаните со животни намирници, огрев, храна за стоката, штети во земјоделието, стопанството и др. Според податоците и сознанијата од изминатиот период на подрачјето на општината од снежни намети, смрзнат дожд и луњи најзагрозен е далноводот 110-ка ТС Дуброво,ТС Бучим и електричниот вод Радовиш-пл.Плачковица-Смиланци. На подрачјето на општината досега нема регистрирано појава на лавини.Луњите како природна појава обично се изразени во период од месеците Мај-Септември, во последните години ги има и во преостанатите месеци од годината. Оваа појава предизвикува штети во земјоделието и други стопански гранки.

**3.Заштита и спасување од снег и снежни намети**

Превентивни мерки за заштита и спасување од снег и снежни намети:

-Обезбедување на потребни материјални ресурси (сол и ризла )

- Обезбедување на потребни персонални ресурси (контролори за зимско одржување)

-Организирање и спроведување едукација, обука и вежби на просторните сили за заштита и спасување (доколку се ставени во функција)

-Склучување на договори утврдени со Закон за расчистување на последици од природни непогоди и други несреќи

- План за зимско одржување на улици и локални патишта во општина Радовиш

Оперативни мерки за заштита и спасување од снег и снежни намети:

-Следење и известување за промените на количината на снегот и снежните намети

-Воспоставување и активирање на системот за врски

- Оперативно дејствување, чистење на снегот од локалните патишта, улиците, тротоарите и транспортирање

-Насочување и координирање на самозаштитните активности на населението

-Евакуација на населението и материјалните добра од загрозените подрачја

-Снабдување на загрозеното население

Носител на организацијата и активностите за спроведување на превентивните и оперативните мерки за заштита и спасување од снег и снежни намети е Општина Радовиш. Чистењето и одржувањето на локалната патна мрежа, при снежни намети е во надлежност на Секторот за урбанизам,комунални работи,заштита на животна средина и Локален економски развој при Општина Радовиш - Одделение за комунални дејности.

Зимското одржување се изведува по Развоен План за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во општина Радовиш за 2025, 2026 и 2027 година, со утврдени човечки и материјални ресурси, односно обезбедување на доволни количини на сол и ризла, контролори за извршување на расфрлањето на сол и ризла, во координација со ЈКП „Плаваја” како извршител на зимско одржување на патната инфраструктура во Општина Радовиш, по склучен Договор за одржување на улици и локални патишта во зимски услови.

Според добиени податоци од Секторот за урбанизам, за посипување на улиците за време на снежни намети, располагаме со 10 тони индустриска сол и 10 $м^3$ ризла и се очекува добивање на дополнителна количина на сол и ризла од над 20 тони.

Во случај на појава на екстремно ниски температури и снег, во санирањето на последици од состојбата, за соработка при справување со ризици од настанување на природни несреќи и катастрофи на подрачјето на општината и граѓаните според Законот за заштита

и спасување, освен со ЈКП „Плаваја”, се склучува едногодишен договор со рудникот „Бучим “ Радовиш за вклучување на нивни ресурси.
Приоритет во отстранувањето на последиците од снегот и снежните намети ќе имаат отсечените населени места. Во градот и населените места ке се обезбедат минимално потребни услови за одвивање на секаков вид на сообраќај по главните улици
(Прилог: карта на улична мрежа на Радовиш).
Во време на снег и снежни намети дел од улиците: бул.А.Македонски - Илија Алексов и Калаузлиска ги одржува Македонија пат, како делови од регионални патни правци.
За минимум функционирање на сообраќајот во градот за време на зимски услови, приоритет на чистење имаат секогаш главните улици: Кеј 8 Септември, 22 ри Октомври, Плачковица, Гоце Делчев, Партизанска, Први Мај,Илинденска, Св. Спасо Радовишки, Блаже Конески и преостанатите делови на бул. А.Македонски и Илија Алексов.
Потоа ќе се чистат сите преостанати улици кои се поврзани со главните улици.
Според Законот за јавна чистота (Бр.111/08), граѓаните се должни сами да го отстранат снегот пред станбените и деловните објекти, во нивна сопственост.
Снабдувањето на загрозеното население со храна, огрев, вода за пиење, хигиенски средства, здравствена заштита ги обезбедува општината преку сопствени средства, хуманитарна помош ангажирана преку локалната организација на Црвен Крст.

-Расположиви ресурси за спречување и отстранување на последиците од снег и снежни намети

За спречување, намалување и отстранување на последиците од снег и снежни намети и секаков друг вид на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на општината, општина Радовиш врз основа на постоечката законска регулатива, презема низа мерки и активности: постојани контакти со Дирекцијата за заштита и спасување п.о. Радовиш, РЦУК Радовиш, МВР-ПС Радовиш, јавни претпријатија, приватни претпријатија и др.Расположиви човечки ресурси за интервенција за време на снег и снежни намети , со кој располага општина Радовиш се: 18 припадници на ТППЕ Радовиш и од ЈП Плаваја за расчистување на наноси и за поправка на водоводна и канализациона мрежа - 16 лица. Потенцијални и персонални ресурси претставуваат и лицата ангажирани за изведување на јавни работи од општината.

**Материјални ресурси кој можат да бидат вклучени во случај на снег и снежни намети се следните:**

**Општина Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони кипери/цистерни | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 1- Steed 6 Great Wall 1-Lada Niva | 2-Citroen C-Elysee | | | Автобус Yutong |

**ТППЕ Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони цистерни | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 1- Great Wall Steed 5<br>1-Ford Ranger | | 1- Противпожарно возило Scania Vabis 208 ico<br>2- Противпожарно возило Volvo<br>2- Противпожарно возило FAP 13/14 | | 2- Моторни пили<br>3-моторни пумпи 4-ПП гребули<br>11-Грбни прскалки<br>3- ПП гребла<br>5- Вила<br>1 - преносен ПП апарат S-250<br>3-Лопати и др. |

**ЈП „Плаваја„-Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони Цистерни/кипери | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 1- Lada Niva 4x4 | | 2 -Специјално возило - цистерна | 1- Булдожер TG 80 | 1-Потопна пумпа за испумпување вода |
| 2. | | 3- FIAT Doblo | 1 TAM 80T 50 E3.2 | 1 Ровокопач UNKNAUF 770 | |
| 3. | | 1 ТАМ патар | 2 –камион кипер MERCEDES 1213 од 4 $м^3$ | 1 - Ровокопач-Универзален JCB | |
| 4. | | 1-FIAT Ducato | 2 -Трактор IMT со циклон | | |
| 5. | | | 1-Трактор кипер со плуг за чистење на снег и соларка за посипување на сол | | |

**ДПТУ„Бучим” Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони, Цистерни/кипери | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | | 2- Комби TDCi Ford Tranzit 8+1 | 2- цистерни TA300 Terex 30 t | 1-ровокопач 3ЦХ, JCB | 1-агрегат 3,5 kw |
| 2. | | | | 2- товарно Daily C18 Iveco 3,44 t | 2- моторни пили STIHL |
| 3. | | | | 1-Булдожер Д9Т | |

Број 08-1587/2
Дата 24.12.2025 година
Радовиш

Совет на Општина Радовиш
Претседател
Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на елаборатот за процена на штети

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на елаборатот за процена на штети, бр.08-1588/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1588/2 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
за усвојување на елаборатот за процена на штети

член 1

Се усвојува Елаборатот за процена на штети од атмосферскинепогоди-мраз што ја зафати општина Радовиш на 9-април 2025 година бр.08-859/3 од 03.12.2025 година

Елаборатот е оставен дел од одлуката.

член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1588/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Одлука за утврдување на надоместок на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури- мраз

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за утврдување на надоместок на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури- мраз, бр.08-1589/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1589/2 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/2024) и член 21 од Статутот на Општина Радовиш, член 2 и 143 од законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21),

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**

за утврдување на надоместок на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури- мраз

Член1

Со оваа Одлука се утврдува надоместок за работата на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури- мраз, формирана со Решение бр.08-803/1 од 29.05.2025 година.

Член2

Надоместокот за извршената работа на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури- мраз се утврдува во износ од 30.000,00 денари по член.

Член3

Надоместокот од член 2 на оваа Одлука се однесува на извршената работа по предметите за утврдување и проценка на штети и ќе се исплати согласно важечките законски прописи и финансиските можности на институцијата.

Член 4

За спроведување на оваа Одлука се задолжува општинската администрација.

Член 5

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Радовиш“.

Број 08-1589/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е

за прогласување и објавување на измена и дополнување на Правилник за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од буџетот на општина радовиш за субвенционирање на физички лица – жители на општина радовиш за купен велосипед согласно програмата за локален економски развој

Ја прогласувам и објавувам измената и дополнувањето на Правилник за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од буџетот на општина радовиш за субвенционирање на физички лица – жители на општина радовиш за купен велосипед согласно програмата за локален економски развој, бр.08-1590/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1590/2 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 од Статутот наопштинаРадовиш, согласноПрограмата за Локален економски развој,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

**ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА П Р А В И Л Н И К ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА – ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА КУПЕН ВЕЛОСИПЕД СОГЛАСНО ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член1**

Со овој Правилник се пропишуваат условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства, со намена за субвенционирање на дел од трошоците на физички лица–жители на општина Радовиш направени за купен велосипед.

**Член2**

Право на користење на финансиски средства од Буџетот на ОпштинаРадовиш, согласно овој Правилник имаат жителите на Општина Радовиш кои ќе набават-купат велосипед од минимум **20” (Инчи)** од денот на објавување на јавниот повик до денот на завршување на повикот и ќе поднесат барање за надоместување на дел од трошоците за набавка на велосипед.

**Член3**

Износот на субвенцијата за набавка/купување на велосипед се утврдува по предлог на Градоначалникот на Општина Радовиш а со Одлука на Советот на Општина Радовиш за секоја година посебно.

Финансиските средства за субвенционирање на физичките лица, жители на Општина Радовиш, утврдени со Одлука на Советот се доделуваат до целосно исцрпување на истите од Буџетот на општината определени за таа намена.

## II. ЈАВЕН ПОВИК

**Член4**

Со цел да се реализира донесената Одлука од Советот за доделување на поединечна субвенција на физичко лице – жител на општина Радовиш за купен велосипед и определување на максимален износ на истата, Општина Радовиш објавува јавен повик. Јавниот повик се објавува на официјалната веб страна на Општина Радовиш–www.radovis.gov.mk и огласна табла во управната зграда на Општина Радовиш.

Јавниот повик трае **90** дена од денот на објавувањето. Јавниот повик ќе се реализира по принципот **„прв дојден, прв услужен“**. Доколку средствата не се искористат во наведениот период, истите ќе бидат пренаменети за реализација на други проекти. Доколку предвидените средства се искористат пред истекот на рокот на јавниот повик предвиден во член 4 од овој правилник, јавниот повик ке биде прекинат со посебно известување објавено на официјалната веб страна на Општина Радовиш–www.radovis.gov.mk и огласна табла во управната зграда на Општина Радовиш.

## III.ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член5**

Право на субвенционирање на дел од средствата за купување на велосипед

имаат физички лица кои се жители на општина Радовиш и кои ги исполнуваат условите од овој Правилник.
На барателот ќе му се надоместат дел од трошоците направени при набавка на велосипед во висина од 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од износ определен со посебна одлука согласно член 3 од овој правилник.

## IV. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член6**

Физичкото лице/барател е должно да ги исполни следниве услови: -да е жител на општина Радовиш, -да нема добиено финансиски средства за набавка на велосипед од било кој извор во Република Северна Македонија (не го искористил правото на субвенционирање по овој основ),-велосипедот да го купил од денот на објавување до денот на завршување на јавниот повик.

**Член7**

Барателот е должен да ја поднесе следната документација за исполнување на услови за добивање на субвенција:
-Барање за субвенција (барањето може да се подигне во архивата на Општина Радовиш;
-Фотокопија од важечка лична карта на барателот, како доказ дека е жител на Општина Радовиш;
-Фотокопија од трансакциска сметка на барателот;
-Доказ дека е извршено купување на велосипед и тоа: фискална сметка во оригинал или фактура со извод од деловна банка, со датум од денот на објавувањето до денот на завршувањето на јавниот повик, односно до денот на исцрпување на средствата по овој основ,
-Изјава дека барателот нема искористено право на поврат на средства за набавка на велосипед на друг јавен повик од било кој извор во Република Северна Македонија и неотуѓување на велосипедот за две години.
-Изјава за користење на личните податоци

Едно физичко лице може да поднесе само едно барање за добивање на субвенција за еден велосипед.

**Член8**

За спроведување напостапката, Градоначалникот формира трочлена Комисија за спроведување на постапка за субвенционирање на физички лица за купен велосипед, составена од претседател и 2 члена и **со нивни заменици**.

**Член9**

Барањата за надоместување на дел од трошоците за купен велосипед, заедно со потребната документација се поднесуваат до Комисијата во архивата на Општина Радовиш на адреса: бул.„АлександарМакедонски“ бб Радовиш, секој работен ден од 07.30 до 15.30 часот, возатворен плик.
На пликот треба да е наведено: **"Јавен повик за надоместување на дел од трошоците на физички лица за купување велосипед".**
Архивата на Општина Радовиш примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута),заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

**Член10**

По објавувње на јавниот повик, Претседателот на комисијата свикува состаноци согласно динамиката на пристигнување на барањата, се до негово завршување односно до исцрпување на средствата од буџетот предвидени за оваа намена.
Право на поднесување на барање немаат вработените во ЕЛС општина Радовиш и нивното потесно семејство (лица во брачна заедница и нивните деца)
На состаноците се разгледуваат пристигнатите барања, се води евиденција за секој состанок се води записник.

Доколку се утврди дека се исцрпени предвидените финансиски средства пред официјалниот истек на јавниот повик, комисијата се задолжува да ја информира јавноста на својата вебстрана и огласна табла дека повикот се прекинува и нема да се примаат повеке барања за тој повик истиот ден најдоцна до15:30 часот кога ќе утврди дека предвидените финансиски средства се исцрпени, при што повикот се прекинува и нема да се примат повеќе барања за тој повик.

**Член 11**

Средствата предвидени во Буџетот за оваа намена, ќе ги доделува Градоначалникот на Општина Радовиш. За секоја доставена уредна и комплетна документација, од страна на Градоначалникот на Општина Радовиш ќе биде донесено **Решение за субвенционирање на физички лица – жители на општина Радовиш за купен велосипед**. Барањето, еден примерок од Записникот од Комисијата и еден примерок од Решението за субвенционирање на физички лица – жители на општина Радовиш за купен велосипед се доставува до Одделението за финансиски прашања. По еден примерок од Решението за субвенционирање на физички лица – жители на општина Радовиш за купен велосипед се доставува и до барателот и до Архива на Општина Радовиш.

**Член 12**

Општина Радовиш преку Одделението за локален економски развој води евиденција на сите доставени барања од физички лица за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Радовиш согласно овој Правилник и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Општина Радовиш.

**Член 13**

Измената и дополнувањето на овој Правилник влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на на објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш".

Број 08-1590/1Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 од Статутот на општина Радовиш, ,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

**ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК**
**за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања за добивање на Субвенција на млади лица - жители на општина Радовиш, за полагање на возачки испит од Б категорија**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите под кои може да се поднесе Барање и критериумите, постапката и реализацијата на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на Субвенција на млади лица - жители на општина Радовиш за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија.

**Член 2**

Средствата за реализација на поднесените барања се планираат во Буџетот на Општина Радовиш на годишно ниво по претходно добиени податоци за запишани ученици во 3 и 4 година во средното општинско училиште и младите невработени лица со живеалиште во Радовиш до 26 годишна возраст од страна на СОУ Коста Сусинов Радовиш и АВРМ Радовиш, во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Радовиш и во Програмата за Локален економски развој година.

**Член 3**

Средствата предвидени во Буџетот на годишно ниво, за еднократна парична помош, за полагање на возачки испит од Б категорија, ќе се распределуваат на корисниците, баратели, според критериумот, да се редовни/вонредни ученици во III или IV година во СОУ „Коста Сусинов" или да се невработени млади лица до 26 годишна возраст, при што и двете наведени категории на млади лица да имаат регистрирано место на живеалиште и постојано престојувалиште на територија на Општина Радовиш.

Средствата предвидени во Буџетот на годишно ниво, за еднократна парична помош, за полагање на возачки испит од Б категорија, ќе се распределуваат и на корисниците, баратели, според критериумот, да се редовни/вонредни ученици во III или IV година во други средни училишта во Република Македонија и странство а кои се запишани на стручни насоки кои не постојат во СОУ „Коста Сусинов" а се со живеалиште и постојано престојувалиште на територија на Општина Радовиш.

Рокот за поднесување на Барање за исплата на средства согласно овој Правилник е во рамките на рокот даден при објавувањето на јавниот повик.

Учениците во III или IV година, СОУ „Коста Сусинов"„ приложуваат Потврда за редовен/вонреден ученик, издадена од СОУ „Коста Сусинов"„ кои издаваат потврда дека биле редовен/вонреден ученик во III или IV година во СОУ „Коста Сусинов".

Учениците во III или IV година, запишани во други средни училишта во Република Северна Македонија и странство„ приложуваат Потврда за редовен/вонреден ученик, издадена од средното училиште„ кое издава потврда дека биле редовен/вонреден ученик во III или IV година со наведување на стручната насока на која ученикот е запишан.

Младите невработени лица до 26 годишна возраст приложуваат потврда дека се невработени од АВРМ Радовиш.

Местото на живеалиште и постојано престојувалиште се докажува со приложување на копија од личен документ за идентификација и со Потврда издадена од Министерство за внатрешни работи дека родителите живеат и престојуваат на територија на Општина Радовиш.

**Член 4**

За секое младо лице - жител на општина Радовиш што ги исполнува критериумите според оваа програма, ќе се врши исплата на средства во определена висина утврдена со посебна одлука од страна на Советот на Општина Радовиш а по предлог на Градоначалникот на Општина Радовиш пред објавување на јавниот повик од потставка 464 990 – Други трансфери Програма А0 Совет на Општина, во согласност со Програмата за Локален економски развој за тековната година.

Средствата ќе се исплатат по доставување на доказ за положен возачки испит – добиена Возачка дозвола во периодиот од 1 Јануари до 1 Декември. Доколку барателот не го положи возачкиот испит во тековната година и не поднесе доказ за положен возачки испит најдоцна до 1 декември, предвидените средства нема да му бидат исплатени.

**Член 5**

Подносителите на барање за добивање на Субвенција на млади лица - жители на општина Радовиш, за полагање на возачки испит од Б категорија се должни да приложат:

- фотокопија од лична карта на еден од родителите (барателот);
- фотокопија од трансакциска сметка на еден од родителите (барателот);
- Потврда од Автошкола, за упис на кандидат за возач на возило;
- Потврда издадена од Министерство за внатрешни работи, Оддел за граѓански работи, Сектор за управно надзорни работи, Отсек за управни работи, издадена врз основа на евиденција за живеалиште, престојувалиште и лични

карти дека родителите имаат пријавено адреса на живеење на територија на Општина Радовиш и дека истите немаат пријавено престој надвор од Општина Радовиш или надвор од Република Северна Македонија

- Потврда за редовен ученик од I до III или IV година, издадена од СОУ „Коста Сусинов" Радовиш, друго средно училиште во Република Македонија и Странство или Потврда за невработеност од АВРМ Радовиш.
- И З Ј А В А за согласност за користење на личните податоци.

**Член 6**

За спроведување на постапката, Градоначалникот формира Комисија за спроведување на постапката, составена од претседател и 2 члена и нивни заменици.

**Член 7**

Средствата предвидени во Буџетот за оваа намена, по утврдените критериуми ќе ги доделува Градоначалникот на Општина Радовиш.

По поднесените Барања, по истекот на рокот предвиден за поднесување на истите, се изготвува записник од Комисијата, формирана од страна на Градоначалникот, за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на Субвенција на млади лица - жители на општина Радовиш за полагање на возачки испит од Б категорија, во кој се констатира дали барателите ги исполнуваат критериумите за доделување.

Доколку барателот достави некомплетна документација, наведена во член 5 од овој Правилник, Комисијата од став 2 на овој член е должна да му достави известување на барателот и да го задолжи барателот во рок од 5 работни дена по приемот на известувањето да ги комплетира документите.

Доколку барателот не ги комплетира документите во рокот предвиден во став 3 од овој член, ќе се смета дека не ги исполнува условите за добивање на Субвенција на млади лица - жители на општина Радовиш за обука на теоретски и практичен дел за полагање на возачки испит од Б категорија и истиот ќе биде одбиен со Решение за недоделување на еднократна парична помош, по истекот на рокот за докомплетирање на барањето предвиден во став 3 од овој член.

Доколку барателот достави уредна и комплетна документација, од страна на Градоначалникот на Општина Радовиш, се донесува Решение за добивање на Субвенција на млади лица - жители на општина Радовиш за полагање на возачки испит од Б категорија.

Барањето, еден примерок од Записникот од Комисијата и еден примерок од Решението за добивање на Субвенција на млади лица - жители на општина Радовиш за полагање на возачки испит од Б категорија, се доставува до Сектор за финансиски прашања.

По еден примерок од Решението за добивање на Субвенција на млади лица - жители на општина Радовиш за полагање на возачки испит од Б категорија, се доставува до барателот и до архива на Општина Радовиш.

Средствата по барањето ќе се исплатат по доставување на доказ за положен возачки испит – добиена Возачка дозвола до комисијата при Општина Радовиш. Доколку барателот не го положи возачкиот испит во тековната година по поднесеното барање најдоцна до 1 Декември и не поднесе доказ за положен возачки испит најдоцна до 1 Декември, предвидените средства нема да му бидат исплатени.

**Член 8**

Измените на Правилникот влегуваат во сила и ќе се применуваат од 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Радовиш".

Број 08-1591/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на измена и дополнување на
Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања за добивање на Субвенција на млади лица - жители на општина Радовиш, за полагање на возачки испит од Б категорија

Ја прогласувам и објавувам измената и дополнувањето на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања за добивање на Субвенција на млади лица - жители на општина Радовиш, за полагање на возачки испит од Б категорија, бр.08-1591/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1591/2
Дата 24.12.2025 г.
Радовиш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување на Програма за Волонтерство во Општина Радовиш за 2026 година и Програма за Волонтерство во Општина Радовиш за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување на Програма за Волонтерство во Општина Радовиш за 2026 година бр.08-1592/1 и Програма за Волонтерство во Општина Радовиш за 2026 година, бр.08-1592/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1592/3
Дата 24.12.2025 г.
Радовиш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за Волонтерство во Општина Радовиш за 2026 година**

**1.**Со оваа Програма се уредува ангажирањето на волонтери, условите и начинот на вршење на волонтерските услуги, како и правата и обврските на волонтерите во Општина Радовиш, согласно Законот за волонтерство.

**2.**Согласно Законот за волонтерство, волонтер може да биде физичко лице со завршено најмалку IV степен образование кое на доброволна основа, без надоместок соодветно на неговото образование дава услуги, вештини и знаење во корист на локалната самоуправа.

**3.**Волонтерот за давање на услугите има право на надоместок за храна и трошоци за превоз за доаѓање и враќање, во висина до 15% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година, како и трошоците за службени патувања и трошоци за обука доколку се направени.

**4.**Општина Радовиш во текот на 2026 година планира да има потреба од ангажирање на волонтери:
-за проекти финансирани од Министерство за труд и социјална политика во соработка со локалната самоуправа;
–проекти,програми и акциони планови на општината кои ќе ги донесе и за нив одобри средства Советот на Општината;
–институции чиј основач е локалната самоуправа, а немаат можност сами да ангажираат волонтери за конкретна потреба;
-соработка и преземање на проектни задачи со невладин сектор;
Бројот на ангажираните лица ќе зависи од искажаната потреба.

**5.**Општина Радовиш со волонтерот ќе склучи договор врз чија основа ќе се врши евиденција на волонтерски стаж во волонтерска книшка.

**6.**За реализација на оваа програма се планирани и обезбедени финансиски средства во износ од 150.000,00 денари во буџетот на Општина Радовиш за 2026 година.

**7.**Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 01.01.2026 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Радовиш".

Број 08-1592/2 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

## О Д Л У К А
### за донесување на Програма за Волонтерство во Општина Радовиш за 2026 година

I. Се донесува Програма за Волонтерство во Општина Радовиш за 2025 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 01.01.2026 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Радовиш".

Број 08-1592/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

## Р Е Ш Е Н И Е
### за прогласување и објавување на Одлука за донесување на Програма за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2026 година и Програма за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување на Програма за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2026 година бр.08-1593/1 и Програма за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2026 година, бр.08-1593/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1593/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став1 точка 15 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш и член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21),

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за донесување на Програма за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2026 година

I.Се донесува Програма за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2026 година.

II.Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Радовиш“.

Број 08-1593/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.5/02), член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21)

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2026 година**

## I. Вовед.

Родовата рамноправност во Република Северна Македонија, е загарантирана со Уставот од 1991 година и како фундаментално човеково право претставува една од најважните цели и приоритети за државата. Покрај Уставот, родовата рамноправност е предвидена и регулирана и во други законски прописи и меѓународни договори кои претставуваат составен дел од нашиот правен поредок:

- Декларација за правата на човекот (1948 година);
- Меѓународна конвенција за политички права на жените – еднакви права за двата пола (1952 година);
- CEDEW Конвенција на ООН – Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жената (1979 година):
- Пекиншката декларација и платформата за акција – рамноправност, развој и мир (1995 година);
- Европската повелба за еднаквост помеѓу мажите и жените (2006 година).
- Член 9, Устав на Република Македонија/граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и ветрското уверување, имотната и општествената положба;
- Истамбулската конвенција - конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство,
- Закон за еднакви можности на жените и мажите – пречистен текст (“Службен Весник на РСМ” бр.201/2015);
- Закон за заштита од вознемирување на работно место (“Службен Весник на РСМ” бр./2013);
- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (“Службен Весник на РСМ” бр.24/2021);
- Закон за спречување и заштита од дискриминација (“Службен Весник на РСМ” бр.258/2020);
- Стратегија за родова еднаквост на РСМ

- Национален план за акција за родова рамноправност.

**Локален контекст**

Врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Радовиш, има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област, од општествениот живот. Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорират принципот на еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Стратегијата за родова еднаквост во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа. За остварување на оваа цел, општината, согласно одредбите од член 14 од овој закон, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото е должна да изработи годишна програма во која ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Оваа Програма е усогласена со националните законски и стратешки определби како и со стратешките определби на Општина Радовиш. Програмата произлегува од воочените проблеми со кои се соочуваат жените во Општина Радовиш како што се: семејното насилство, социјална исклученост на ранливите групи, недоволното учество на жените во процесите на одлучување на локално ниво, економско јакнење на жената, здравјето на жената и сл.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата за родовата рамноправност на жените и мажите на Општина Радовиш и работа на КЕМ за 2026 година се:

- Зајакнување на институционалните механизми за воведување на еднаквите можности на жените и мажите (ЕМЖМ) во приоритетните области во надлежност на Општината (социјална заштита, образование, култура, спорт и сл.).
- Промоција на родовата еднаквост како вредност, преку информативни кампањи, настани, манифестации и едукации.
- Поголема вкученост на жените во процесите на идентификување приоритети и одлучување во општината.

## III. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

1. Воведување на родов пристап во креирање локални политики
2. Човекови права и родова еднаквост
    - Родово базирано насилство
    - Економија

4. Институционален развој и организациско јакнење на Комисијата за еднакви можности во Општина Радовиш

**ДЕФИНИРАНИ ПРИОРИТЕТИ ЗА ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА**

| Р.бр. | Активности | Опис на активности | Време на реализација | Носители на реализација | БУЏЕТ | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Воведување на родов пристап во креирање на локални политики** | | | | | |
| 1 | Активирање на локалните административни единици (месни и урбани заедници), заради создавање на услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики | - Редовни информативно настани<br>- Формирање на локални женски јадра<br>- Подготовка и дистрибуција на печатени и електронски информации за актуелни процеси за креирање, имплементација на тековни локални настани, проекти, и политики<br>- Поднесување на приоритети од страна на жени | 2026 | КЕМ<br>Институции<br>НВО<br>донатори | 20.000 | Број на вклучени МЗ<br>Број на настани<br>Број на вклучени жени по настан<br>Број на поднесени приоритети<br>Број на усвоени приоритети |
| | | | | | | |
| | **Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство** | | | | | |
| 2 | Едукација на вработените во локалните институции за навремено препознавање на | Спроведување на истражување утврдување на компетентноста за препознавање на родово базирано насилство на кадрите од надлежните институции во Радовиш | 2026 | КЕМ<br>НВО<br>Донатори | 20.000 | -Број на спроведени истражувања<br>-Број на спроведени |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | формите на родово базирано насилство во Општина Радовиш, | -Подготовка на план за спроведување на едукација за кадрите од надлежните институции<br>-Избор место на одржување<br>-Техничка помош<br>-Избор на едукатор<br>-Спроведување на едукација /трибини, работилници/ | | | | обуки<br>-Број на вработените во локалните институции кои биле вклучени во едукативните настани |
| 3 | Организирање на трибини/ едукативни предавање за ученици за спречување на врсничко насилство (булинг),опасноста од насилството на интернет(сајбер насилство) и обуки за медиумска писменост | Трибини/предавања | 2026 | КЕМ<br>СОУ Коста Сусинов<br>Сите Основни училишта<br>Преставник од МВР<br>Центар за поддршка на жени | 30.000 | Број на обуки<br>Број на ученици кои учествувале во едукациски програми |

| Р.бр. | Активности | Опис на активности | Време на реализација | Носители на реализација | БУЏЕТ | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Економско јакнење на жената** | | | | | |
| 4 | Информативно-едукативна кампања за промоција на можностите за економска независност и зајакнување на жените преку намалување на стапката на невработеност кај жените | Отворени денови<br>Подготовка на промотивен материјал<br>Работилници | | КЕМ<br>АВРМ<br>НВО | 25.000 | Број на предавачи<br>Број на посетители<br>Број на промотивни материјали<br>Број на обуки и број на учесници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | за поголемо искористување на правата и можностите што ги нудат надлежните институции | | | | | |
| | **Институционален развој и организациско јакнење на Комисијата за еднакви можности во Општина Радовиш** | | | | | |
| 5 | Водење родово разделена статистика за вработените во општинските институции | Развиени модули за прибирање родово разделени податоци<br><br>Дата база на родово поделена статистика<br><br>Обуки спроведени за обработка на податоците | март-јуни<br><br>јуни-септември | КЕМ<br>Институции<br>НВО | 25.000 | Изработка на база за родова статистика<br>Број на собрани податоци<br>Број на обуки<br>Број на обучени лица |

**Вкупно: 120.000,00 денари (сто двесет илјади денари)**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од донации и средства од Буџетот на Општина Радовиш.

За активностите од областите, што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително во текот на 2023 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Радовиш.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Предлагач на Програмата е Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Радовиш.

Одговорни субјекти за имплементација на оперативниот план за 2025 година се Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Радовиш и координаторот за еднакви можности. Нивна обврска и одговорност е да креираат, иницираат и организираат реализација на политики, активности и проекти согласно Локалниот акционен план за родова рамноправност, да предлагаат усвојување и да ја менаџираат реализацијата на мерки кои ќе придонесат за унапредување на односите во оваа сфера.

VII. Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1593/2Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е

за прогласување и објавување на Одлука за донесување на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Радовиш за 2026 година и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Радовиш за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Радовиш за 2026 година бр.08-1594/1 и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Радовиш за 2026 година, бр.08-1594/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1594/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

О Д Л У К А

за донесување на Програма за спроведување на општите мерки за заштита

на населението од заразни болести на територијата
на општина Радовиш за 2026 година

I. Се донесува Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Радовиш за 2026 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1594/1Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Growing Дединец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**За спроведување на општите мерки за заштита**
**на населението од заразни болести на територијата**
**на општина Радовиш за 2026 година**

Со оваа програма се утврдуваат општите мерки кои општина Радовиш предвидува да ги преземе во 2026 година за заштита на населението од заразни болести.

Заради заштатита на населението од заразни болести кои се пренесуваат преку инсекти (комарци), општина Радовиш ќе врши превентивна дезинсекција на населените места и јавните површини на својата територија и тоа како ларвицидна така и адултицидна дезинсекција според акциониот план кој ќе биде прилог кон програмата, како и ќе презема мерки на запознавање на населението од опасностите од пренесување на заразните болести преку инсекти, со изработка и дистрибуција на информативен материјал.

Дезинсекцијата ќе се врши преку избран извршител по пат на јавна набавка кој општината ќе го избере сама или во соработка со другите општини од југоисточниот плански регион.

Заради заштита на населението од заразни болести предизвикани од глодари (стаорци), општина Радовиш ќе врши превентивна дератизација на главните канализациони шахти во градот и населените места, а по потреба и на други места доколку се појават други глодари кои претставуваат опасност од појава на преносливи болести.

Дератизацијата ќе се врши преку избран извршител по пат на јавна набавка кој општината ќе го избере сама или во соработка со другите општини од југоисточниот плански регион.

**За спроведување на оваа програма општината има предвидено средства во Буџетот за 2026 година во износ од 500.000,00 денари во Програмата за функционирање на администрацијата во општина Радовиш за 2026 година.**

# АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2026 ГОДИНА

| Ред. бр. | Мерки за заштита на населението | Временска рамка на преземени мерки | Субјект кој ќе ја спроведе мерката | Потребни средства во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Мапирање на површините на кои треба да се изврши дезинсекцијата и дератизација | Април | Општина Радовиш, заедно со ЗЗЗ, ЦУК и Друштво Лов и Траперство Готен-Радовиш | |
| 2. | Проценка на површините за дезинсекција и дератизација | Мај и Јуни | Општина Радовиш, ЦРЈИПР, заедно со МЗШВ, ЗЗЗ, ЦУК | |
| 3 | Проценка на типот на средства и трошоците за набавка на средства за дезинсенција и дератизација | Јуни | ЗЗЗ, општина Радовиш , ЦРЈИПР | |
| 4. | Јавна набавка на извршител за спроведување на дезинсекција и дератизација | Април | Општина Радовиш, ЦРЈИПР | |
| 5. | Спроведување на ларвицидна дезинсекција | Јуни-јули | Избран извршител | |
| 6. | Спроведување на дезинсенкција и дератизација (ларвицидна и адултицидна) | Јуни, јули, август и септември | Избран извршител | |
| 7. | Печатење на инфо-материјали, дистрибуција и медиумска кампања | Јуни, јули, август и септември | Општина Радовиш, ЗЗЗ, НВО и др. | |
| 8. | Извештај за спроведени активности | Јули, август, септември, октомври и декември | Избран извршител до општина Радовиш, ЦРЈИПР | |
| | | | Вкупно : | 500.000,00 |

Програмата влегува во сила од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Радовиш”.

Број 08-1594/2
Дата 24.12.2025 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Гоце Techedinec с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи и ревитализација по елиминирање на криза во 2026 година и Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи и ревитализација по елиминирање на криза во 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи и ревитализација по елиминирање на криза во 2026 година бр.08-1595/1 и Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи и ревитализација по елиминирање на криза во 2026 година, бр.08-1595/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1595/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ 5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш

Советот на Општина Радовиш на VII седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе:

О Д Л У К А
за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи и ревитализација по елиминирање на криза во 2026 година

I. Се донесува Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи и ревитализација по елиминирање на криза во 2026 година

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1595/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2024 г. Претседател
Радовиш Гоце Katединец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ 5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш

Советот на Општина Радовиш на VII седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Радовиш во областа на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи и ревитализација по елиминирање на криза во 2026 година**

## I. Вовед

Програмата за активности на Општина Радовиш во областа заштита и спасување, управување со кризни состојби, противпожарна заштита и одбрана, ги утврдува заедничките интереси и активностите кои претставуват активности од јавен интерес. Според законските одредби, Општина Радовиш во 2026 година овие активности ке ги остварува преку:

- Одговорни лица од општинската администрација
- Штаб за Заштита и спасување на Општина Радовиш
- Територијално противпожарна единица на Општина Радовиш која ја покрива и територијата на Општина Конче
- Комисија за процена на штети од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Радовиш
- Други институции во зависност од видот на активност за реализирање

## II. Цели програмата

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, пожари во населени места,во шуми,отворени простори и други опасности ;
- Заштита и спасување на луѓето,животната средина, материјалните добра,природни богатства, растителниот и животински свет и културни наследства од природни непогоди и други несреќи во мирновременски,вонредни,воени и други опасности ;
- Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштита и спасување на луѓето и материјалните добра ;
- Обезбедување на услови за навремено откривање и известување за опасност;
- Благовремено откривање и елиминирање на причините за настанувањето и ублажување,локализирање и елиминирање на опасност ;
- Ревитализација на општината по елиминирање на кризна состојба ;
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација,опременост и координација на силите за заштита и спасување за справување со опасностите од кои ќе биде зафатена општина во координација со надлежни институции .

## III. Активности

За реализирање,функционирање и остварување на основните цели на оваа Програма,активностите на Општина Радовиш и Советот ќе бидат насоченио кон создавање на максимални услови за реализирање во доменот на областа заштита и спасување на граѓаните од разни видови непогоди, разни појави и други несреќи во мирновременски услови. Во таа насока, активностите ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за навремена и во законски рамки реализиран активност кои ќе се остваруват преку :

- Ажурирање на податоци на Процена за загрозеност од опасност,Планот за заштита и спасување од природни непогоди,епидемии,епизотии,епитофити и други несреќи и Општинските оперативни

планови за заштита од пожар,снег и снежни немети, поплави и уривање на високи брани;

- Активности со Општински штаб за заштита и спасување ;
- Ревитализирање на општината по елиминирање на кризна состојба ;
- Ажурирање на список на лица во просторните сили за заштита и спасување и насоки кон нивно ревитализирање (во соработка со одде.за одбрана за град Радовиш на Министерство за Одбрана);
- Континуирано ажурирање и подготвување податоци за потребите од областа Одбрана
- Техничко опремување на ТППЕ Радовиш ;
- Обезбедување на обуки, учество во проектни активности и вежби на ТППЕ со цел подобра функционалност и подготвеност ;
- Подобрување на условите за работа на ТППЕ ;
- Одбележување на 20 Мај - Денот на пожарникарите, како поддршка на работата на ТППЕ ;
- Отстранување на последици од настанати природни непогоди (гасење пожари,расчистување на локални патишта,улици во случај на непроодност од снежни намети,одрони,наноси од поројни дождови и останати опасности) ;
- Заштита на граѓаните од појава на болести и штетници (дезинсекција и дератизација)
- Подигање на јавната свест на граѓаните преку информирање за заштита од пожари и поплави (известување преку веб портал и локален медиум)
- Континуирана соработка со надлежните институции во справување со опасности : Дирекција за заштита и спасување,Центар за управување со кризи, МВР, Црвен Крст, Министерство за Одбрана, Итна медицинска помош и други.
- Зајакнување и проширување на соработка преку меѓународната подршка во заеднички проекти во областа на заштита и спасување со други општини (држави).

## IV. Финансирање

Финансирањето на активностите од областа на заштита и спасување се реализира од:

- Средства од буџетот на РСМ
- Средства од буџетот на ЕЛС Општина Радовиш
- Наплатени премии за осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила
- Доброволни прилози и други вид средства од осигурители друштва, фондации, правни и физички лица,донации,наменети за унапредување на заштитата од природни непогоди

**Финансиски средства за 2026 година**

**Приходи за 2026**

| Ред. бр. | Приходи | Реализирано до ноември,2025 г. | Предвидено за реализација за 2026 г. |
|---|---|---|---|
| 1. | Наплатени премии од Каско осигурување | | 1.000.000,00 |

**Расходи за 2026 за потребите на ТППЕ Радовиш и останато во област Заштита и спасување**

| Ред. бр. | Планирани активности | Основен буџет на Општина Радовиш | Дотација од Министерство за Одбрана | Вкупно планирани средства |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Плати и надоместоци за пожарникари од Основен буџет | 10.000.000,00 | | 10.000.000,00 |
| 2. | Плати и надоместоци за пожарникари од Блок дотации | | 11.000.000,00 | 11.000.000,00 |
| 3. | Технички преглед и регистрација на моторни возила на ТППЕ | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| 4. | Гориво за возила | 250.000,00 | | 250.000,00 |
| 5. | Комуникациски услуги (телефон,интернет,радиофреквенција) | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 6. | Греење (пелети) | 150.000,00 | | 150.000,00 |
| 7. | Електрична енергија | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 8. | Средства за оперативни расходи за потребите на ТППЕ | 60.000,00 | | 60.000,00 |
| 9. | 20 Мај - Ден на пожарникарството (репрезентација) | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 10. | Колективно осигурување на пожарникари | 35.000,00 | | 35.000,00 |
| 11. | Набавка на комплет Изолационен апарат за дишење – Dräger | 695.000,00 | | 695.000,00 |
| 12. | Набавка и монтажа на мебел за ТППЕ – стара обврска од 2025 година | 300.000,00 | | 300.000,00 |
| 13. | Набавка,сервисирање на ПП апарати и хидранска мрежа во општински објект | 35.000,00 | | 35.000,00 |
| 14. | Средства наменети за ревитализација на општината по кризна состојба | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| | **Вкупно** | **11.805.000,00** | **11.000.000,00** | **22.805.000,00** |

ЕЛС Општина Радовиш, согласно општинските планови за заштита и спасување од природни појави и други несреќи, како носител на активностите за заштита и спасување на граѓаните на територија на општина Радовиш, од настанати природни непогоди, според законски надлежности должно презема мерки и активности за превентивно, оперативно и ревитализирачко дејствување врз состојбата на општината пред и после настаната кризна состојба.

Општината од превентивен аспект, преку апели во медиуми, активности во училиштата и месното население, врши информирање и предупредување за заштита од пожари и нивно спречување поради штетното дејство по животот на граѓаните и со вклучување во проекти наменети за заштита од пожари.
При појава на пожари во градот и општина Конче, Општина Радовиш односно ТППЕ е должна да изврши гасење и елиминирање на пожарното дејство во урбани средини и на отворен простор.

При шумски пожари, расчистувањето на земјиштето од опожарување, подготовка за пошумување и вршење на пошумување на земјиштето со расади после пожари е во надлежност на ЈП„Национални Шуми" подружница„Плачковица" Радовиш, додека други институции може да се вклучат во еко акции за пошумување. При пожари на објекти, ревитализација се врши од страна на сопствениците, додека останати институции може да пружат солидарна помош. Сите јавни претпријатија, трговски друштва, установи се должни да организират заштита и спасување на вработените и имотот со соодветни опертивни мерки.

Ревитализирањето на состојбата после снежни намети, општина Радовиш ја врши преку Развоен план за зимско одржување на улиците,тротоарите и локални патишта во општина Радовиш, по претходно склучен договор за зимско одржување со ЈП„Плаваја " Радовиш и обезбедена количина на сол и ризла за посипување на улиците и заштита од замрзнување со лица извршители / контролори. Санирањето на последиците треба да биде брзо и навремено особено од АД ЕВН и МЕПСО за настанати штети во електричната мрежа.

Санирањето на последици настанати од поплави и ревитализирање на состојбата, општината го врши преку интервентно расчистување на последици од непогоди, превентивно чистење на речните корита во урбан опфат, подигнување на обрамбени насипи, поправки на инфраструктурни делови и друго.
За таа цел, се врши склучување на договор за соработка со рудник „Бучим" од Радовиш, за справување со ризици од природни катастрофи во мир, вонредна и воена состојба и користење на нивни материјално-технички ресурси, ресурси од ЈП„Плаваја" Радовиш врз основа на Одлука за утврден ценовник за висина на надоместок за трошоци за услуги од механизација и човечки ресурси за спроведување на активности и користење на Програмата за уредување на градежно земјиште на општина Радовиш.

Во случај на земјотреси,одрони, лизгање на земјиштето и останати несреќи, општина Радовиш за заштита на граѓаните презема мерки и активности насочени кон санирање на последиците преку расположливи ресуси од ТППЕ, комунално претпријатие, Црвен Крст и останати институции, доколку истите се од поголеми размери, се бара помош и од републички сили, согласно оперативните планови.

**V. Завршни одредби**

Со спроведувањето на планираните активности, ќе се обезбеди непречено функциониорање на субјектите за заштита на граѓаните во услови на природни непогоди и други несреќи.
Спроведувањето на оваа програма е во надлежност на Градоначалник на Општина Радовиш со средства од буџетот на општината и евентуална можност за учество во меѓународни проекти со подготвена финансиска рамка од истите, користење на европски фондови и донации.
За одредени активности кои не се содржани во програмата, а кои Советот на предлог на Градоначалникот ќе процени дека по актуелност се од поширок јавен интерес, за истите ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на општината.
Општина Радовиш со Дирекција за заштита и спасување п.о.Радовиш,Центар за управување со кризи п.о.Радовиш, Министерство за Одбрана п.о.Радовиш, Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР и останати надлежни органи и тела, активно ќе учествува во следење и реализирање на оваа програма, со покренување на иницијативи, давање на мислења и предлози за остварување на програмските цели .

Програмата влегува во сила од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Радовиш”.

Број 08-1595/2 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2024 г. Претседател
Радовиш Гоце Рединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,
Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2026 година и Програма за активностите на Општина Радовиш од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2026 година бр.08-1596/1 и Програма за активностите на Општина Радовиш од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2026 година, бр.08-1596/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1596/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ 5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш ( Службен гласник бр. 05/02 ) ,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2026 година

I. Се донесува за активностите на Општина Радовиш од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2026 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1596/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Désinec с.р.

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 7 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21 и 294/21), чл. 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за активностите на општина Радовиш од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2026 година**

**I.Вовед**

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните со цел:

- промовирање и одржување на социјална сигурност на граѓаните;
- спречување на социјалната исклученост;
- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- зајакнување на капацитетот на граѓаните за водење на активен, независен и продуктивен живот.

Процесот на децентрализација во социјалната заштита во РСМ беше иницирана со донесувањето на Законот за локална самоуправа со кој општините, град Скопје и општините во град Скопје им беа доделени надлежности во областа на социјалната заштита.

Со Законот за социјална заштита од 2009 година се утврди обврската за општините да донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, во согласност со националните

стратешки правци за развој на социјалната заштита.

Остварување на социјалната, детска и здравствена заштита во општина Радовиш се заснова на Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година), Законот за изменување и дополнување на законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.07.2019 година), Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година), Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РМ, бр. 150 од 02.09.2015 година), Програмата за развој на заштитата на децата во Република Македонија (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година), Законот за финансирање на Единиците на Локалната самоуправа (Службен весник на РМ, 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр. 5 од 29.01.2002 година) и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија.

Единиците на локалната самоуправа согласно постоечкиот Закон за социјална заштита од 2019 година развиваат мерки и активности за социјалната заштита, и тоа:

- обезбедува спроведување на социјалната заштита согласно законската регулатива;
- утврдува и финансира други права и социјални услуги во областа на социјалната заштита во поголем обем;
- основаат јавни установи за социјална заштита;
- формираат Совет за социјална заштита;
- формираат Совет за социјална заштита на планскиот регион заради планираање и развој на мрежата на социјални услуги на планскиот регион;
- донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита;
- даваат финансиски средства за вршење работи од социјална заштита на здруженија, други правни и физички лица и склучуваат управни договори; и
- вршат други работи поврзани со социјалната заштита.

**II. Цел**

Основна цел на оваа Програма е развој на интегрален, транспарентен и одржлив и ефективен систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците кои живеат на територијата на општина Радовиш.

**III.Активности**

Активностите кои се превидени во Програмата за остварување на социјалната, детската и здравствената заштита во општина Радовиш за 2026 година ќе се однесуваат на:

-Доделување на еднократна парична помош

-Превентивна социјална и здравствена заштита

-Детска заштита

-Социјална заштита на стари лица

-Социјална заштита на лица со посебни потреби

-Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост

-Реализирање и поддршка на други и дополнителни (непланирани) активности, проекти и мерки

| Р.б. | Активност | Корисници | Планирани средства |
|---|---|---|---|
| 1. | **Еднократна парична помош на физички лица за:**<br>-Лекување со оперативен зафат надвор од државата<br>-Лекување надвор од државата<br>-Лекување со оперативен зафат во државата<br>-Лекување со соодветни испитувања<br>Исто така еднократна парична помош ќе се доделува на семејства настрадани од елементарни непогоди (пожари, поплави) во зависност од причинета штета е од две категории: прва и втора категорија како и на семејства кои не можат да обезбедат основни услови за живот.<br>*Овие средства ги доделува Градоначалникот за исклучителни, итни и неодложни случаи и Советот на Општина Радовиш по предлог на Комисијата за здравство и социјална заштита, Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој.* | Физ.лица | 500.000 ден. |
| 2. | **Организирање на стручни предавања заштита од употреба на дрога, алкохол, пушење и други болести на зависности.**<br>Во соработка со ЈУМЦСР, Црвен крст, ЈЗУ Здравствен дом Радовиш, Здруженија на граѓани во текот на 2026 година ќе се реализираат стручни предавања за заштита од употреба на дрога, алкохол, пушење и други болести на зависности. Исто така ќе биде организирана врсничка едукација во сите средни училишта за сексуално преносливи болести. | Установи, институции, Здр.на граѓани | 30.000 ден. |
| 3. | **Насилство врз жени и семејно насилство**<br>Во областа на семејното насилство Општина Радовиш во соработка со ЈУМЦСР и Здруженија на граѓани кои работат со жртви на семејно насилство и насилство врз жени, се планираат превентивни активности на појавата семејно насилство и насилство врз жените. Ќе се обезбеди поддршка на Здружение кое работи на полето на семејно насилство и родобазирано насилство за да се развие услугата на психосоцијално советување и поддршка на жртвите на семејно насилство. | Установи, институции, Здр.на граѓани | 50.000 ден. |
| 4. | **Проект на УСАИД за инклузија на Ромите**<br>Општина Радовиш склучи меморандум за соработка за спроведување на активностите предвидени со „Проект на УСАИД за инклузија на Ромите“ кој е финансиски поддржан од УСАИД, имплементиран од страна на Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико. Проектот има за цел да даде придонес кон унапредување на положбата на Ромската заедница и инклузија на Ромите на локално ниво. | Здруженија на граѓани | 30.000 ден. |
| 5. | **Надоместок за партиципација на деца од детските градинки и престој за деца со посебни потреби**<br>Остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се обезбедува за самохрани родители кои се корисници на | ЈОУДГ „Ацо Караманов“ | 50.000 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | гарантирана минимална помош како и родители на деца со посебни потреби кои се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка „Ацо Караманов“, | | |
| 6. | **Поддршка на пензионерски клубови**<br>За потребите на пензионерите, општината ќе даде логистичка поддршка за отварање на пензионерски клубови во населените места како и подобрување на условите за рекреација преку поставување на урбана опрема, хортикултурно уредување и сл. | Здруженија на граѓани | 50.000 ден. |
| 7. | **Поддршка на Дневен центар „Порака“**<br>Во текот на годината, Градоначалникот на Општина Радовиш традиционално ги посетува членовите на Дневниот центар за лица со интелектуална или телесна попреченост „Порака“ доделувајќи играчки, дидактички материјали, школски прибор, ортопедски помагала, техничка стока или средства, согласно нивните потреби. | Здруженија на граѓани | 100.000 ден. |
| 8. | **Проект за подобрување на социјални услуги преку Министерство за труд и социјална политика**<br>Преку проектот ќе се овозможи општините да аплицираат за грантови наменети за развој на социјални услуги во локалните заедници, вклучувајќи непосредна социјална услуга, помош на индивидуа или семејство, домашна нега, лична асистенција, дневна нега, привремена грижа, мали групни домови, дневни центри и услуги за живеење со поддршка и други иновативни услуги во заедницата. | Здруженија на граѓани, физ.лица | - |
| 9. | **Социјални пакети за социјално ранливи семејства и семејства со деца со попречености**<br>Општина Радовиш во соработка со Бизнис секторот ќе обезбеди социјални пакети за социјално ранливи семејства по повод нова година и божиќните празници. | Физ.лица | 150.000 ден. |
| 10. | **Програма Општинско-корисна работа – Проект „Социјални услуги по мерка на граѓаните“**<br>Програмата „Општинско-корисна работа“ (ОКР) е дел од Оперативниот план за услуги на пазарот за труд и активни програми и мерки за вработување. Општинско-корисна работа нуди можност за социјално вклучување на потешко вработливите категории на пазарот на трудот преку обезбедување на социјални услуги според потребите на жителите на општината. | Физ.лица | ЕЛС = 1.000.000 ден. |
| 11. | **Програма за работно ангажирање „Јавни работи“**<br>Општина Радовиш ќе аплицира на мерката Јавни работи која е дел од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, која се спроведува со Министерство за труд и социјална политика и АВРСМ а финансиран од Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ). Аплицирањето ќе биде за поддршка на лица даватели на услуги од социјално ранливи категории, активни баратели на работа кои ќе се ангажираат за период од 12 месеци | Физ.лица | 1.500.000 ден. |
| 12. | **Финансиска помош на слепи лица** | Физ.лица | 70.000 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Оваа финансиска помош се однесува на плаќање на дел од месечните сметки од ЈП „Плаваја“ за потрошена вода на слепите лица. | | |
| 13. | **Финансиска поддршка на здруженија на граѓани** од областа на социјалната, детската и здравствената заштита<br>Дел од активностите од областа на социјалната, детската и здравствената заштита кои ги спроведуваат здруженија на граѓани во општина Радовиш ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Радовиш за 2026 година. | Здруженија на граѓани, физ.лица | 500.000 ден. |
| 14. | **Финансиска поддршка** за обезбедување можности за еднаков пристап до квалитетно образование за децата со посебни образовни потреби и трошоци за ангажман на Логопед | Здруженија на граѓани, физ.лица | 300.000 ден. |
| 15. | **Субвенции за училишен прибор** во новата учебна 2026/27 година за ученици од социјално ранливи семејства во основното и средното образование во општина Радовиш | Физ.лица | 320.000 ден. |
| 16. | **Финансиска поддршка на ЈЗУ „Здравствен дом“ – Радовиш** за набавка на нов Апарат за Еходијагностика (ултразвук) за потребите за интернистичко одделение. | ЈЗУ „Здравствен дом“ | 600.000 ден. |
| | **Вкупно предвидени средства во програма =** | | **5,250,000 ден.** |

ЗАВРШЕН ДЕЛ

Градоначалникот на општина Радовиш го обезбедува спроведувањето на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита, го следи реализирањето, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели.

За остварување на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита во општината Радовиш за 2026 година ќе бидат користени средствата од:

-Буџетот на Општина Радовиш за 2025 година;

-Буџетот на Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија;

-УНДП;

-Претпријатија и трговски друштва, Фондации и други правни и физички лица;

-Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство;

-Други извори.

**За целосна имплементација на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита на општина Радовиш за 2026 година се потребни 5.250.000 денари**

Програмата влегува во сила од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Радовиш”.

Број 08-1596/2
Дата 24.12.2025 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на образованието во 2026 година и Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на образованието во 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на образованието во 2026 година бр.08-1597/1 и Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на образованието во 2026 година, бр.08-1597/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 23.12.2025 година.

Број 09-1597/3 Градоначалник
Дата 24.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ 5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш, на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година ја донесе следната :

ОДЛУКА
за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на образованието во 2026 година

I. Се донесува Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на образованието во 2026 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавење во „Службен гласник на Општина Радовиш,, .

Број 08-1597/1Совет на општина Радовиш
Дата 24.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ 5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на VII седница одржана на ден 23.12.2025 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА РАДОВИШ ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО 2026 год.**

**I.Вовед**

Образованието, како една од најсуштествените сфери во делот на школувањето и едукацијата на младите генерации во општина Радовиш е од витално значење за идниот развој на општина Радовиш. Со оваа Програма ќе се даде акцент на неколку важни сегменти во доменот на стимулирањето на успехот

на учениците, јакнењето на натпреварувачкиот дух помеѓу учениците, стимулирањето на талентите, саемската презентација на најуспешните постигнувања на учениците и јакнењето на мултиетничката интеграција во општинските училишта во општина Радовиш, но ќе се даде и преглед на приоритетнитите предлози за спроведувањето проекти во областа на на Образование во општина Радовиш.

**II. Цели**

Создавање на натпреварувачка атмосфера во училиштата со цел подигнување на нивото на просечниот успех на учениците во образовниот процес, како и стимулирање на талентираните ученици во сите сфери на науката, уметноста и спортот како и стимулирање на на наставниците, кои работат со талентираните ученици.

**III. Активности**

Главните активности ќе се однесуваат на :

**1.Стипендирање на ученици** во основните училишта и во средното училиште во општина Радовиш согласно Одлуката за доделување на стипендии на ученици во основното и во средното образование од општината Радовиш и Правилникот за доделување на стипендии на ученици во основното и во средното образование од општината Радовиш.

Согласно овие акти во општина Радовиш ќе се доделат вкупно 39 стипендии на ученици.

16 (шеснаесет) стипендии на талентирани ученици од VI до IX одделение, по 4 стипендии за секое одделение од VI до IX одд. во висина од 2.500 денари месечно , а се исплатува 9 (девет) месеци во годината.

13 (тринаесет) стипендии на талентирани ученици од I-IV година во средно образование од кои: 10 (десет) стипендии во прва година – по 2 (две) за ученици од сите 5 (пет) општински основни училишта и по 1 (една) за II, III и IV година, во висина од 3.000 денари месечно , а се исплатува 9 (девет) месеци во годината.

10 (десет) стипендии по основ на социјална положба, во износ од 3.000 ден.

**Вкупен износ на средства потребни за оваа активност = 1.100.000 ден**

**2. Наградување на талентирани ученици и ментори** во образовните установи во општина Радовиш.

За овој сегмент од програмата согласно новиот Правилник во општина Радовиш ќе се доделат еднократни награди за освоени први, втори и трети места на државни и меѓународни училишни натпревари на талентирани ученици и на нивните ментори од VI до IX одделение во основното и од I до IV година во средното образование.

**Вкупен износ на средства потребни за оваа активност = 300.000 ден.**

**3. Проект : МОЕ СРЕДНО УЧИЛИШТЕ – МОЈА ИДНИНА - Училишен научен саем за општински училишта во општина Радовиш**

Саемот се планира да се одржи на почетокот од Мај 2026 год. и содржи аспекти на кабинетско и штандовско изложување, сценска презентација на училишната лична карта и културно - уметничка програма. Училиштето ги изложува највредните проекти од сите предмети, вклучително и техниката со коишто постигнале успеси, или освоиле награди во тековната учебна година со целосна слобода во начинот и инвентивноста со која ќе ги уреди своите штандови. Исто така средното училипште

се преставува и со рекламно – пропаганден карактер како флаери, брошури и банери флери, со цел за максимално запознавање и анимирање на деветоделенците од општина Радовиш со можностите на средното образование и остручувањето во СОУ Коста Сусинов, како и со дуалните паралелки кои се органзиираат заради потребите на бизнис секторот.

**Вкупен износ на средства потребни за оваа активност = 100.000 ден.**

**4. Најдобар наставник**

По повод Денот на просветата и Светите браќа Кирил и Методиј - 24 Мај, општина Радовиш ќе додели годишни награди за најдобрите наставници од одделенска и предметна настава во основните училишта, најдобар наставник во нижите музички паралелки, најдобрите наставници од општите и стручните паралелки во средното училиште, како и награди за најдобри воспитувачи и негователки во детските градинки.

Вкупно ќе бидат доделени 15 (петнаесет) награди од кои: 11 (единаесет) во основните училишта, 2 (две) во средното училиште и 2 (две) награди во детската градинка.

Наградите од страна на општина Радовиш ќе се доделат на наставниците, коишто со својата работа допринеле кон остварување на одлични резултати на учениците, како и врвни резултати на општинските, регионалните, државните и меѓународните натпревари.

**Вкупен износ на средства потребни за оваа активност = 200.000 ден.**

**5. Матурска поддршка**

